**Прилог бр. 1 Годишни програми за работа**

Директорот е раководен и стручен орган на училиштето. Сите обврски како педагошки раководител, во текот на учебната година ќе ги остварува според сопствената Годишна програма за работа.

### *1.1 Годишна програма за работа на директорот на ООУ "Тихомир Милошевски" во учебната 2026/2027 година*

Образованието е најмоќното оружје кое што можеме да го искористиме за да го промениме светот. Менаџментот во образованието претставува процес на планирање, организирање, водење и контрола на финансиските, физичките, човечките и информационите ресусрси на образовната институција.

Севкупната работа на директорот ќе биде насочена кон органзирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно-образовната и стручната работа и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата. Поставените цели и задачи ќе ги остварува во согласност со законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година која ќе биде појдовна основа за успешна реализација на планирањата за оваа учебна година.

Раководењето на директорот за учебната 2026/2027 година ќе биде структурано во две основни групи:

*1.* ***Административно - организаторската работа*** опфаќа 30% од вкупната програма за работа на директорот, каде основни задачи се:

- распределба на наставни предмети и задолженија, слободните ученички активности, структурни подрачја од внатрешната организација на училиштето, работата на стручните активи, работните тела, комисии и слично;
- распределба на задолженија околу техничките и други подготовки за почеток на учебната година;
- организирање упис за учениците во I одделение;
- спроведување на куќниот ред во училиштето;
- свикување состаноци на Наставничкиот совет и раководење со него;
- правилен увид врз изработувањето на завршната пресметка.

| ***Содржина на работата*** | ***Соработници*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|
| Подготовка и одржување на седници на Наставничкиот и Одделенскиот совет. | Стручни соработници | континуирано во текот на учебната година |
| Учество во изготвувањето на распоредот на часовите | наставници | август |
| Истакнување и следење на спроведувањето на куќниот ред  во училиштето | секретар | континуирано |
| Организирање на уписот на децата во I одделение и нивен целосен опфат | Стручни соработници | мај |
| Распределба на задолженија околу техничките и други подготовки за успешен почеток на учебната година | секретар<br>наставници | август |
| Организирање на свечен прием на првоодделенците во Детската организација | наставници | октомври |
| Организирање и учество во одбележувањето на значајни датуми и прослави во училиштето | наставници | континуирано |
| Договор и изготвување на распоред за работа на слободните ученички активности, одделенските заедници | наставници | септември |

***2.Педагошко-инструктивната работа*** е многу значајно подрачје од работата на директорот и опфаќа 70% од неговата севкупна работа распоредена во следните подрачја:

- Концепциско-програмски работи;
- Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и другата стручно педагошка работа
- Работа со стручни органи и тела во училиштето;
- Аналитичко-студиска работа;
- Соработка со учениците и нивните организации и
- Соработка со локалната средина и родителите.

| ***Содржина на работата*** | ***Соработници*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|
| Изготвување Годишен план и програма за работата на училиштето  и програма за сопствената работа | Стручни соработници | јуни, јули |
| Увид  и давање упатство при водењето на педагошката евиденција и документација | Стручни соработници | континуирано |
| Увид во организационата поставеност на ученичките организации во училиштето | наставници | септември |
| Увид во е-дневник и главната книга | наставници | септември |
| Увид во планирањата и подготовките на наставниците за настава | Стручни соработници | октомври |
| Увид во часовите по дополнителната настава и слободните ученички активности | Стручни соработници | ноември |
| Учество на родителски средби во паралелките со послаб успех и поведение | наставници | континуирано |
| Увид во начинот на оценување на учениците и упатување на наставниците за правилно оценување | Стручни соработници | континуирано |
| Изготвување на тези за извештај за покажаниот успех на учениците на полугодие | Стручни соработници | јануари |
| Анализа на постигнатите резултати (успех на учениците) по секој класификационен период | Стручни соработници | ноември, јануари април и јуни |

| | | |
|---|---|---|
| Изготвување на извештај за работата на училиштето  во тековната учебна година | Стручни соработници | јуни |
| Увид и учество во организацијата и реализацијата на програмата за јавна и културна дејност во училиштето | наставници | континуирано |
| Увид во работата на Одделенските раководители и реализацијата на нивните програми | Стручни соработници | континуирано |
| Планирање на програмите за упатување на наставно - воспитниот кадар за стручно усовршување во училиштето  и надвор од него | Стручни соработници | август |
| Индивидуално стручно усовршување и учество на семинари советувања и други форми организирани од надворешни субјекти | | континуирано |
| Интерна процедура за следење на наставниот процес –посета на час заради подобрување на наставен процес | Стручни соработници наставници | I и II полугодие |
| Прифаќање на нови наставници и нивно воведување и запознавање со работата на училиштето  на сите нивоа | наставници | септември |
| Проучување и анализирање на покарактеристични проблеми на наставно - образовниот процес | Стручни соработници | континуирано |
| Извештај и анализа за согледувањата од извршените увиди на наставните часови, воннаставните активности и дополнителната настава | Стручни соработници | мај |
| Планирање и реализација на родителските средби и изготвување на извештаи и анализи по нивното одржување | наставници<br>Стручни соработници | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Свикување и учество во реализацијата на општите и поединечните (редовни и вонредни) родителски средби | наставници<br>Стручни соработници | септември и јануари |
| Следење, насочување и непосредно учество во реализацијата на индивидуалните и групни форми на советодавна работа со родителите и учениците | Стручни соработници | континуирано |
| Следење на наставни часови кај наставниците - увид во реализацијата на дадените наставни планови и програми и планирањата од наставниците | Стручни соработници | континуирано |
| Унапредување на работата со ученици со посебни потреби | директор<br>стручни соработници<br>наставници | континуирано |

***Директор: м-р Јулијана Максимовска***

### *1.2 Годишна програма за работа на педагогот на ООУ “Тихомир Милошевски” во учебната 2026/2027 година*

Програмата за работа на педагогот е изработена во согласност со Законот за Основно образование, како и според задачите предвидени со Наставниот план и програма за Основно образование, Статутот на училиштето, Наставните програми, Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2025/2026 год., Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 год.условите, потребите и состојбите на училиштето, како и според календарот за работа во учебната 2026/2027 год. Целта на оваа програма е преку примена на повеќе современи методи, средства и техники да се придонесе за остварување на предвидените цели и задачи во основното образование, кои се утврдени со Законот за основно образование.

| **1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ И ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Активности** | **Реализација** | **Соработка** | **Индикатори/докази** |
| Проценка на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем | учество во комисијата за запишување на ученици во училиште (прво одделение) спроведување на постапката за запишување на ученици | мај- јуни | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Документација по Процедура за запишување на ученици |
| Проценка на јазичните и математичките способности кај учениците во почетните одделенија | Дијагностичко испитување на подготвеноста за читање и читањето кај учениците во I/II одделение | септември | Наставници | Дијагностички тестови; Обработени резултати<br>Препораки за работа за наставниците и родителите; |
| Поддршка на сите ученици во учењето, а посебно на оние кои имаат тешкотии | Идентификување и поддршка за различните образовни потреби на учениците | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Разговори со наставници и родители;<br>Разговори и проценка на ученици;<br>Насоки за наставниците за работа со учениците;<br>Индивидуален образовен план. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Градење кај учениците високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето; | индивидуална и групна работа со учениците за учењето, успехот, системот на вредности | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Разговори и проценка на ученици; Препораки за ученици, наставници и родители; Разговори со родители; |
| Подобрување на мотивираноста за учење кај учениците | Непосредна поддршка на учениците во учењето: „Подобрување на мотивацијата за учење". | цела учебна година | Психолог, Спец.едукатор и рехабилитатор наставници | Разговори со ученици; Препораки за начинот на учење; Работилници. |

| СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Зголемување на самодовербата и самопочитувањето кај учениците | Вклучување на учениците во искажување на сопствено мислење и донесување одлуки за одредени активности во училиштето. | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Работилници; Записници од активностите на заедницата на ученици; Индивидуални разговори со ученици; Час на одделенската заедница; |
| Подобрување на системот за поддршка на учениците во училиштето | Информирање на учениците за можностите да добие поддршка од стручниот соработник | цела учебна година | Директор, наставници Специјален едукатор и рехабилитатор | Родителски средби; Час на одделенската заедница; Усно информирање; Веб страна; |
| Соодветно справување со лични кризни состојби на ученикот | Помош на ученици со емоционални проблеми | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | План за поддршка на ученици со емоционални проблеми; Разговори со ученици, наставници и родители; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Увид во причините за неуспехот и несоодветното однесување на учениците | Прибирање податоци за личниот и социјалниот развој на учениците;<br>Прибирање информации за учењето и однесувањето на учениците | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Набљудување,<br>Интервју,<br>Анкета,<br>фокус групи<br>протокол за следење на час, |
| Користење на соодветни стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците | Интервенирање при несоодветно однесување на ученици | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Дневник за работа, записници, |
| Подобрување на состојбата со статусот на учениците со посебни образовни потреби | Доставување барање за прецизирање на законските одредби во однос на првично идентификување и задолжително упатување на децата со посебни образовни потреби на Комисиско категоризирање видот на попреченост | октомври | Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор | Анализа на состојбата;<br>Барање |

| **ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Согледување на професионалната информираност и интересите на учениците | Испитување за информираноста и заинтересираноста на учениците за понатамошно образование;<br>испитување на професионалните интереси; | цела учебна година | Психолог,<br>Агенција за вработување | Анкета,<br>Резултати од анкетата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | синтетизирање и интерпретација на добиените податоци. | | | |
| Обезбедување на потребната информираност | Информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување Оганизирање презентации на средните училишта. | цела учебна година | Психолог, директор Специјален едукатор и рехабилитатор | Конкурс за запишување во средните училишта; Разговори, дискусии со ученици: Презентации од средни училишта Програма за професионална ориентација; Веб страни на училишта. |
| Правилно ориентирање согласно интересите, можностите и способностите на учениите. | Индивидуално и групно советување на ученици и родители за правилен избор на понатамошно образование. | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор | Разговори и дискусии со ученици и родители; Работилници; Родителски средби |

| **2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС** | | | | |
| **Цели** | **Активности** | **Реализација** | **Соработка** | **Индикатори/докази** |
| Запознавање со нови закони, правилници, упатства концепциски документи и слично. | Известување за новини во законите и наставните планови и програми | цела учебна година | Директор, Наставници | Стручен актив; наставнички совет; работилници; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Увид во начинот на планирање и реализација на наставата | - следење на наставата од различни аспекти: ИКТ во наставата, начинот на планирање, примена на нови програми | цела учебна година | Директор | Протокол за следење на час; Повратна информација (писмена или усна) на наставниците; Планирања за час и нивни корекции; |
| Земање во предвид на индив. карактер. и потреби на развојните периоди при планирање и реализ. на наст. | - учество во работата на тимот за изготвување на ИОП; | септември | Наставници | Листи за следење на ученици; Индивидуални образовни планови; Состаноци; |
| Подобрување на начинот на планирање на наставата | - давање насоки за успешно планирање на наставата - увид во планирањата за настава консултации со наставниците за подобрување на истите; | цела учебна година | Директор | Насоки за планирање на наставата; Листа за следење на планирањата; Насоки за подобрување; |
| Подобрување на начинот на планирање на одделенските часовите во паралелки со проблематични ученици | - давање на мислење, насоки и упатства за планирање на час во парaралелки со проблематични ученици | септември учебна година | Наставници Специјален едукатор и рехабилитатор | Работилници, Индивидуални консултации; Стручен актив; |
| Обезбедување на позитивната социо-емоционалната клима во училницата; | - набљудување на однесувањето на учениците од паралелката за време на настава и одмор - индивидуални консултации со наставници ) за создавање стимулативна средина за учење; | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор Директор | Разговори со наставници; Протоколи за следење; Повратни информации; Насоки за подобрување на социо-емоционалната клима во училницата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Подобрување на мотивацијата на учениците | - Презентирање на современи методи, техники и стратегии за реализација на наставата | октомври | Наставници Специјален едукатор и рехабилитатор | Стручен актив; индивидуални консултации; |

| ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Препознавање на потребите од учениците, почитување на личноста на секој ученик и идентификување и развивање на неговите јаки страни | Насоки за работа на наставниците со одделни групи и поединечни ученици (тешкотии во учењето, проблеми во развојот, болест, емоционални проблеми, надарени ученици и слично). | цела учебна година | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Психолог Наставници | Приоди во учењето; Мислења; Наоди; консултирање стручна литература;<br><br>Стручни активи; Примери; |
| - Подобрување на комуникацијата на наставникот со учениците | - Давање стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно; | цела учебна година | Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор | Индивидуални консултации; Советување; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Согледување на причините за несоодветно однесување, предлагање стратегии за надминување и следење на ефектите од превземените активности | - Помош на наставникот во справување со и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците. | цела учебна година | Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор | Индивидуални консултации; Советување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | | | |
| **ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО РОДИТЕЛИТЕ** | | | | |
| Поддршка на родителите од учениците со посебни образовни потреби | Информирање на родителите; насоки за комуникација и подршка во учењето со децата; | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Индивидуални разговори; Информации за соодветни институции; Упатување на родители |
| Поддршка на семејството во развојот и учењето на учениците | Информирање на родителите за учењето и однесувањето на ученикот Помош на родителите да препознаат како кризната ситуација во семејството е поврзана со учењето и развојот на учениците и ги советува како да реагираат во одредени ситуации; Работилници со родители за подобрување на мотивираноста за учење на нивните деца | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Родителски средби; Индивидуални средби; Советодавни разговори со родители; |

| ОБРАЗОВАНИЕ НА РОДИТЕЛИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање на родителите со работата на училиштето | Учество во изработката на брошура за работата на училиштето - информирање на родителите за услугите што училиштето и стручните соработници ги нудат за поддршка на учениците | септември | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор Директор, наставници | Брошура; веб страна; родителски средби; состаноци; работилници. |
| Развивање на вештини на родителите за поттикнување на развојот и учењето кај своите деца | Идентификување на потребите на родителите за едукација поврзана со нивната родителска улога; организирање на едукативни средби и/или работилници со родители: - мотивација за учење и развивање свест за значењето на учењето и - подобрување на дисциплината | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | Прашалници за родители; Разговори; Работилници; Состаноци. |
| **ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО** | | | | |
| Промовирање доверба и разбирање за градење на партнерства со семејствата; Мотивирање на родителите да се вклучат во активностите на училиштето; Развивање ефективна соработка со семејствата | Планирање и овозможување вклучување на родители во одделни сегменти од воспитнообразовниот процес (здравствена заштита, професионална ориентација, јавна и културна дејност, еколошки активности, меѓуетника интеграција.). | цела учебна година | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор Директор | Годишна програма за работа; Акциски планови; Покани; Соопштенија; |

| 4. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | | | | |
| **Цели** | **Активности** | **Реализација** | **Соработка** | **Индикатори/докази** |
| Промовирање соработка со локалната заедница; | - планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата; - презентирање и промовирање на работата на училиштето; - информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето. | цела учебна година | Директор, Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници | Годишна програма; Посети; Реализација на наставни и воннаставни активности; Веб страна; Преписки; Информации. |
| Успешна реализација на воннаставните активности | - учество во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница | цела учебна година | Директор, Општина, Наставници | Годишна програма; Приредби; Манифестации; Настани; |
| Рефлектирање на вредностите и културите во заедницата во сите аспекти на работата на училиштето | - насоки за реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование. | цела учебна година | Директор, Наставници | Насоки за планирање; Акциски планови; Следење на активностите; |
| | | | | |

| СОРАБОТКА СО СТРУЧНИ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Професионализација на сопствената работа | Идентификување релевантни институции за соработка во одделни подрачја; Консултирање институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители и за сопствената работа; -Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институциите за решавање на одреден проблем. | цела учебна година | | Разговори; Барања; Упатување; Преписки; Препораки; Мислења; |
| Доверба и почит во градење на партнерства со училиштата | - Соработка со училиштата од реонот и пошироко | цела учебна година | | Партнерства; Соработка; Заеднички активности; |
| Поддршка во работата | - Соработка со институции во рамките на Министерството за образование и наука: БРО, ДИЦ, ДПИ | цела учебна година | | Преписки; Барања; Разговори; Закони; Правилници; Насоки за работа; Апликации; |
| 5.ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА | | | | |
| ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ | | | | |

| Цели | Активности | Реализација | Соработка | Индикатори/докази |
|---|---|---|---|---|
| Унапредување за сопствената пракса; | - Внесување иновации во сопствената работа проценка на нивната ефективност; | цела учебна година | Здружение „Современ педагог“ Стручни активи и Тимови во училиштето | Компетенции и стандарди за педагог; Саморефлексија на сопствената работа; Личен план за професионален развој; Сертификати, Посетени и реализирани обуки; Досие на педагогот. |
| - Идентификување на потребите за личен професионален развој; | - Планирање, водење евиденција и докази за сопствениот професионален развој; | цела учебна година | Стручни активи и Тимови во училиштето | Компетенции и стандарди за педагог; Саморефлексија на сопствената работа; Личен план за професионален развој; Сертификати, Посетени и реализирани обуки; Досие на педагогот. |
| - Подобрување на сопствената пракса; | - Учество во различни форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето; - следење стручна литература и информации од значење за образованието и воспитувањето; | цела учебна година | Обучувачи, Фондации. | Обуки; Дисеминации; стручни книги и списанија; релевантни веб извори; |
| - Подобрување на соработката со другите стручни соработници | - учество во различни активности на професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми | цела учебна година | Стручни соработ. | Средби; Преписки; Разговори; Социјални мрежи, Форуми; Веб страни. |

| ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО УЧИЛИШТЕТО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Промовирање на професионални и колегијални односи; | - Учество во работата на тимот за професионален развој во училиштето; | цела учебна година | Наставници | Програма за професионален развој; Работилници; Обуки; |
| - Мотивирање на наставниците за професионално усовршување и создавање поттикнувачка средина во која сите учат | Информирање и дисеминација на стекнати знаења и вештини од посетувани обуки;<br>помош на стручните активи во подготовка и реализација на одделни содржини од нивната работа;<br>споделување стручни материјали со наставниците;<br>упатување на наставниците за користење различни ресурси за осовременување на наставниот процес; | цела учебна година | | Состаноци; Обуки; Работилници; Стручни материјали; Насоки; Препораки. |
| - Унапредување на професионалниот развој на наставниците во училиштето | Подготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците;<br>предлагање теми за обука во училиштето | јуни-август | | Прашалници; Анализа на професионалните потреби; Програма за професионален развој; |
| Успешна реализација на интерното стручно | Едукација на воспитно-образовниот кадар | цела учебна година | Психолог, | Предавања; Работилници; Состаноци; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| усовршување на наставниците | | | Специјален едукатор и рехабилитатор наставници | |
| Следење на професионалниот развој на наставниците | Водење документација за професионалниот развој на наставниците | цела учебна година | Психолог | Досие на наставникот; Следење на часови |

| 6.АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА НА ВОСПИТНО- ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | | | |
| **Цели** | **Активности** | **Реализација** | **Соработка** | **Индикатори/докази** |
| - Воспоставување систем за редовни анализи на одделни воспитно-образовни прашања во училиштето; | Изработка на инструменти за прибирање на податоци; анализа и извештаи за состојбите во различни области од воспитно-образовната работа; | цела учебна година | Директор, Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор | Протоколи; Евидентни листи; Обрасци; Прегледи,; Анализи (споредбени, трендови); Извештаи за успехот, поведението, редовноста, опфатот и напредувањето на учениците |
| Унапредување воспитно-образовниот процес | - Споделување/презентирање на добиените информации од проценката и анализата со/на вработените, родителите, заедницата, стручните органи тела, надлежните институции | цела учебна година | Директор, Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор | Состаноци; Известувања; Брошура; Веб страна. |

| ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ПРАКСА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Унапредување на воспитно-образовната работа базирана на истражувања и факти; | -Идентификување проблеми за чие решавање се потребни податоци добиени со истражување;<br>-Анализа и интерпретација на податоци од спроведени истражувања - давање предлози и сугестии за подобрување на праксата врз основа на сознанијата од истражувањата | цела учебна година | Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Прашалници;<br>Разговори;<br>Следење;<br>Анализа;; |
| - Успешно спроведување на акциски и други истражувања | -Истражување на прашања актуелни за училиштето:<br>Истражување, следење и предвидување на читачките способности на учениците во прво одделение;<br>Истражување и следење на читачките вештини на учениците од II-V одделение;<br>Истражување на немотивираноста на учениците за учење; | цела учебна година | Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Нацрти и планови за истражување;<br>методи и инструменти соодветни за проблемот кој што се истражува; интервјуа, анкетирања, тестирања на знаењата, систематски набљудувања; статистичка обработка и анализа на податоците; програми за статистичка обработка на податоци; извештај од спроведено истражување |

| 7. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПЛАНИРАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВАТА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА** | | | | |
| **Цели** | **Активности** | **Реализација** | **Соработка** | **Индикатори/докази** |
| - Унапредување на воспитно-образовниот процес | - Иницијативи за осовременување на воспитно-образовната работа; Учество во изработката на Год. програма за работа на учил; | цела учебна година | Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Приоритетни задачи; Годишна програма; Акциски планови; |
| - Систематичност и одговорност во работењето на училиштето | - Учество во организацијата на работата во училиштето | цела учебна година | Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Распоред; Календар; Распределба на учениците; Планирање и програмирање на воспитно - образовната работа; протоколи, формулари, соопштенија, службени покани, дописи |
| - Придонес во работата на стручните органи и тела | - Учество во работата на стручните органи и тела во училиштето | цела учебна година | Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Одделенски и наставнички совет;<br>Стручни активи; Совет на родители; Тимови за поддршка; Проектни тимови. |
| - Организираност и прегледност во работата | - Водење евиденција за работата со учениците и родителите; | цела учебна година | Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Евиденција на советодавни разговори; Дневник за работа на педагогот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Увид во водењето на педагошката евиденција и документација | - Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација и предалагање мерки за подобрување | цела учебна година | Директор, Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор | Листи за следење на планирањата; Насоки и упатства за подобрување; |

| УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Поттикнува соработка меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедина средина и позитивна клима; | - Учество во активностите за превенција на насилството во училиштето | цела учебна година | Директор, Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници | Процедура; Превентивни и интервентни активности; Работилници; Плакати; |
| - Создавање клима на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување | -Превенирање на случаи на дискриминација во училиштето; - Идентификување на случаите на дискриминација и нерамноправ-ност во училиштето и преземање соодветни мерки; - Сензибилизирање на наставниците и учениците за родова еднаквост. | цела учебна година | Директор, Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници | Системски мерки; Превентива; Советодавна работа; |
| - Подобрување на безбедноста на учениците во училиштето | - Идентификување на можните закани по безбедноста кои се | цела учебна година | Директор, Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор | Системски мерки; Превентива; Советодавна работа; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | специфични за училиштето и за конкретната популација во училиштето;<br>-Предлагање мерки за отстранување на можните закани по безбедноста на учениците<br>-Соодветна советодавна помош на учениците во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста | | Наставници | |
| - Поттикнување на чувството на одговорност и демократско учество на учениците во животот на училиштето | - Планирање и организирањеактивности за демократско учество на учениците во<br>животот на училиштето;<br>организирање и учество во работата на ученичката заедница;<br>- ограгизирање дебати, дискусии со учениците;<br>помагање на учениците во процесите<br>на информирање, формирање и искажување мислење,<br>донесување одлука и преземање соодветна акција, за нив релевантни прашања од животот во училиштето што се од нивен интерес. | цела учебна година | Наставници<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог, | Заедница на ученици; Програма заработа на Ученичкиот парламент; Дебати; Дискусии. |

## *1.3* Годишна програма за работата на психологот, стручен соработник-ментор
## За учебната 2026/2027 година
## ООУ “Тихомир Милошевски“

**Подрачје 1. Работа со ученици**

**1.1. Поддршка на учениците во учењето**

| Цел / Компетенција | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење и поддршка на учениците кои покажуваат потешкотии во учењето | Идентификација на ученици со потешкотии преку разговори, увид во успех, консултации со наставници и родители | Континуирано | Навремено препознаени ученици на кои им е потребна поддршка | Наставници, родители, педагог, дефектолог | Евиденција, записници, листи за следење |
| Планирање и реализација на индивидуална и групна поддршка | Советодавна работа со ученици, развој на стратегии за учење, организација на учење и мотивација | Континуирано Согласно програма за советување | Подобрени навики за учење и поголема самостојност | Ученици, родители, наставници | Записници, индивидуални планови, белешки |
| Следење на напредокот на учениците со потешкотии во учењето | Анализа на постигнувања, разговори со наставници и родители, следење на | Квартално | Подобрување на постигањата и ангажираноста | Наставници, родители | Анализи, извештаи, записници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | реализирани мерки | | | | |
| Поддршка на талентирани и надарени ученици | Идентификација, процена на потенцијали, индивидуални разговори, работилници за развој на таленти | Октомври-мај | Развиени потенцијали и мотивација кај талентираните ученици | Наставниц и, родители, стручни активи | План за работа, листи за следење, извештаи |
| Унапредување на практиките за поддршка на учењето во училиштето | Анализа на состојбите и давање препораки до наставници и стручни активи | Полугодишно | Подобрени механизми за поддршка на учениците | Наставничк и совет, стручни активи | Анализи, препораки, записници |

**1.2. Следење и поддршка на развојот на учениците**

| Цел / Компетенција | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење на психофизичкиот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците | Набљудување, разговори, психолошки процени и примена на соодветни инструменти | Континуирано | Навремено препознава ње на потребите на учениците | Наставници, родители, стручна служба | Психолошка документација, евиденција |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на адаптацијата на учениците | Следење на адаптација на ученици од I одделение и ученици при премин од V во VI одделение | Септември–Ноември | Полесна адаптација и намален стрес | Одделенски наставници, родители | Записници, анкети, извештаи |
| Поддршка на ученици со емоционални, социјални и бихејвиорални потешкотии | Индивидуални и групни советувања, изработка на планови за поддршка | Континуирано | Подобрување на социо-емоционалното функционирање | Родители, наставници, институции | Евиденција, планови, извештаи |
| Превенција на ризични облици на однесување | Работилници, предавања и кампањи за превенција на насилство, зависности, дискриминација и сајбер насилство | Според годишен план | Намалување на ризично однесување и зголемена информираност | Ученички парламент, наставници, родители | Извештаи, постери, презентации |
| Поддршка на инклузивниот процес | Следење на ученици со ПОП и советодавна работа | Согласно распоред за работа со ученици со ПОП | Подобра вклученост и напредок на учениците со ПОП | Ученици, родители | Записници, ИОП, извештаи |
| Развивање модели на добра практика во поддршка на учениците | Документирање и презентирање успешни пристапи и интервенции во работа со ученици | Во текот на годината | Споделени добри практики во училиштето | Стручни активи, наставнички совет | Презентации, извештаи, материјали |

**1.3. Професионална и кариерна ориентација на учениците**

| Компетенција Цел / | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на учениците во донесување информирани образовни и кариерни одлуки | Изработка и реализација на програма за професионална ориентација | Септември | Планирани активности за кариерен развој | Одделенски раководители, родители | Годишна програма |
| Испитување на професионалните интереси и способности на учениците | Примена на прашалници за професионални интереси (RIASEC) и индивидуални разговори | Јануари | Подобро познавање на личните потенцијали | Ученици, родители | Прашалници, извештаи |
| Информирање за можностите за средно образование | Презентации, информативни средби, организирани посети и средби со претставници од средни училишта | Март–Јуни | Реални и информирани избори на учениците | Средни училишта, родители | Програми, фотографии, извештаи |
| Советување на ученици и родители за избор на понатамошно образование | Индивидуални и групни советувања Изработка на флаер | Јануари-мај | Поддршка при изборот на образование и професија | Родители, ученици | Записници, евиденција |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење на кариерниот развој и образовните аспирации на учениците | Анкета, анализа и извештаи за образовните избори на учениците | Мај–Јуни | Податоци за планирање на идни активности | Ученици, родители | Анализи, извештаи |
| Развој и унапредување на практики за професионална ориентација | Изработка на инструменти, материјали и презентација на добри практики пред наставници и стручни активи | Во текот на годината | Унапреден и процедури за кариерно советување во училиштето | Наставници, одделенски раководители | Инструменти, презентации, материјали |

**Подрачје 2. Работа со наставници**

**2.1. Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата**

| Цел / Компетенција | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес | Консултации за примена на психолошки сознанија во наставата и индивидуализација на пристапот кон учениците | Континуирано | Подобро прилагодена настава кон потребите на учениците | Наставници, директор, педагог | Евиденција од консултации, записници |
| Поддршка на наставниците за следење на напредокот на учениците | Анализа на постигања, однесување и вклученост на учениците во наставниот процес | Квартално | Подобро следење на ученичкиот развој | Наставници, стручна служба | Анализи, извештаи, записници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во следење на квалитетот на наставата | Посета на часови со фокус на учење, мотивација, комуникација и вклученост на учениците | Октомври - март | Подобрени воспитно-образовни практики | Наставници, директор | Протоколи за посета на час, извештаи |
| Поддршка во процесите на самоевалуација и развојно планирање | Учество во подготовка на анализи, извештаи и развојни планови на училиштето | Мај | Унапредување на квалитетот на работата на училиштето | Тим за самоевалуација, директор | Извештаи, записници, акциски планови |
| Поддршка на наставниците при работа со ученици со различни образовни потреби | Консултации за адаптација на наставата и примена на соодветни стратегии | Континуирано | Подобрена инклузивна практика | Инклузивен тим, наставници | Записници, препораки |
| Развивање на култура на рефлексија и професионално учење | Индивидуални и групни консултации по реализирани активности и посети на часови | Континуирано | Зголемена професионална саморефлексија кај наставниците | Наставници | Белешки, извештаи |
| Споделување и промоција на добра практика | Презентација на успешни примери од работа со ученици, училишна клима и поддршка на учењето | Второ полугодие | Размена на професионални искуства во училиштето | Стручни активи, наставнички совет | Презентација, агенда, материјали |

**2.2. Поддршка на наставниците за работа со учениците и родителите**

| Цел / Компетенција | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на компетенциите на наставниците за работа со ученици | Консултации за справување со воспитни, емоционални и бихејвиорални потешкотии кај учениците | Континуирано | Наставниците посигурно постапуваат во сложени ситуации | Наставницист ручни соработници | Записници, евиденција |
| Поддршка во креирање позитивна и безбедна училишна клима | Заедничко планирање и реализација на превентивни активности и работилници | Континуирано | Подобрена комуникација и намалување на ризични однесувања | Наставници, ученички парламент | Извештаи, фотографии, материјали |
| Поддршка на наставниците во работа со родители | Консултации за подготовка и реализација на родителски средби, индивидуални разговори и советувања | Континуирано | Подобрена соработка со родителите | Наставници, родители | Записници, агенди |
| Поддршка при решавање конфликти и кризни ситуации | Тимска работа при интервенции, посредување и советување | По потреба | Навремено и соодветно постапување | Наставници, родители, институции | Евиденција, извештаи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на наставниците за препознавање и работа со ученици во ризик | Консултации и насоки за постапување со ученици со потешкотии, ризично однесување или емоционални проблеми | Континуирано | Рано препознавање и интервенција | Наставници, родители, институции | Планови за поддршка, записници |
| Поддршка на наставниците за работа со талентирани и надарени ученици | Консултации за идентификација, мотивација и следење на талентирани ученици | Октомври - мај | Подобра поддршка на ученичкиот потенцијал | Наставници, родители | Планови, евиденција |
| Јакнење на партнерскиот однос наставник–родител–ученик | Учество на состаноци, тимски средби и советодавни разговори | Континуирано | Подобрена комуникација и соработка | Родители, наставници | Записници, извештаи |
| Развој на ресурси и алатки за наставниците | Изработка и споделување насоки, протоколи, чек-листи или кратки прирачници за работа со ученици и родители | Во текот на годината | Унапредена практика на ниво на училиште | Наставници, Стручни соработници | Изработени материјали, презентации |

**Подрачје 3. Работа со родители**

**3.1. Индивидуални и групни советувања, консултации и едукација со родителите**

| Цел / Компетенција | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на родителите во следење на развојот и напредокот на нивните деца | Индивидуални советодавни разговори со родители за учење, однесување, социјален и емоционален развој | Континуирано | Подобрено разбирање на потребите на учениците и поголема родителска поддршка | Родители, наставници | Евиденција за советувања, записници |
| Поддршка на родители на ученици со потешкотии во учењето, однесувањето и адаптацијата | Консултации, заеднички состаноци и планирање мерки за поддршка | Согласно план за советување на родители / по потреба | Подобрена координација помеѓу домот и училиштето | Родители, наставници, инклузивен тим | Планови за поддршка, записници |
| Поддршка на родители на ученици со ПОП | Советување и информирање за развојните потреби и можностите за поддршка | Континуирано | Поголема вклученост на родителите во образовниот процес | Родители, инклузивен тим | Евиденција, извештаи |
| Поддршка на родители на талентирани и надарени ученици | Индивидуални консултации за препознавање и развој на потенцијалите | Континуирано | Подобра поддршка на ученичките способности | Родители, наставници | Записници, белешки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Едукација на родители за развојни и воспитни прашања | Реализација на предавања, трибини и работилници за теми од интерес (ментално здравје, дигитална безбедност, адолесценција, мотивација за учење и сл.) | Октомври, јануари, април | Зголемени родителски компетенции | Одделенски раководители, надворешни соработници | Програми, агенди, фотографии, извештаи |
| Советување согласно законските процедури | Реализација на советувања со родители согласно Законот за основно образование и интерните процедури | Годишен и месечен план | Подобрена соработка и преземање одговорност од страна на родителите | Родители, директор, педагог | Записници, службена документација |
| Развој и споделување модели за работа со родители | Подготовка на материјали, препораки и добри практики за работа со родители | Октомври, јануари, април | Унапредување на училишната практика за соработка со родители | Наставници, стручни соработници | Изработени материјали, презентации<br>Веб страна |

**3.2. Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето**

| Цел / Компетенција | Активности | Време на реализа ција | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Развивање партнерски односи помеѓу семејството и училиштето | Учество на родителски средби, состаноци и тематски работилници | Согласно календар за соработк а со родители | Подобрена комуникација и доверба меѓу родителите и училиштето | Родители, наставници | Записници, агенди, извештаи |
| Поттикнување активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес | Вклучување на родители во проекти, работилници, хуманитарни и едукативни активности | континуи рано | Зголемена родителска ангажираност | Родители, ученички парламент, наставници | Фотографии, извештаи, програми |
| Поддршка на работата на Советот на родители Промовирање на училишните вредности и демократско учество | Учество на состаноци, консултации и давање стручна поддршка Организирањ е форуми, дискусии и заеднички иницијативи со родители | Согласно календар от на училиште то | Подобрено учество на родителите во донесувањето одлуки Развиено чувство на припадност кон училиштето | Совет на родители, ученички парламент, директор | Записници, извештаи |
| Вклучување на родителите во превентивни и развојни | Учество во активности поврзани со превенција од | Континуи рано | Заедничко делување во интерес на учениците | Родители, наставници, стручна служба | Извештаи, листи на присуство |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| програми на училиштето | насилство, зависности, дискриминација, унапредување на ментално здравје и училишна клима | | | | |
| Следење на задоволството и потребите на родителите | Анкетирање, анализа и користење на добиените податоци за подобрување на соработката | Најмалку еднаш годишно | Подобрени механизми за комуникација со родителите | Родители, тим за самоевалуација | Анкети, анализи, извештаи<br>Самоевалуација на училиштето |
| Иницирање и координирање форми на партнерство родител–училиште | Развивање и промоција на успешни модели за родителска вклученост | Во текот на годината | Подигнато ниво на партнерска соработка во училиштето | Совет на родители, наставници, директор | Примери на добра практика, презентации, извештаи<br>Веб страна |

**Подрачје 4. Соработка со заедницата**

**4.1. Соработка со локалната заедница и стручните институции и организации**

| Цели (компетенции) | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Да воспоставува и одржува професионална соработка со институции значајни за развојот и заштитата на учениците | Континуирана комуникација и соработка со релевантни институции во зависност од потребите на учениците | Во текот на годината | Навремена поддршка на учениците и семејствата | Центар за социјална работа, здравствени установи, МВР, општина, граѓански организации | Записници, службени дописи, извештаи |
| Да посредува во обезбедување дополнителна поддршка за ученици во ризик | Упатување и следење на случаи кои бараат интерсекторска поддршка | По потреба | Подобрена поддршка за учениците и семејствата | Родители, институции, наставници | Евиденција за случаи, записници од состаноци |
| Да придонесува во развој на безбедна и поддржувачка средина | Учество во активности за превенција на насилство, зависности, дискриминација и ризични однесувања | Во текот на годината | Подобрена училишна клима и безбедност | Ученички парламент, локална самоуправа, МВР, | Извештаи, презентации, реализирани работилници |
| Да развива партнерски односи меѓу училиштето и локалната заедница | Учество во хуманитарни, еколошки и општествено-корисни акции | Во текот на годината | Зголемена социјална одговорност кај учениците | Локална заедница, родители, ученици | Извештаи, веб страна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да учествува во мултикултурни и интеркултурни активности | Координација и поддршка на активности од МИО и интеркултурни проекти | Согласно годишна програма | Развиена толеранција и почитување на различностите | Партнер училишта, СИТ тим | Извештаи, записи, продукти од ученици |
| Да учествува во професионални мрежи и размена на искуства | Учество во работни групи, стручни средби, конференции и обуки | Во текот на годината | Унапредени професионални компетенции | БРО, МОН, здруженија и организации | Сертификати, потврди, презентации |
| Да иницира и поддржува учество на училиштето во проекти | Вклучување во локални, национални и меѓународни проекти поврзани со благосостојбата и развојот на учениците | Во текот на годината | Подобрени можности за учениците и училиштето | Проектни партнери | Апликации, извештаи, |

**Подрачје 5: Професионален развој и професионална соработка**

**5.1. Личен професионален развој**

| Цели (компетенции) | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Континуирано ги унапредува сопствените професионални компетенции | Изработка на личен план за професионален развој врз основа на самопроцена и потребите на училиштето | Септември | Јасно дефинирани цели за професионален развој | Директор, тим за професионален развој | Личен план за професионален развој |
| Следи современи научни и стручни сознанија од областа на психологијата и образованието | Проучување стручна литература, истражувања и законска регулатива | Континуирано | Примена на современи пристапи во работата | Стручни здруженија, БРО | рефлексии, материјали |
| Учествува во организирани форми на стручно усовршување | Посета на акредитирани обуки, семинари, конференции и вебинари | Континуирано | Зајакнати професионални компетенции | БРО, МОН, стручни организации | Сертификати, потврди |
| Развива компетенции за менторска улога | Следење содржини поврзани со менторство, супервизија и | Континуирано | Подобрени менторски вештини | Стручни соработници ментори и советници | Сертификати, извештаи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | професионал на поддршка | | | | |
| Врши саморефлексија и евалуација на сопствената работа | Анализа на реализирани активности и идентификување области за подобрување | Полугодишно и годишно | Подобрување на квалитетот на работата | Директор | Самоевалуација, извештај програма |
| Развива истражувачки компетенции | Учество во истражувања и анализи поврзани со воспитно-образовната работа | Континуирано | Подобра заснованост на работата на податоци | Наставници, ученици, родители | Извештаи, анализи |
| Гради професионално портфолио | Систематизирање на реализирани активности, обуки и резултати | Континуирано | Подготвено професионално портфолио | Самостојно | Портфолио |

**5.2. Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето**

| Цели (компетенции) | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Активно учествува во професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар | Учество во работата на тимот за професионален развој | Континуирано | Подобро планиран професионален развој на училиштето | Тим за професионален развој | Записници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ги поддржува наставниците во унапредување на воспитно-образовната работа | Консултации со наставници за работа со ученици, однесување, мотивација и учење | Континуирано | Зајакнати компетенции на наставниците | Наставници | Евиденција за консултации |
| Споделува стручни знаења и добри практики | Реализација на интерни стручни предавања или работилници | Прво и второ полугодие | Подобрени професионални компетенции на колективот | Наставници, стручни соработници | Агенда, презентации, записници |
| Дава стручна поддршка на нововработени наставници и приправници | Менторска поддршка, консултации и насочување | По потреба | Полесна адаптација и професионален развој | Наставници, директор | Планови, евиденција |
| Учествува во развојни процеси на училиштето | Учество во изработка на програми, анализи, извештаи и развојни документи | Континуирано | Подобрено планирање и функционирање на училиштето | Директор, стручни тела | Изработени документи Годишна програма |
| Дисеминира знаења стекнати на обуки | Презентација на наученото пред колегите | По завршена обука | Пренесени нови знаења во училиштето | Наставници | Презентации, записници |
| Учествува во професионални мрежи и иницира нивна | Презентирање нови практики и модели | Континуирано | Унапредување на училишната практика | Стручни активи | Материјали, извештаи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| примена во училиштето | добиени преку стручни мрежи | | | | |
| Придонесува за развој на професионална култура во училиштето | Поттикнување меѓусебна поддршка, почитување и професионална комуникација | Континуирано | Подобрена организациска клима | Сите вработени | Извештаи, евалуации записници |

**Подрачје 6: Аналитичко-истражувачка работа**
**6.1. Анализа и проценка на воспитно-образовната работа**

| Цели (компетенции) | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Прибира, обработува и анализира податоци за воспитно-образовната работа | Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците по класификациони периоди | Квартално | Навремено согледување на состојбите и потребите | Директор, наставници, педагог Педагошка служба МОН | Анализи, извештаи, презентации |
| Учествува во проценка на квалитетот на воспитно-образовната работа | Анализа на постигањата на учениците и факторите кои влијаат врз нив | Континуирано | Предлози за подобрување на резултатите | Наставници, | Извештаи, записници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Следи појави значајни за училишната клима | Анализа на случаи на насилство, дисциплина и социјална интеграција | Полугодишно | Подобро планирање на превентивни активности | Ученички парламент | Анализа, препораки |
| Ги идентификува потребите на учениците, наставниците и родителите | Спроведување анкети и проценки на потребите | По потреба | Планирање активности и програми според реални потреби | Ученици, родители, наставници | Прашалници, анализи Самоевалуација |
| Учествува во самовреднување то и развојното планирање на училиштето | Изработка на анализи и извештаи за потребите на самоевалуација та | Според училишен план | Објективна проценка на работата на училиштето | Тим за самоевалуаци ја | Извештаи, записници |
| | | | | Директор, наставници | Предлог мерки, извештаи и програми |

**6.2. Истражување на воспитно-образовната работа**

| Цели (компетенции) | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Планира и реализира истражувања релевантни за работата на училиштето | Изработка на годишен план за истражувачка работа | Септември | Систематизиран пристап кон истражувањата | Директор, педагог | План за истражувачка работа |
| Истражува актуелни воспитно-образовни прашања | Спроведување акциско истражување за проблем или потреба во училиштето | Еднаш годишно | Податоци за унапредување на работата | Наставници, ученици | Извештај од истражување |
| Ги испитува ставовите и потребите на учениците | Анкета за училишна клима, благосостојба или безбедност | Еднаш годишно | Подобро планирање на активности | Ученици | Анализа и препораки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ги испитува ставовите на родителите | Истражување за соработка училиште – семејство | По потреба | Подобрување на комуникацијата со родителите | Родители | Прашалници, извештај |
| Ги испитува професионалните потреби на наставниците | Анкета за професионален развој и поддршка | јуни | Подобро планирање на обуки и план за професионален развој на училиштето | Наставници | Анализа, препораки<br>План за развој ан училиштето |
| Учествува во училишни и надворешни истражувачки проекти | Вклучување во проекти поврзани со ментално здравје, комуникација, насилство, благосостојба на учениците | Согласно можностите | Унапредување на практиката врз научни сознанија | Универзитети, институции, училишта | Потврди, извештаи, публикации |
| Ги презентира резултатите од истражувањата | Презентација на наоди пред наставнички совет | По завршување на истражувањето | Примена на добиените сознанија во практиката | Наставници, директор | Презентации, записници |
| Ги користи резултатите за развојно планирање | Вградување на препораките во училишни програми и планови | Континуирано | Истражувањата добиваат практична вредност | Стручни тимови и комисии | Програми, акциски планови |

**Подрачје 7**
**Училишна организација, структура и клима**
**7.1. Училишна структура и организација**

| **Цел (компетенција)** | **Активности** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** | **Соработка** | **Индикатори / Докази** |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во планирање и унапредување на воспитно-образовната работа | Учество во изработка на Годишната програма на училиштето, програмите за поддршка на учениците и развојните документи | Јуни | усогласени и функционални програми | Директор, наставници Тимови и комисии | Изработени програми, записници |
| Учество во работата на стручните органи и тела | Учество на Наставнички совет, Тим за професионален развој, Ученички парламент | Континуирано; | координирано функционирање на училиштето | Стручна служба, директор, наставници | Записници, извештаи |
| Поддршка во организацијата на воспитно-образовната работа | Следење на состојбите поврзани со успех, поведение, изостаноци и благосостојба на учениците | Континуирано; | навремено идентификувани ризици | Наставници, родители, директор | Анализи, евиденции, извештаи |

**7.2. Училишна клима, безбедна средина и демократско учество**

| Цел (компетенција) | Активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Соработка | Индикатори / Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Развивање позитивна училишна клима | Работилници за меѓусебно почитување, емпатија, прифаќање различности и ненасилна комуникација Социометриски постапки | Континуирано; | Подобрени односи меѓу учениците | Одделенски раководители, ученици | Работилници, извештаи |
| Поддршка на безбедна училишна средина | Реализација на активности од програмите за превенција на насилство, дискриминација и ризични однесувања | Континуирано; | Намалување на ризични ситуации | Тим за превенција од насилство Ученички парламент | Извештаи, евиденции |
| Јакнење на демократското учество на учениците | Поддршка на работата на Ученичкиот парламент и ученичките иницијативи | Континуирано; | Поголема вклученост на учениците | Ученички парламент, наставници | Записници, реализирани активности |
| Поттикнување на врсничка | Учество во хуманитарни, еколошки и | Континуирано; | Развиена социјална | Ученици, наставници, родители | документација, извештаи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| поддршка и хуманост | општествено корисни активности | | одговорност | | |
| Унапредување на безбедноста и подготвеноста за кризни ситуации | Учество во активности за самозаштита, психолошка поддршка и евакуациски вежби | Според програмата за заштита и спасување | Изграден и вештини во кризни ситуации | Тим за заштита и спасување | Записници, сценарија, извештаи |
| Следење на училишната клима | Спроведување анкети, разговори и анализи за благосостојбата на учениците | Еднаш годишно или по потреба; | Добиени податоци за планирање мерки | Ученици, наставници | Анализа, извештај |

**Психолог**
**Ирена Мирческа**

**1.4 Годишна програма за работа на библиотекар на ООУ “Тихомир Милошевски” во учебната 2026/2027 година**

| | Планирање и подготовка на планови за работа | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Содржини за работа** | **Време на реализација** | **Реализатори** | **Целна група** | **Очекувани резултати** |
| Изработка на сопствената Годишна програма за работа, | јули-август | Библиотекар | Локални авторитети | Изработена годишна програма |
| | **Подрачје 1: Работа со ученици** | | | |
| Поделба на бесплатни учебници | септември | Библиотекар Одделенски раководители | Ученици од I-IX одд. | Учениците се обезбедени со потребните учебници |
| Зачленување на нови читатели | цела учебна година | Библиотекар | Ученици и вработени | Поголем број на читатели |
| Создавање навики кај учениците за самостоен избор на книги и поттикнување на интерес за читање | цела учебна година | Библиотекар | Ученици | Учениците самостојно ги пронаоѓаат книгите |
| Внимателно чување, ракување и заштита на книгите | септември | Библиотекар | Во интерес на училиштето | Книгите се во добра состојба |
| Препораки за користење на речници, енциклопедии,лексикони | цела учебна година | Библиотекар | Ученици | Самостојно користење на овој вид литература |
| Чување на библ. фонд книги и списанија | цела учебна година | Библиотекар | Во интерес на училиштето | Библиотечниот фонд не се осипува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература, нагледни средства по однапред подготвена програма | цела учебна година по потреба | Библиотекар | Во интерес на училиштето | Набавка на нови книги и нагледни средства |
| Информирање за новонабавени и невратени книги | цела учебна година по потреба | Библиотекар | Ученици | Книжниот фонд се зголемува |
| Примање и делење на детскиот печат | цела учебна година | Библиотекар | Ученици | Достапност на детскteиот печат до ученици |
| Водење евиденција за издадени книги | цела учебна година | Библиотекар | Ученици и вработени | Точни податоци за издадени книги |

| **Подрачје 2 :  Работа со наставници** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Информирање на наставници за новите наслови релеватни за воспитно образовната работа | цела учебна година | Библиотекар | Наставници | Информирани наставници |
| Разгледува каталози, посетува саеми, книжарници | цела учебна година | Библиотекар | Наставници | Информирање и обезбедување на стручна литература |
| Избирање и набавување на нови изданија за библиотеката | цела учебна година | Библиотекар | Наставници | Обезбедување на стручна литература |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Помош на наставниците во наставата за развивање вештини за користење различни извори на информации | цела учебна година | Библиотекар | Наставници | Наставниците користат различни извори за добивање информации |

| Подрачје 3: Работа со родители | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индивидуално советување на родителите за правилен избор на литература и материјали за учење за нивното дете | цела учебна година | Библиотекар | Наставници | Насочени родители за правилен избор на литература и материјали за учење за децата |
| Вклучување на родителите во збогатување на фондот на библиотеката со книги, едукативни материјали и игри | цела учебна година | Библиотекар | Наставници | Богатење на библиотечниот фонд |
| Позајмување книги и друг материјал за учење на родителите | цела учебна година | Библиотекар | Наставници | Да се мотивираат родителите, а со тоа и децата за читање |

| Подрачје 4: Соработка со заедницата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со библиотеки од локалната заедница и пошироко | цела учебна година | Библиотекар | Локална заедница | Размена на искуства и материјали за работа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обезбедување материјали за потребите на училиштето од други библиотеки | цела учебна година | Библиотекар | Локална заедница | Размена на искуства и материјали за работа |
| **Подрачје 5: Професионален развој и професионална соработка** | | | | |
| Постојано подобрување на водењето и организацијата на библиотеката | цела учебна година | Библиотекар | Ученици, наставници, родители | Подобро водење и организација на библиотеката |
| Следење на стручна литература и информации од значење за образованието и воспитанието | цела учебна година | Библиотекар | Ученици, наставници, родители | Подобрување на воспитно-образовниот процес |
| Внесување на нови начини за работа со наставници и ученици | цела учебна година | Библиотекар | Ученици, наставници, родители | Подобрување на воспитно-образовниот процес |
| Планира и води евиденција за личниот професионален развој | цела учебна година | Библиотекар | Библиотекар | Професионално усовршување |
| Учество во различни активности на професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми со цел подобрување на сопствената работа | цела учебна година | Библиотекар | Библиотекар | Професионално усовршување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Селектирање и подредување на изготвените наставни ресурси, чување и нудење за користење | цела учебна година | Библиотекар | Ученици, наставници | Полесен и побрз пристап до наставните ресурси |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје 6: Аналитичко-истражувачка работа** | | | | |
| Учество во акциски истражувања во наставата | цела учебна година | Библиотекар Стручни соработници | Ученици наставници | Подобрување нма воспитно образовната пракса |
| **Подрачје 7: Училишна структура, организација и клима** | | | | |
| Упатување на учениците и вработените на ресурсите во библиотеката | цела учебна година | Библиотекар | Ученици наставници | Запознавање на вработените и ученици со ресурсите во библиотеката |
| Вклучување во активностите на училиштето | цела учебна година | Библиотекар | Ученици наставници | Подобра организација на училишните активности |
| Уредување на просторот на библиотеката така што ги претставува различностите и обезбедува физичка пристапност | цела учебна година | Библиотекар | Ученици наставници | Обезбедена физичка пристапност во библиотеката за сите корисници |
| Организација на материјалите според | цела учебна година | Библиотекар | Ученици наставници | Поедноставен пристап до потребните материјали |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| возраста, интересите и потребите на корисниците | | | | |
| Ставање печат на книгите, водење инвентарна книга и означување на библиотечниот фонд | цела учебна година | Библиотекар | Ученици наставници | Евиденција и ред на влез и излез на книгите |
| Информира и инсистира на почитување на правилата на однесување во библиотеката | цела учебна година | Библиотекар | Ученици наставници | Правилно однесување во библиотека |

***Библиотекар: Филип Цинцароски***

***1.5 Годишна програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор на ООУ "Тихомир Милошевски" во учебната 2026/2027 година***

| **Планирање и подготовка на планови и програми за работа** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Содржини за работа** | **Време на реализација** | **Реализатори и соработници** | **Целна група** | **Очекувани резултати** |
| Изработка на Годишен извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор за учебната 2025/26 год. | Јуни,Јули 2026 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Локални авторитети | Изработени годишни извештаи |
| Изработка на Годишен извештај за работата на Училишниот инклузивен тим за учебната 2025/26 год. | Јуни,Јули 2026 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Локални авторитети | Изработени годишни извештаи |
| Изработка на сопствена Годишна програма за работа | Јуни,Јули 2026 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Локални авторитети | Изработени годишни програми |
| Учество во изработка на Годишната програма на училиштето | Јуни, Јули 2026 | Стручни соработници Директор | Локални авторитети | Изработени годишни програми |
| Изготвување на годишна програма за работа на Инклузивниот тим | Јуни,Јули 2026 | Инклузивен тим | Ученици, наставници и локална средина | Изготвена програма за работа, поефективна Инклузија во училиштата |
| Акциски план за работа на УИТ | Август 2026 | Инклузивен тим | Локални авторитети | Изработен акциски план |
| **Подрачје 1: Работа со ученици** | | | | |
| Прием на првачиња, формирање на паралелки, прифаќање и распоредување на учениците со ПОП по паралелки | Јуни 2026 | Стручни соработници Директор Наставници Родители | ученици | Соодветно распределени ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опсервација на часови во паралелките со цел детектирање на ученици со ПОП | Септември-октомври 2026 | Наставници Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | Запознавање со потребите и можностите на учениците |
| Дефектолошка дијагностика на учениците со ПОП | Септември-октомври 2026 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | Проценка на индивидуални потенцијали на учениците |
| Реализирање на работилници со учениците за теми кои ќе произлезат од работата | Континуирано во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици | Стекнување на одредени вештини, знаења и способности за одредени теми. |
| Помош на ученикот кој се вклучува во редовното одделение за да се адаптира во средината | Септември-октомври 2026 | Наставници, Стручни соработници | Ученици со ПОП | Учениците ќе добиваат соодветна поддршка во периодот на адаптација |
| Подготовка на одделението за прифаќање на ученикот со ПОП | Септември-октомври 2026 | Наставници, стручни соработници | Ученици | Поддршка во периодот на адаптација на учениците |
| Поддршка во училницата на вклучениот ученик | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручни соработници | Ученици со ПОП | Учениците полесно ќе се вклучат во воспитнообра. процес |
| Водење досие за секој ученик | Континуирано | Наставници, стручни соработници | Ученици со ПОП | Евидентирање и следење на напредокот, постигнувањата и потешкотиите на учениците |
| Изработка на индивидуални образовни програми и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби (ПОП) | Септември 2026 | Наставници, стручни соработници | Ученици со ПОП | Изработени индивидуални и модифицирани програми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Користење на диференцијација и индивидуализација со цел да се обезбеди пристап до наставните содржини | Континуирано | Наставници, стручни соработници | Ученици | Подобар успех во усвојување на наставните содржини |
| Учество во вршење ревизии на ИОП | На крајот на секое тромесечие | Наставници, Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | Успешно ревидирани ИОПи |
| Утврдува потреба од дополнителни сервиси за поддршка | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | Успешно насочени ученици во соодветни институции |
| Индивидуално советување на учениците со ПОП за права на избор за понатамошно образование | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор Стручни соработници | Ученици со ПОП | Информирање на учениците за понатамошното образование |
| Следење, анализирање и евалуација на напредувањето на учениците со ПОП | Континуирано | Наставници, стручни соработници | Ученици со ПОП, наставници | Информирање за напредокот на учениците |
| Индивидуална работа со УПОП | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | Подобрен психо-моторен развој, подобар успех во усвојување на знаењата |
| Активности за одбележување на денови значајни за лицата со посебни потреби | Во текот на целата учебна година | Инклузивен тим, Специјален едукатор и рехабилитатор, директор ученици, родители | Ученици, родители, наставници | Подигнување на свеста за прифаќање и поддршка на лицата со посебни потреби |

| Подрачје 2: Работа со наставници | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество/ поддршка при изработка на ИОП за учениците | Септември 2026 | Специјален едукатор и рехабилитатор, наставници, Стручни соработници инклузивен тим | Наставници, УПОП | Изработени ИОП-и |
| Поддршка во идентификување и конкретизирање на целите и задачите кои треба да се постават во ИОП-от | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници, стручи соработници, инклузивен тим | Наставници, УПОП | Идентификување и конкретизирање на целите и задачите за ИОП-от (методи, техники за работа) |
| Поддршка и помош на наставниците за примена на индивидуализиран и диференциран пристап во работата | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор Стручни соработници, инклузивен тим | Наставници, УПОП | Примена на индивидуализиран и диференциран пристап во работата |
| Давање насоки (групни или индивидуални консултации) за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор Стручни соработници, инклузивен тим | Наставници | Евидентирање на постигнувањата на учениците со ПОП |
| Стручна помош на наставниците преку обуки за идентификување на учениците со ПОП и развивање стратегии за работа со нив | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор Стручни соработници, инклузивен тим | Наставници | Обучување на наставниците за работа на учениците со ПОП |
| Планирање стратегии за оценување на знаењето на учениците со ПОП | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор Стручни соработници, инклузивен тим | Наставници | Правилно оценување на учениците со ПОП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Состаноци со членовите на инклузивниот тим | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор Стручни соработници, инклузивен тим | Наставници, инклузивен тим | Подобра поддршка на наставниците и учениците со ПОП и поефективна инклузија во училницата |

| Подрачје 3: Работа со родители | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со родителите на учениците со посебни образовни потреби и давање помош за разбирање на состојбата на нивните деца и да им ја дадат потребната помош и поддршка | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор Стручни соработници, инклузивен тим, наставници | Родители | Успешна соработка со родителите на учениците со ПОП |
| Поттикнување и организирање присуството на родителите на учениците со ПОП во училиштето | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор, Стручни соработници, наставници, инклузивен тим | Родители | присуството на родителите на учениците со ПОП во училиштето |
| Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор, Стручни соработници, наставници, инклузивен тим | Родители | Информирани родители за напредокот на нивните деца |
| Обуки за родители на теми кои ќе произлезат од нивните потреби | По потреба | Специјален едукатор и рехабилитатор, Стручни соработници, наставници, инклузивен тим | Родители | Помош и поддршка на родителите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ги информира родителите на децата со ПОП за нивните права, обврски и бенифиции кои можат да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор, Стручни соработници, наставници, инклузивен тим | Родители | Информирани родители за правата и обврските на своите деца со ПОП |
| **Подрачје 4: Соработка со заедницата** | | | | |
| Соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците со ПОП | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор, Наставници, родители, ученици | Институции за рано откривање, дијагностика и третман на учениците со ПОП | Рана дијагностика и третман на учениците со ПОП |
| Соработка со стручните соработници во училиштата, надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни асоцијации и организации, невладиниот сектор,општината | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор, Наставници, родители, ученици | Локална заедница | Подобрување на вклучувањето на УПОП во локалната заедница |
| Консултативни разговори, помош и поддршна на асистентите на УПОП | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | Асистенти на УПОП | Подобрување на успехот на УПОП |
| Соработка со Основно училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремац“ | Континуирано | Тим за инклузија, директор | ученици, наставници, асистенти | подобрување на инклузивниот процес |
| Соработка со специјалните едукатори и рехабилитатори од Центарот за поддршка при ООУ„Д-р Златан Сремец“ | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | | Размена на информации и искуства во работата со учениците кои работат по модифицирана програма |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје 5: Професионален развој и професионална соработка** | | | | |
| Посета на обуки,конференции кои ќе бидат предвидени во текот на учебната 2026/2027 година | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор, | Специјален едукатор и рехабилитатор | Професионално усовршување |
| Вршење на дисеминации на стручни активи на предметна и одделенска настава на различни теми кои се поврзани со учениците со посебни образовни потреби | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор, наставници | Наставници | Обучување на наставниците за работа со учениците со ПОП |
| **Подрачје 6: Аналитичко- истражувачка работа** | | | | |
| Спроведува акциски истражувања за подобрување на инклузивната клима во училиштето и вклученоста на упоп во наставите и вонаставните содржини | По потреба | Специјален едукатор и рехабилитатор Стручни соработници | Ученици и наставници | Подобрување на воспитно образовната пракса |
| **Подрачје 7: Училишна структура ,организација и клима** | | | | |
| Водење сопствена евиденција и документација Водење досие за УПОП | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | УПОП | Евидентирање и следење на напредокот, потешкотиите и постигањата на учениците |
| Периодично ја следи изработката на евиденцијата и документацијата на учениците со ПОП | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | Наставници | Успешна инклузија на учениците со ПОП |
| Се грижи за соодветна вклученост на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници (Им помага на ученичките заедници да ги прифатат учениците со ПОП) | Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици | Прифатеност од останатите ученици и средината |

***Специјален едукатор и рехабилитатор: Вангелка Грујоска***

### *1.6 Годишна програма за работа на училишниот одбор на ООУ “Тихомир Милошевски” во учебната 2026/2027 година*

Училишнот одбор во ООУ,,Тихомир Милошевски,, работи во состав од 7 (едум) члена и тоа: тројца од вработените во училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, еден од единицата на локалната самоуправа.

Мандатот на членовите на УО е 3 (три) години, а мандатот на претставниците од родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете но не подолго од три години. Согласно Законот и Статутот на училиштето Училишнот одбор ги остварува следниве активности во текот на учебната година:

-донесува Статут на основното училиште;

-предлага Годишна програма и Извештај за работа на училиштето до Советот на општината - донесува Програма за развој на училиштето;

-предлага финансов план до општината;

-предлага завршна сметка до општината;

-објавува јавен оглас за избор на директор на училиштето;

-врши интервју со кандидатите за директор;

-предлага на градоначалникот на општината еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот оглас за избор на директор;

-дава мислење до директорот за избор на наставници и стручни соработници;

-одлучува по приговори и жалби на вработените, учениците и родителите;

-врши други работи определени со Статутот на училиштето.

| Време на реализација | Планирани активности |
|---|---|
| **Јули, Август, Септември** | Предлага до Советот на општината : Предлог Годишен извештај за работата на училиштето за 2025/2026 год., Предлог Годишна програма за работата на училиштето за 2026/2027 год.,Предлог Финансов план за 2027 год. Усвојување на извештаите од реализираните екскурзии, Разгледување на програма за организирање и изведување на екскурзии,излети и други слободни активности, Извештај од комисијата за избор на најповолни понуди за: превоз за вонnаставни активности,фотографирање и осигурување на учениците. |
| **Цела година** | Одлучува по приговори и жалби на вработените од училиштето Одлучува по жалби на ученици,родители односно старатели на ученици |
| **По потреба** | Дава мислења до Директорот за избор на наставниците,стручните соработници и воспитувачите |
| **Цела година** | Помош во реализација на различни проекти |
| **Цела година** | Разгледување на тековни прашања |
| **Јануари** | Предлага до Советот на општината Полугодишен извештај од работата на училиштето за 2026/2027 год. |
| **Февруари** | Предлага завршна сметка за работата на училиштето |
| **Јуни** | Анализа на успех,поведение и редовност на учениците на крајот на наставната година |
| **Цела година** | Разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето |

***1.7 Годишна програма за работа на советот на родители на ООУ "Тихомир Милошевски" во учебната 2026/2027 година***

Согласно Законот за основно образование во ООУ „Тихомир Милошевски" Скопје е формиран и работи Совет на родители составен од 18 член, кои се родители на учениците кои учат во училиштето.

Целта на работата на овој Совет на родители е да се обиде да ја воспостави врската помеѓу родителите и училиштето, што е пак многу значајно за правилното насочување на воспитно-образовниот процес.

Позначајни подрачја кои се во делокругот на работа на Советот на родителите се:

- Запознавање со програмата за работа на училиштето;
- Подготвеност на училишните објекти за изведување настава;
- Збогатување на соработката со наставниците;
- Превоз, исхрана, хигиенски услови и здравствена заштита на учениците;
- Вклучување на родителите во општествено-корисната работа во училиштето;
- Грижа и активности за обезбедување на материјална помош на училиштето преку спонзорства и лобирање во претпријатија.

Во текот на учебната 2026/2027 година Советот на родители ќе одржува состаноци секој месец (првиот четврток во месецот во 18:30 часот) кога ќе се изнесуваат предлозите на родителите за унапредување на воспитно-образовната работа и одржувањето на училиштето.

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Ресурси | Време | Очекувани ефекти и исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| Разгледување на предлогот на Годишната програма за работа на училиштето | Запознавање на Советот на родители со Годишна програма | Директор, наставници, родители | Годишна програма на училиштето за 2025/2026 | август | Да се запознаат со целокупната работа на училиштето |
| Избор на членови кои ќе учествуваат во работата на Комисиите на училиштето (сликање, ескурзии, настава во природа, и сл.), информирање и давање на мислења и предлози за подобрување на истите | Учество на родителите во работатат на Комисиите на училиштето. | Родители, Наставници | Наставници, родители | август | Транспарентност и квалитет |
| Разгледување на организациони прашања: подготвеност на објектите за одвивање на настава, обезбеденост со | Информирање и анализа на условите за работа | Директор Родители | Училишна зграда, наставници, извештај од | септември | Подготвеност за почеток на училишната година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| наставен кадар и обезбеденост со учебници. | | | комисија за учебници | | |
| Залагања за поголема активност на Еко-групата во училиштето и запознавање на родителите со ЕКО-Програма за 2026/2027 година. | Едукативно оспособување на најмалите за значењето на екологијата преку најразлични проекти. | Директор, Еко група од училиштето и родителите. | ЕКО-група од училиштето | септември | Преку постојани разговори, укажувања, убедувања да се развива АКТИВНА СВЕСНОСТ за значењето и важноста за здрава и чиста средина. |
| Запознавање на родителите со начинот на организирање на изборна, наставна и додатна настава и работата на секциите за 2026/2027 година. | Информирање и анализа на работите | Директор, наставници. | Наставници | септември | Подготвеност за работа на училиштето во слободни активности. |
| Планирање на активности од страна на Советот на родители со кој би се допринело во подобрување на квалитетот и стандардите каде учат децата | Акција за собирање на стара хартија | Директор, Родители, Ученици, Наставници | Директор, Родители, Ученици, Наставници. | септември | Едукативно оспособување на најмалите за значењето на екологијата |
| Запознавање со работата на психологот, педагогот и специјален едукатор и рехабилитаторот во училиштето, неговата улога и запознавање со програмата за работа во оваа учебна година и тежишните точки во истата | Да се запознаат со програмата за работа на психологот, педагогот и специјалниот едукатор и рехабилитатор во оваа учебна година | Психолог, Педагог, Специјален едукатор и рехабилитатор | Годишна програма на Психологот, педагогот и специјален едукатор и рехабилитатор | октомври | Да се информираат со програмата за работа на педагогот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Разгледување на потребата од превземање мерки за безбедност и заштита на учениците.<br>Предности и недостатоци од користењето на услугата на агенцијата за обезбедување | Потреба од обележување на сообраќајницата пред училиштето;<br>Потреба од ноќен надзор (физичко обезбедување) околу училиштето | Директор, Општина | Директор, Општина, Училишна зграда | октомври | Зголемување на безбедноста н учениците и заштита од несакани последици. |
| Залагање за развој на спортот во училиштето. | Збогатување на спортските активности и подобрување на квалитетот на наставата<br>со додатни помагала, организирање на натпревари и сл. | Директор, Наставник, донации | Директор, Наставник, Донации и училишна зграда. | октомври | Подобрување на квалитетот на наставата и поголема и помасовна вклученост на учениците во спортски активности. |
| Залагање за почиста околина околу училишната зграда | Подобрување на околината околу училишната зграда | Директор, Општина | Директор, Општина училишна зграда. | октомври | Почиста околина, заштита на учениците и подобрени стандарди на училиштето. |
| Залагање на одржување на едукативни предавања во соработка со полицијата за девијантни појави. | Запознавање на учениците од најмали нозе за негативните ефекти од девијантни појави. | Директор, Полиција | | октомври | Едуцирање на младите за штетноста од девијатно однесување. |
| Разгледување на редовноста на учениците и предлози за нивно подобрување. | Да се запознаат со поведението на учениците и да дадат | Директор, педагог, наставници, родители | Дневници, портфолија на ученици | ноември | Активно вклучување на родителите во подобрување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Извештај за постигањата на учениците по I тримесечие | предлози за нивно подобрување | | | | поведението на учениците |
| Залагање за развој на музичкиот наставен предмет во училиштето Развивање на филмската секција во училиштето | Организирање на секции, приредби, учество на натпреври | Директор, Наставник | Директор, Наставник, Донации | ноември | Подобрување на квалитетот на наставата и поголема и помасовна вклученост на учениците во музичките и активности. |
| Активно учество на родителите во активностите кој ги организира училиштето | Поголема соработка на родителите во слободните активностите на училиштето | Директор, Наставници, Родители | Директор, Наставници, Родители | ноември | Со вклученост на родителите во слободните активности на училштето се зголемува довербата меѓу наставник и родител. |
| Разгледување и давање помош на ученици кои наидуваат со проблеми во учењето, поведението и воспитанието | Да се дадат предлози за помош на послабите ученици | Наставници, педагог, родители | Дневници, портфолија на ученици | декември | Активно вклучување на родителите во подобрување на успехот на учениците |
| Активно учество на родителите во организирање на новогодишен хепениг | Да се вклучат родителите во слободните активност на училиштето, собирање на средства кој се наменуваат за подобрување на квалитетот на наставата во училиштето | Наставници, Директор, Родители | | декември | Преку заедничка соработка се зголемува довербата Наставникродител |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Презентација на Извештајот за работата на училиштето во I полугодие | Да се запознаат со работата на училиштето во првото полугодие | Директор, пописна комисија | Извештај од Наставнички совет и од Пописна комисија | февруари | Да се запознаат со работата на училиштето во првото полугодие |
| Тековни активности | Да се разрешуваат тековните проблеми | Директор, наставници, родители, ученици | Педагошка документација | февруари | Успешно решавање на проблемите |
| Вклучување на родителите во заедничките активности со училиштето | Развивање на Екопроектот; Одбележување на Патрониот празник на училиштето | Родители, директор, наставници | Поддршка на ЕКО-ПРОЕКТОТ (исполнување на еко стандардот, зелено знаме); Програма за одбележувањена Патрониот празник | март | Одбележување на Патрониот празник |
| Разгледување на извештајот за постигањата на учениците по III тримесечие | Да се запознаат со поведението на учениците и да дадат предлози за нивно подобрување | Директор, родители, наставници, педагог | Дневници | март | Активно вклучување на родителите во подобрување на поведението на учениците |
| Активно учество на родителите во организирање на велигденски хепениг | Да се вклучат родителите во слободните активност на училиштето, собирање на средства кој се наменуваат за подобрување на | Наставници, Директор, Родители | | март | Преку заедничка соработка се зголемува довербата Наставник-родител. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | квалитетот на наставата во училиштето | | | | |
| Помош при подоброто професионално ориентирање на учениците во IX одделение | Да се информираат со понудите од средните училишта на ниво на град Скопје | Директор, претставници од средни училишта | Флаери | април | Да се запознаат со можностите за упис во средните училишта и подобро професионално ориентирање |
| Иницијатива за организирање на завршна приредба | На достоинствен начин да се испратат учениците кој завршуваат еден циклус од својот живот, доделување на дипломи, награди и слично. | Наставници Директор Психолог | Дипломи за соодветни наградувања | април | Симболично да се заокружи еден циклус од животот на учениците, поделба на Дипломи, Признаници и сл. |
| Презентација на Годишниот извештај за работата на училиштето на крајот од учебната година | Информации за целокупната работа во учебната година | Директор, родители | Извештај за работа на крај од учебната година | мај | Да се информираат за работата на училиштето во учебната 2024/2025 година |
| Анализа на работата на Советот на родители за тековната година | Подобрување на работата на Советот на родители | Претставници во Советот на родители | Записници од одржани средби на Советот на родители | мај | Унапредување на работата на Советот на родители |

### *1.8 Годишна програма за работа на наставничкиот совет на ООУ “Тихомир Милошевски” во учебната 2026/2027 година*

***Наставничнкиот совет*** е највисок стручен орган во училиштето, а го сочинуваат сите наставници и професори кои изведуваат настава, директорот на училиштето и стручните работници. И оваа учебна година ќе остваруваат активности планирани и програмирани во сопствената Годишна програма за работа, врз основа на неговите определени надлежности со Законот и Статутот на училиштето.

| Време на реализација | Содржина на работа | Носител на активноста |
|---|---|---|
| јули, август, 2026 | Утврдување задолженија на наставниците за реализација на наставните предмети;<br>❖ Задолженија на наставниците во воннаставните активности и Распоредување на раководители на паралелки.<br>❖ Разгледување на Годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2025/2026 година<br>❖ Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година;<br>❖ Усвојување на распоредот на часови;<br>❖ Информација за водењето на педагошката евиденција и документација;<br>❖ Опфатеноста на учениците обврзници во редовната настава | директор<br>стручни соработници<br>наставници |
| октомври | ❖ Опфатеноста на учениците во слободните ученички активности<br>❖ Снабденост на учениците со учебници и други помагала | наставници<br>директор |
| ноември | ❖ Анализа на општиот успех во текот на I тромесечие од учебната година, дисциплината, редовноста и други пројавени проблеми; | директор<br>наставници |
| декември | ❖ Осврт за водењето на педагошката евиденција и документација | директор |

| | | |
|---|---|---|
| **Вторник** | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | **16** |
| **Среда** | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | **18** |
| **Четврток** | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | **17** |
| **Петок** | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | **16** |
| **Вкупно денови** | **21** | | | | | **20** | | | | | **21** | | | | | **21** | | | | | **83** |

| **Седмица** | **19** | **20** | **21** | **22** | **23** | **24** | **25** | **26** | **27** | **28** | **29** | **29** | **30** | **31** | **32** | **33** | **33** | **34** | **35** | **36** | **37** | **38** | **39** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2025/2026** | II полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Работни денови** | Јануари | | Февруари | | | | Март | | | | | Април | | | | | Мај | | | | | Јуни | | **Вкупно** |
| **Понеделник** | | 25 | 1 | 8 | 15 | 22 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | **18** |
| **Вторник** | | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | **19** |
| **Среда** | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | **21** |
| **Четврток** | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | **21** |
| **Петок** | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | | **19** |
| **Вкупно денови** | **8** | | **20** | | | | **22** | | | | | **21** | | | | | **19** | | | | | **8** | | **98** |

***За сите граѓани на РМ***
*8 Септември – Ден на независноста на РМ*
*11 Октомври - Ден на народното востание ( недела ) - неработен 12 Октомври  (понеделник)*
*23 Октомври - Ден на македонската Револуционерна Борба*
*8 Декември – Св. Климент Охридски*
*9 Март – Рамазан Бајрам*
*3 Мај – Втор ден Велигден*

***За граѓаните од православна вроисповест***
*19 Јануари – Богојавление (Водици)*
*30 Април– Велики Петок, петок пред Велигден*
*1 Мај– Ден на трудот*
*24 Мај – Св Кирил и Методиј*

***Прилог бр. 3. Поделба на одделенско раководство и часови на наставници***

| **Паралелки** | **Одделенски раководител** | **Паралелки** | **Одделенски раководител** |
|---|---|---|---|
| Ia | Јелена Василковска | VIa | Анета Божиновска |
| Iб | Емилија Цепевска | VIб | Гордана Менконоска |
| IIa | Валентина Грујоска | VIIa | Љубица Тримоска |
| IIб | Вера Костовска | VIIб | Тања Крстевска |
| IIIa | Марија Л. Ѓоргиевска | VIIIa | Анкица Спасова |
| IIIб | Даниела Сарафимова | VIIIб | Верче Маневска-Стефанова |
| IVa | Моника Илијевска | IXa | Силвана Савевска |
| IVб | Валентина Ампова | IXб | Јадранка Ѓеоргијева |
| Va | Валентина Василевска-Богоевска | Продолжен престој | Јагода Кузевска |
| Vб | Татјана Кондратјук | Продолжен престој | Кристина Ристовска |

## РАСПРЕДЕЛЕНИЕ НА ЧАСОВИ ПО ОДДЕЛЕНИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

| **Ред. број** | **Име и презиме на наставник** | **Наставен предмет** | **Одделенско раководство** | **Редовни предмети (одделение, паралелка и вкупно часови)** | **Изборни предмети (одделение, паралелка и вкупно часови)** | **Надополнува во ООУ со број на часови, предмет и паралелка** | **Вкупно часови неделно (редовни + изборни + одд. час)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Тања Крстевска | Македонски јазик | 7б | 7б, 9а, 9б Вкупно 12 часа | Игри за разрешување конфликти - 6а, 6б -2 часа<br><br>Театарот, уметност на емоции - 6а, 6б– 2 часа<br>Готвење - 5а, 5б – 2 часа<br>Креативност и претприемништво - 8а, 8б – 2 часа<br>Вкупно 8 часа | / | 20+1 |
| **2.** | Гордана Менкиноска | Македонски јазик | 6б | 6а, 6б, 7а, 8а, 8б Вкупно 20 часа | / | / | 20+1 |
| **3.** | Љубица Тримоска | Англиски јазик | 7а | 6а, 6б, 7а, 7б, 8а, 8б,9а Вкупно 21 час | / | / | 21+1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Вецка Спасова | Англиски јазик | / | 2а, 2б, 3а, 3б, 4а, 4б Вкупно 14 часа | / | Тихомир Милошевски EMIS + ESARU Вкупно 6 часа | 20 |
| **5.** | Славица Поповска | Англиски јазик | / | 1а, 1б, Вкупно 4 часа | / | ДПГ Беровски англиски јазик | 20 |
| **6.** | Сања Јаневска | Англиски јазик | / | 5а, 5б, 9б Вкупно 9 часа | / | Јоаким Крчовски | 20 |
| **7.** | Душица Кировска | Француски јазик | / | 6а, 6б, 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 16 часа | / | Страшо Пинџур 6 часа Француски јазик | 22 |
| **8.** | Александра Луковска | Математика | / | 7а, 7б, 9б Вкупно 12 часа | / | / | 22 |
| | | Физика | | 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 10 часа | | | |
| **9.** | Анкица Спасова | Математика | 8а | 6а, 6б, 8а, 8б,9а Вкупно 22 часа | / | / | 22+1 |
| **10.** | Мире Младеновски | Историја и општество ( историја) | / | 6а, 6б Вкупно 4 часа | / | / | 20 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Историја | | 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 12 часа | | | |
| | | Шах/ Истражување на родниот крај | | / | 6а, 6б / 7а, 7б Вкупно 4 часа | | |
| **11.** | Јадранка Георгијева | Историја и општество (географија) | 8б | 6а, 6б Вкупно 2 часа | / | / | 20+1 |
| | | Географија | | 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 12 часа | / | | |
| | | Природни убавини на мојата татковина 1 полугодие Прва помош 2 полугодие | | / | 4а, 4б- 4 часа | | |
| | | Природни убавини на мојата татковина 1 полугодие / Природни убавини на мојата татковина 2 полугодие | | / | 5а, 5б- 2 часа | | |
| | | | | | Вкупно 6 часа | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **12.** | Анета Божиновска | Биологија | 6а | 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 12 часа | / | / | 20+1 |
| | | Природни науки | | 6а, 6б Вкупно 6 часа | / | | |
| | | Пчелите и нивната улога во зачувување на природата | | / | 7а,7б Вкупно 2 часа | | |
| **13.** | Верче Маневска - Стефанова | Хемија | 8б | 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 8 часа | / | 9 часа Беровски | 21+1 |
| | | Природни науки | | 5а, 5б Вкупно 4 часа | | | |
| **4.** | Силвана Савевска | Граѓанско образование | | 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 6 часа | / | 10 часа Страшо Пинџур 2 Јоаким Крчовски | 22+1 |
| | | 1. Креативност и претприемништво 2.Прва помош | | 9а , 9б Вкупно 4 часа | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **15.** | Анастасија Стрезовска | Ликовно образование | / | 6а, 6б, 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 8 часа | / | ДПГ Беровски 8 часа, Ѓорче Петров 6 часа Ликовно образование | 22 |
| **16.** | Игор Митковски | Музичко образование | / | 6а, 6б, 7а, 7б, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 8 часа | / | / | 20 |
| | | Танци и народни ора (1 полугодие) / Танци и народни ора (2 полугодие) | | / | 5а, 5б<br>Вкупно 2 часа | | |
| | | Музиката и другите науки и уметности (1,2 полугодие) / | | / | 8а | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Уметност и емоции (1,2 полугодие) | | | 8б<br><br>Вкупно 4 часа | | |
| | | Хор и оркестар | | Вкупно 6 часа | / | | |
| **17.** | Мирјана Гошевска | ФЗО | / | 6а, 6б, 7а, 8а, 8б, 9а, 9б Вкупно 21 час | / | / | 21 |
| **18.** | Дарко Крстаноски | ФЗО | / | 3а, 3б, 4а, 4б, 5а, 5б, 7б Вкупно 21 час | / | / | 21 |
| **19.** | Милица Николиќ | ФЗО | / | 1а, 1б, 2а, 2б Вкупно 12 часа | Изборен спорт Планинарење 7а, прво полугодие 7б второ полугодие Вкупно 2 часа | 6 часа ФЗО Ѓорче Петров | 20 |
| **20.** | Александар Бошков | Техничко образование и информатика | / | 6а, 6б, 7а, 7б,8а,8б Вкупно 12 часа | | | 18 |
| | | Иновации | | 9а, 9б Вкупно 2 часа | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Техничко образование и информатика | | 5а, 5б Вкупно 4 час | | | |

***Прилог бр 5. Годишна програма за дополнителна настава на ООУ “Тихомир Милошевски” во учебната 2026/2027 година***

Дополнителната настава ООУ „Тихомир Милошевски“ - Скопје ја планира со годишната програма за работа.

Дополнителната настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми.

Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно.

Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.

Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.

Наставникот ја организира и реализира дополнителната настава со група од најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделние.

Наставникот ја реализира дополнителната настава придржувајќи се на наставната програма за конкретниот наставен предмет, а согласно потребите на учениците.

Начинот на работа на наставникот на часот за дополнителна настава е индивидуална/ индивидуализирана, но може да биде и со групна форма на работа, доколку учениците имаат исти потешкотии во постигањето на очекуваните резултати (на пример: конкретна цел од иста тема од наставната програма).

Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот, се користат содветни дидактички средства и материјали, се применува интерактивен пристап и се користат активни методи на учење.

Наставникот дополнителната настава ја евидентира во педагошката евиденција. Постигањата на ученикот во дополнителната настава не се оценува.

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА**

| Цели | Содржини и активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Соодветна организација на дополнителната настава | Планирање на дополнителанта настава во годишната програма<br>Планирање на дополнителната настава од страна на секој наставник<br>Изготвување на распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет<br>Објавување на распоредот на огласна табла и на интернет страната<br>Организирање на просторно – техничките услови за реализација на дополнителната настава | Комисија за изработка на Годишната програма<br>Комисија за изработка на распоред<br>Предметни наставници | Август<br>Пред почеток на секој месец | Дополнителната настава во училиштето се планира со програма и распоред.<br><br>Јавно објавен распоред. |
| Согледување на состојбата и потребата за работа со ученици кои потешко напредуваат во учењето | Проценка и одредување на ученици на кои им е потребна дополнителна настава (врз основса на следењето на напредокот во наставата):<br>Ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет,<br>Ученици кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема),<br>Ученици што подолго време отсуствувале од настава<br>Ученици со потешкотии во учењето. | Предметни и одделенски наставници | Пред почеток на секој месец | Идентификувани ученици. |
| Соработка со родителот/ старателот | Информирање на родителот/ старателот за потребата ученикот да следи дополнителна настава и за распоредот за реализирање на дополнителната настава,<br>Вклучување на родителот/ старателот во планирањето на дополнителната настава.<br>Редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот и давање совети, сугестии и насоки за натамошен напредок на ученикот за конкретно подрачје/област. | Одделенски раководители<br><br>Предметни наставници<br><br>Стручни соработници | Пред почеток на секој месец<br>Средби со родители | Информирани родители. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Надминување на потешкотиите, постигнување на очекуваните резултати, потреба од продолжување на дополнителна настава | Следење напредокот на ученикот<br>Водење на портфолио за напредокот на ученикот во дополнителната настава<br>Информирање на учениците, родителите и стручните соработници за напредокот. | Предметни и одделенски наставници | Цела учебна година | Информирани и мотивирани ученици за постигнување на подобри резултати |
| Водење евиденција за потребата од посета | Проценка/список на ученици,<br>Евидентирање на редовноста на учениците,<br>Известување на родителите, | Предметни и одделенски наставници | Цела учебна година | Прегледност и увид во реализацијата |
| ученикот на дополнителна настава | Извештај за реализацијата на дополнителната настава | Предметни и одделенски наставници | Цела учебна година | на дополнителната настава |
| Согледување на реализацијата и ефектите од дополнителнта настава | Евалуација на планирањето и реализацијата на дополнителната настава. | Комисија за следење и евалуација | Јануари,<br>Јуни, | Превземени соодветни активности во иднина |

***Прилог бр. 6. Годишна програма за додатна настава на ООУ “Тихомир Милошевски”во учебната 2026/2027 година***

Додатната настава ООУ „Тихомир Милошевски“ - Скопје ја планира со годишната програма за работа.

Додатната настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.
Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретниот наставен предмет за кој покажал интерес ученикот.
Секој наставник ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година.
Секој наставник е должен да им понуди на учениците следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава.
Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот.
Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

Начинот на работа на наставникот на часот за додатна настава е, по правило, со индивидуализирана работа.

Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот односно, тој да ја насочува работата на ученикот за постигнување на планираните очекувани резултати.
Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот.
Наставникот додатната настава ја евидентира во педагошката евиденција. Постигањата на ученикот во додатната настава не се оценуваат.

**Акционен план за реализација на додатната настава во учебната 2026/2027 година**

| Цели | Содржини и активности | Реализатор/и | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Соодветна организација на додатната настава | Планирање на додатната настава во годишната програма<br>Планирање на додатната настава од страна на секој наставник во соработка со учениците<br>Изготвување на распоред за додатната настава за секој наставен предмет<br>Објавување на распоредот на огласна табла и на интернет страната<br>Организирање на просторно – техничките услови за реализација на додатната настава | Комисија за изработка на годишната програма<br>Комисија за изработка на распоред<br>Ученици<br>Предметни наставници | Август<br>Пред почетокот на секој месец | Додатната настава во училиштето се планира со програма и распоред.<br>Јавно објавен распоред. |
| Согледување на состојбата и потребата за работа со ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети | Проценка и одредување на ученици на кои покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата (врз основса на следењето на напредокот во наставата):<br>Напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,<br>Ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма<br>Ученици што се пријавуваат за учество на натпревари. | Предметни и одделенски наставници | Пред почетокот на секој месец | Идентификуван и ученици. |
| Соработка со родителот/старателот | Информирање на родителот/ старателот за можноста ученикот да следи додатна настава и за распоредот за реализирање на додатната настава,<br>Вклучување на родителот/ старателот во планирањето на додатната настава.<br>Согласност од родителот/старателот ученикот да следи додатна настава | Одделенски раководители<br>Предметни наставници<br>Стручни соработници | Пред почетокот на секој месец<br>На секоја родителска средба или индивидуални средби со родителите | Информирани родители.<br>Дадена согласност. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот и давање совети, сугестии и насоки за натамошен напредок на ученикот. | | | |
| Констатирање на развојот, планирање на идната работа, поставување нови предизвици за развојот на ученикот | Следење напредокот на ученикот<br>Водење на портфолио за напредокот на ученикот во додатната настава<br>Информирање на учениците, родителите и стручните соработници за напредокот. | Предметни и одделенски наставници | Цела учебна година | Информирани и мотивирани ученици за постигнување на подобри резултати |
| Водење евиденција за посетата на ученикот на додатната настава | Список на ученици кои се согласиле да посетуваат додатна настава,<br>Евидентирање на присутноста на учениците,<br>Извештај за реализацијата на додатната настава | Предметни и одделенски наставници | Цела учебна година | Прегледност и увид во реализацијата на додатната настава |
| Согледување на реализацијата и ефектите од додатната настава | Евалуација на планирањето и реализацијата на додатната настава. | Комисија за следење и евалуација | Јануари, Јуни, | Превземени соодветни активности во иднина |

***Прилог бр. 7. План за работа со надарени и талентирани ученици***

| | **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
|---|---|---|---|
| **1** | Првична идентификација на надарените ученици | При упис во училиштето | Стручни соработници |
| **2** | Идентификување на надарените ученици | Организирање натпревари, редовна настава | Наставници, стручни соработници |
| **3** | Работење со надарените и талентираните ученици на додатна настава и слободните ученички активности | Континуирано | Наставници, стручни соработници |
| **4** | Работилница „Фактори за развој на талент“ | Второ полугодие | Стручни соработници |
| **5** | Разговор со родителите | Континуирано | Одделенски раководители, стручни соработници |
| **6** | Истакнување на надарени ученици на Одделенските и Наставничките совети | Континуирано | Одделенски раководители, наставници |
| **7** | Состаноци- истакнување на надарени ученици и поуспешен премин од одд. во предметна настава | Континуирано | Наставниците кои предавале на ученици до петто одд. и наставници кои предаваат од шесто одд. |

***Прилог бр. 8. Програми за воннаставни активности***

***Прилог бр. 8.1. Програма за работа на секциите и/или клубовите во училиштето***

***Слободни ученички активности- Предметна настава***

| *бр.* | *Слободна ученичка активност* | *Одговорен наставник* |
|---|---|---|
| 1 | Клуб на математичари | **Александра Луковска, Анкица Спасова** |
| 2 | Клуб на физичари | **Александра Луковска** |
| 3 | Клуб на хемичари | **Верче Маневска-Стефанова** |
| 4 | Еко клуб | **Анета Божиновска** |
| 5 | Клуб на историчари | **Мире Младеновски** |
| 6 | Клуб на географи | **Јадранка Георгијева** |
| 7 | Љубители на странски јазик | **Љубица Тримоска, Славица Попоска, Душица Кировска** |
| **8** | Литературен клуб<br>Драмска секција | **Гордана Менкиноска,<br>Тања Крстевска** |
| 9 | Хор и оркестар | **Игор Митковски** |
| 10 | Футсал секција | **Мирјана Гошевска** |
| 11 | Млади уметници | **Анастасија Стрезоска** |
| 12 | Информатички тим | **Александар Бошков** |
| 13 | Етички клуб | **Силвана Савевска** |

***Прилог бр. 8.2. План за оптшествено-корисна и хуманитарна работа***

| **Планирана активност** | **Цели** | **Реализатор** | **Ресурси** | **Време** | **Очекувани ефекти и исходи** |
|---|---|---|---|---|---|
| Одржување и уредување на училишната зграда и двор<br>Почеток на учебната година<br>Новогодишен хепенинг<br>Патронат<br>Велигденски хепенинг | Подобрување на изгледот на училиштето и дворот,да се развива самоактивноста,творењето, социјализацијата | Ученици и наставници | соодветни средства и алати за изведување на активностите | Континуирано септември декември април мај | Убав и чист изглед на училшната зграда и двор,изработки на ученици |
| Хуманитарни акции | Развивање на емпатија,солидарност и хуманост | Ученици и наставници | / | По потреба | Хуман однос на учениците кон другите луѓе,солидарност и емпатија |
| Организирање на собирни акции<br>Собирање стара хартија и пластика<br>Собирање учебници и друг корисен материјал | Развивање на позитивен однос за зачувување на здрава животна средина | Ученици и наставници | хартија, пластика и други материјали за рециклирање | Континуирано | Чиста и здрава животна средина |
| Хортикултурно уредување на училишниот двор | Развивање на свест за уреден и чист училишен двор | Ученици и наставници | Садници од дрвја и цвеќиња,алат | Ноември март мај | Уреден и чист училишен двор |

***Одговорни наставници: Душица Кировска, Славица Поповска, Александар Бошков, Анастасија Стрезоска, Јадранка Георгијева***

***Прилог бр. 8.3. План за еколошки активности***

Еколошката едукација во македонскиот образовен систем во нашето училиште за учебната 2026 /2027 год. ќе се реализира по следнава програма. Одговорни за спроведување на истата се членовите на Еко одборот. Во текот на годината ќе се реализираат и активности од еколошкиот календар, дадени во табелата подолу и се уредува еколошкото катче во холот на училиштето. Како и секоја година и оваа, нашето училиште ќе земе активно учество во глобалната мрежа на одбележување на деновите на планетата Земја, обуки, предавања и семинари. За секоја реализирана активност се изготвува извештај.

| | **Планирана активност** | **Реализатор** | **Време на реализирање** |
|---|---|---|---|
| 1 | Акции за ослободување од отпад | Учениците од I-IX одд. и одделенските наставници | во текот на цела учебна година |
| 2 | Светски ден за заштита на озонската обвивка и борба против глобалното затоплување | Учениците од I-IX одд. и одделенските наставници | Септември |
| 3 | Собирна кампања за пластични шишиња - ПЕТ амбалажа - континуирано во текот на цела учебна година | Учениците од I-IX одд. и одделенските наставници | во текот на цела учебна година |
| 4 | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата | Учениците од I-IX одд. и одделенските наставници | октомври |
| 5 | Еко -акција - Засадување дрвја и цвеќиња<br>Одбележување на Светскиот ден на чист воздух-3 ноември | Учениците од I-IX одд. и одделенските наставници | ноември |
| 6 | Светски ден за заштеда на водите | Учениците од I-IX одд. и одделенските наставници | 22 Март |
| 7 | Еко-акција- за собирање стара хартија ,, Хартијата се збира за да се рециклира “ | Учениците од I-IX одд. и одделенските наставници | во текот на цела учебна година |
| 8 | Хортикултурно уредување на училишниот парк | Учениците од I-IX одд. и одделенските наставници | во текот на цела учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | Еко катче (читање на стихотворби и раскази на тема екологија, Ден на планетата Земја ) | Литературна секција и наставници по македонски јазик | март/април |
| 10 | Собирање учебници и друг корисен материјал за стара хартија | Учениците од I- IX одд. и одделенските наставници | јуни |
| 11 | Учество во еко проекти и панел дискусии | Учениците од I- IX одд. и одделенските наставници | тековно |

***ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР***

| ***Датум*** | ***Значење*** |
|---|---|
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 26 септември | Светски ден на чисти планини |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| 3 ноември | Светски ден на чистиот воздух |
| 29 декември | Меѓународен ден на биодиверзитетот |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата Земја |
| 9 мај | Меѓународен ден на птиците |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |

***Одговорни наставници: Даниела Сарафимова, Анета Божиновска***

*Прилог бр. 8.4. План за јавна и културна дејност*

| Активност | Време на реализација | Локација | Учесници | Организатор |
|---|---|---|---|---|
| Свечена приредба по повод првиот училишен ден и прием на првачиња | септември | училиште | одговорни наставници и ученици (I – V одд.) | директор, одговорни наставници и ученици |
| Ден на независноста на Р. Македонија | септември | училиште | одговорни наставници и ученици од I-IX одд. | одговорни наставници и ученици |
| Светска недела на детето - прием на првачињата во Детската организација | октомври | училиште | одговорни наставници и ученици (I – V одд.) | директор, одговорни наставници и ученици |
| Ден на востанието на македонскиот народ | октомври | училиште | одговорни наставници и ученици од I-IX одд. | одговорни наставници и ученици |
| Лиетературно читање по повод Денот на ослободувањето на Ѓорче Петров | ноември | училиште | одговорни наставници и ученици од I-IX одд. | одговорни наставници и ученици |
| Ден на Свети Климент Охридски | декември | училиште | одговорни наставници и ученици од I-IX одд. | одговорни наставници и ученици |
| Новогодишна хепенинг и новогодишна забава | декември | спортска сала и училиштен хол | одговорни наставници, ученици од I-IX одд. и родители | директор, одговорни наставници и ученици |
| Меѓународен ден на мајчиниот јазик | февруари | училиште | одговорни наставници, ученици од I-IX одд. и родители | директор, одговорни наставници и ученици |
| Одбележување на Патрониот празник на училиштето и организирање на маскенбал по повод Денот на шегата | март /април | Училиште | одговорни наставници, ученици од I-IX одд. | директор, одговорни наставници и ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Велигденски хепенинг | април-мај | Училиште | одговорни наставници, ученици од I-IX одд. | директор, одговорни наставници и ученици |
| Светски ден на книгата | април | Училиште | одговорни наставници, ученици од I-IX одд. | директор, одговорни наставници и ученици |
| Одбележување на Денот на македонскиот јазик | мај | Училиште | одговорни наставници, ученици од I-IX одд. | директор, одговорни наставници и ученици |
| Ден на сесловенските просветители св.Кирил и Методиј | мај | Училиште | одговорни наставници, ученици од I-IX одд. | директор, одговорни наставници и ученици |

***Одговорни наставници: Игор Митковски, Гордана Менкиноска, Тања Крстевска, Мирјана Гошевска, Анастасија Стрезовска, Богоевска Валентина, Татјана Кондратјук***

***План на активности за Патронатот на училиштето***

| ***Р.бр.*** | ***Планирана активност*** | ***Реализатор*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|
| 1. | Спортски меморијални натпревари “Марио Шулајковски„ | наставници по ФЗО | од 22 март до 26 март |
| 2. | Изложба на ликовни творби во училишниот хол поврзани со ликот и делото на Тихомир Милошевски,live painting за време на настанот | Анастасија Стрезоска и одделенските раководители од I-IX одд. | 31 март |
| 3. | Активности по повод Патронатот на училиштето | Игор Митковски,Тања Крстевска, Гордана Менкиноска,Валентина Богоевска ,Татјана Кондрадјук и Мирјана Гошевска | 31 март |
| 4. | Маскенбал по повод Денот на шегата | Одделенските наставници и ученици од I-IX одд. | 1 април |

***Одговорни наставници: Игор Митковски, Гордана Менкиноска, Тања Крстевска, Мирјана Гошевска, Богоевска Валентина, Татјана Кондратјук***

**План на активности за Денот на општината**

| ***Р.бр.*** | ***Планирана активност*** | ***Реализатор*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|
| 1. | Спортски натпревари | наставници по ФЗО | од 15-ти до 19-ти септември |
| 2. | Полагање на свежо цвеќе на споменикот на Ѓорче Петров во општинскиот парк | Директор и делегација од училиште | 19 септември |
| 3. | Учество на традиционалниот општински крос и другите активности организирани од страна на општината „Марио Шулајковски“ | наставници по ФЗО | 19 септември |
| 4. | Учество на ученици од нашето училиште на свеченост организирана во рамките на општината со музички настапи | Игор Митковски | 19 септември |
| 5. | Историски час | Мире Младеновски | 18 септември |
| 6. | Литературно читање во училишниот двор | Тања Крстевска, Гордана Менкиноска и Емилија Цепевска | 18 септември |
| 7. | Изложба на ликовни творби поврзани со ликот и делото на Ѓорче Петров | Анастасија Стрезоска и Јелена Василкоска | 19 септември |

***Одговорни наставници: Игор Митковски, Гордана Менкиноска, Тања Крстевска, Мирјана Гошевска, Богоевска Валентина, Татјана Кондратјук***

***Прилог бр. 9. Програми за вонучилишни активности***
***Прилог бр. 9.1. План за реализација на екскурзии и излети***

Ученичките екскурзии и излети се организираат поради проширување и продлабочување на знаењата на учениците по одделни области и наставни предмети, како и поради рекреација и спортување.

Ученичките екскурзии се изведуваат надвор од училиштето. За секоја планирана екскурзија се изготвува програма која содржи:

- ✓ Време на изведување;
- ✓ Траење на екскурзијата
- ✓ Опфатени ученици
- ✓ Релации и места за посета
- ✓ Време за одмор, рекреација и разонода
- ✓ Водач на екскурзијата и наставници
- ✓ Учество на лекар

***Планирани екскурзии и излети за учебната 2026/2027***

| **Планирана активност** | **Релација** | **Цели** | **Реализатор** | **Учесенициученици** | **Време** | **Очекувани ефекти и исходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | С. Кучково - манастир Св. Ѓорѓија | Стекнување на образовни, воспитни и рекреативни придобивки | Училишен тим | Ученици од I-IX | септември/ октомври 2026 год. | Продлабочување и примена на знаењата ; дружба и развивање на еколошка свест |
| Тридневна екскурзија | Западна Македонија | Стекнување на образовни и воспитни придобивки | Одделенски раководители | Ученици од IX одд. | април-мај 2027год. | Проширување на знаењата, социјализација, колективна заштита и стекнување на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тргнување: Скопје-Велес-Крушево-Битола-Охрид. Струга -Вевчани-Дебар | | | | | искуство за осамостојување и грижа за себе. |
| Дводневна екскурзија | Источна Македонија Скопје - Кочани-Виница- Берово–Штип - Скопје | Стекнување на образовни и воспитни придобивки | Одделенски раководители | Ученици од VI одд. | Април, мај 2027год. | Проширување на знаењата и развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности |
| Еднодневна екскурзија | Западна Македонија Скопје-Тетово | Стекнување на образовни и воспитни придобивки | Одделенски раководители | Ученици од III одд. | мај 2027 год. | Продлабочување и примена на знаењата , непосредно запознавање со природните убавини и културноисториските знаменитости на нашата татковина |
| Еднодневен пролетен излет | Спортско-рекреативен центар - Сарај | Стекнување на образовни , воспитни и рекреативни придобивки | Училишен тим | Ученици од I-IX | Април/мај 2027 год. | Продлабочување и примена на знаењата, дружба и развивање на еколошка свест |
| Настава во природа | Дојран | Поврзување на теоријата со практиката и воспитни придобивки | Одделенски раководители | Ученици од V одд. | мај 2027год. | Стекнување на трајни знаења, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе; |

***Програма за изведување на есенски излет***
***за учениците од I- IX одделение во учебната 2026/27 година***

**1.Воспитно-образовни цели:**
**-** истражување на објекти во непосредната околина, појави во природата;
- посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење во близина на локалитетот;
-развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
-дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
-развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

**2.Содржини и активности:**
- заедничко набљудување на околината
-посета на културно-историски знаменитости.
-дружење
-организирање на спортски и други рекреативни игри
-одделенските наставници и класните раководители од I-IX одд.се грижат за безбедноста на учениците, редот и дисциплината, како и соодветно примерно однесување.
-Учениците ги следат насоките дадедени од раководителот на екскурзијата, и наставниците, внимаваат на хигиената на посетеното место, ги известуваат наставниците за било каков проблем за време на посетата, и преку непосредно набљудување се запознаваат со природните појави согласно воспитно образовната работа на училиштето.

**3.Одговорен наставник, наставници и ученици**
Одговорен наставник:Моника Илијевска, одделенски наставник
Наставници: Одделенските наставници и класните раководители од I-IX одд
Ученици од I-IX одделение

**4. Времетраење::** септември/октомври 2026 год.
**5.Локалитети за посета и правци на патување: с. Кучково - манастир Св. Ѓорѓија**

**6.Техничка организација:**
Лиценцирана туристичка агенција, висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси.По добивање на согласност од родителите директорот на училиштето го најавува планираниот излет во полициска станица и во местото предвидено за посета. За изведување на излетот потребно е согласност од најмалку 30% од родителите на учениците од I-IXто одделние. За учениците кои не учествуваат на излетот, училиштето организира настава..

**7. Начин на финансирање:** Одделенските раководители ги известуваат родителите и учениците за износот на цената, поволностите за социјално загрозени семејства обезбедени од директорот, планираните цели и активности на излетот.
Самофинасирање од страна на родителите ( родителите го уплаќаат предвидениот износ на уплатница преку жиро сметка).

***Програма за изведување на пролетен излет***
***за учениците од I- IX одделение  во учебната 2026/27 година***

**1.Воспитно-образовни цели:**

**-**истражување на објекти во непосредната околина,појави во природата;

**-** посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење во близина на локалитетот;

**-**развивање интерес за природата и градење  еколошки навики;

-дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

-развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

**2.Содржина и опис на активностите:**

- заедничко набљудување на околината
-посета на културно-историски знаменитости.
-дружење
-организирање на спортски и други рекреативни игри
-одделенските наставници и класните раководители од I-IX одд.се грижат за безбедноста на учениците, редот и дисциплината, како и соодветно примерно однесување.
-Учениците ги следат насоките дадедени од раководителот на екскурзијата, и наставниците, внимаваат на хигиената на посетеното место, ги известуваат наставниците за било каков проблем за време на посетата, и  преку непосредно набљудување се запознаваат со природните појави согласно воспитно образовната работа на училиштето.

**3.Одговорен наставник, други  вклучени наставници и ученици**

Одговорен наставник:Тања Крстевска, предметен наставник
Наставници: Одделенските наставници и класните раководители од I-IX одд
Ученици од  I-IX одделение
**4.Времетраење:**  април/мај  2027 година

**5.Локации за посета и правци на патување:** Спортско-рекреативен центар - Сарај
**Правци на патување-**  Н.Село - Спортско-рекреативен центар - Сарај  “-  Н.Село

**6.Техничка организација:** .По добивање на согласност од родителите директорот на училиштето го најавува планираниот излет во полициска станица и во местото предвидено за посета. За изведување на излетот потребно е согласност од најмалку 30% од родителите на учениците од I-IXто одделние. За учениците кои не учествуваат на излетот, училиштето организира настава.

**7. Начин на финансирање:**  Одделенските раководители ги известуваат родителите и учениците за износот на цената, поволностите за социјално загрозени семејства обезбедени од директорот, планираните цели и активности на излетот.
Самофинасирање од страна на родителите ( родителите го уплаќаат предвидениот износ на уплатница преку жиро сметка).

***Програма за еднодневна екскурзија***
***за учениците од трето одделение во учебната 2026-2027 год.***

**1.Воспитно-образовни цели**

-Посета и запознавање со локалитети и објекти од културно, историско и друго значење Тетовско кале, Лешочки манастир ,,Св.Атанасиј", Арабати Баба-Теќе-Тетово; Куќата на Јовановци-Тетово, Музеј на град Тетово
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата и градење чувство за припадност кон државата, развивање на вредностите: еднаквост,толеранција и соживот.
-Запознавање со културата на различните етнички заедници кои живеат во нашата држава за примена на меѓуетничка интеграција во образованието.
- Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи, а живеат во нашата држава.
-Развивање социјална интеракција (дружење, колективна заштита и стекнување искуства за самостојна грижа).
-Развивање интерес за рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

**2.Содржина и опис на активности:**
-заедничко набљудување на околината
-посета на културно-историски знаменитости
-дружење
-одделенските наставници од трето одделение се грижат за безбедноста на учениците, редот и дисциплината, како и нивното соодветно примерно однесување
-учениците ги следат насоките дадени од одговорните наставници на екскурзијата, внимаваат на хигиената, ги известуваат наставниците за било каков проблем за време на посетата
-преку непосредно набљудување се запознаваат со природните убавини согласно воспитно-образовните цели на училиштето

**3. Одговорен наставник, и други вклучени наставници и учениците:**
Одговорен наставник : Даниела Сарафимова
Наставници: Даниела Сарафимова - одделенски наставник на IIIб одд. и Марија Л.Ѓоргиевска - одделенски наставник на IIIа одд.
Ученици: Учениците од IIIа и IIIб одделение
Учениците преку непосредно набљудување се запознаваат со природните убавини и културно-историските знаменитости согласно воспитно-образовната работа на училиштето.

**4.Времетраење:** еднодневна екскурзија во месец мај 2027 г.

**5.Следење на реализацијата -** Одговорниот наставник се грижи околу сместувањето на учениците во автобус, се грижи за редот и дисциплината на учениците при посета на културно-историските споменици и локалитети, се грижи за безбедноста на учениците од поаѓање до враќање.

Наставниците ги поучувааат, надгледуваат, ги советуваат и разговараат со учениците за посетите. Во текот на екскурзијата ќе има водич кој ќе им објасни на учениците за посетените места и локации, кое е нивното значење, од кога датираат и истовремено ќе имаат можност да поставуваат прашања за она што ги интересира учениците.

Учениците внимателно следат, учат нови информации, се потсетуваат на она што го научиле во училиште, имаат задача да изработат извештај со фотографии од екскурзијата. Преку директно набљудување и истражување учениците ќе дојдат до потрајни и побогати знаења.
За време на реализација на екскурзијата учениците имаат обврска да ги следат инструкциите од одговорниот наставник и наставниците, да внимаваат на хигиената во автобусот и на посетените места, да ги известат наставниците доколку се појави здравствен или било каков друг проблем.

**6.Локации за посета и правци на патување:**
а) Тргнувањето е во правец Скопје -Тетово
б) Враќањето е во правец Тетово кон Скопје

Во 08:00 ч часот поаѓање од пред нашето училиште. Патувањето е преку Тетово со посета на Тетовско кале, Арабати Баба-Теќе-Тетово; Музеј на град Тетово, потоа се продолжува кон Лешочки манастир ,,Св.Атанасиј“ .
Враќање во училиште до 18.00 часот.

**7.Техничка организација:** Лиценцирана туристичка агенција, висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси. По добиено одобрение за изведување на екскурзијата од Училишниот одбор екскурзијата се организира и изведува со согласност од најмалку 30% од родителите на учениците од одделението/одделенијата. Директорот на училиштето и одделенските раководители ја објавуваат планираната еднодневна екскурзија на огласна табла и на веб страницата на училиштето. За учениците кои не учествуваат на излетот, училиштето организира настава.

**8.Начин на финансирање:** Одделенските раководители ги известуваат родителите и учениците за износот на цената, поволностите за социјално загрозени семејства обезбедени од директорот, планираните цели и активности на излетот. Самофинансирање од страна на родителите (родителите го уплаќаат предвидениот износ на уплатница преку жиро сметка).

***Програма за дводневна екскурзија***
***за учениците од шесто одделение во учебната 2026-2027 год***

**1.Воспитно-образовни цели:**

**-** посети и истражување на посетените  локалитети и објекти од културно, историско и верско значење:

**-**запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во источниот дел од Р.С.Македонија;

**-**запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно-историските објекти што ќе се посетуваат);

**-**развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;

-развивање интерес за природата и градење  навики за подигнување на еколошката свест;

**2. Содржина и опис на активностите:**

**ПРВ ДЕН**

Во 7:30 часот поаѓање од пред нашето училиште. Патувањето е преку Свети  Николе продолжува кон Кочани и посета на брана Градче. Патот продолжува кон Виница, Виничко кале и посета на фабрика Винчини. Во попладневните часови сместување во хотел   во Берово и прошетка низ градот. Потоа следува вечера, забава, дружење и ноќевање.

**ВТОР ДЕН**

Вториот ден започнува со појадок и потоа се посетува манастирот „Св. Архангел Михаил“ и  Беровско Езеро,музеј на град Берово, потоа се оди кон Штип во  посета на археолошкиот локалитет Баргала. Патот продолжува кон Штип со прошетка низ центарот на градот и посета на црквата ,,Св.Никола“. Потоа се продолжува кон Скопје.

Поаѓање за Скопје преку Свети Николе и пристигнување пред училиштето во вечерните часови до 18:00ч.

Во оваа дводневна екскурзија планирани се активности од типот на посети на историски локалитети, културни спомен обележја и  религиски објекти.

**3.Одговорен наставник, наставници и учениците:**

Одговорен наставник: Анета Божиновска , наставник по биологија, одд.раководител на 6а одд.

Одговорен наставник: Гордана Менкиноска, наставник по македонски јазик, одд.раководител на 6б одд.

**4. Времетраење:**

Екскурзијата е дводневна ( два дена со едно ноќевање).Ќе се реализира во април, мај 2027 година

**5.Следење на реализацијата**

Екскурзијата ќе биде придружувана од лекар кој ќе се грижи за здравјето на учениците.

Одговорниот наставник се грижи околу сместувањето на учениците во автобус и во хотел, се грижи околу редот и дисциплината на учениците при посета на културно-историските споменици и локалитети, се грижи за безбедноста на учениците од поаѓање до враќање.

Наставниците ги поучувааат, надгледуваат, ги советуваат и разговараат со учениците за посетите. Во текот на екскурзијата ќе има водич кој ќе им објасни на учениците за посетените места и локации, кое е нивното значење, од кога датираат и воедно се она што би ги интересирало учениците.

Учениците внимателно следат, учат нови информации, се потсетуваат на она што го научиле на училиште , имаат задача да изработат портфолио (реферат, фотографии) од екскурзијата. Преку директно набљудување и истражување учениците ќе дојдат до потрајни и побогати знаења.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаат обврска да ги следат инструкциите од одговорниот наставник и наставниците, да внимаваат на хигиената во автобусот и на посетените места, да ги известат наставниците доколку се појави здравствен или било каков друг проблем.

**6.Локации за посета и правци на патување**

- Брана Градче - Кочани,

-Виничко кале - Виница

- посета на фабрика Винчини - Виница

-Беровскижо Езеро - Берово

-Свети Архангел Михаил - Берово

-Музеј на град Берово- Берово

-Археолошкиот локалитет Баргала

- Црквата ,,Св.Никола“ -Штип

**Правци на патување**

А) Тргнување-Скопје-Кочани -Виница - Берово

Б) Враќање - Берово - Штип-Скопје

**7. Техничка организација:**

Лиценцирана агенција која има искуство во реализирањето на ученички екскурзии, туристички автобус за линиски превоз со клима и потребна документација за превоз на деца, полн пансион во хотелот, остварување на сите наведени посети, осигурување, организирано пратител и лекар. Вкупен број на ученици е 50 од двете одделенија. Екскурзијата ќе се изведе со најмалку 30% од учениците. За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето ќе организира настава.

**8. Начин на финансирање:**

Одделенските раководители ги известуваат родителите и учениците за износот на цената, поволностите за социјално загрозени семејства обезбедени од директорот, планираните цели и активности на излетот.
Самофинасирање од страна на родителите ( родителите го уплаќаат предвидениот износ на уплатница преку жиро сметка).

***Програма за организирање тродневна екскурзија за учениците од деветто одделение во учебната 2026/27 година***

**1. Воспитно образовни цели:**

- Посети и истражување на посетените локалитети и објекти од културно, историско и верско значење;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во посетениот крај;
- Запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно-историските објекти што ќе се посетуваат), за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;
- Развивање интерес за природата и градење навики за подигнување на еколошката свест;

**2. Содржина и опис на активностите:**

**ПРВ ДЕН**

Во 7:30 часот поаѓање од пред училиште. Патувањето е преку Велес со панорамско разгледување. Од таму патот не води кон Крушево каде што треба да се посети Спомен куќата на Тодор Проески и споменик ,,Македониум” и се продолжува кон Битола и посета на Хераклеа . Прошетка во центарот на Битола (Широк Сокак). Се продолжува преку Ресен за Охрид со панорамско разгледување. Во попладневните часови сместување во хотел. Потоа следува вечера, забава, дружење и ноќевање.

**ВТОР ДЕН**

Вториот ден започнува со појадок и потоа се патува во посета на Манастир ,,Св. Наум Охридски", разгледување на манастирот и изворите, посета на Наколно живеалиште ,,Град на вода" и враќање во хотелот за ручек. По ручекот следува посета и разгледување на центарот на Охрид, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква ,,Св.Јован Богослов" -Канео и црква Св.Софија. Вечера, забава и ноќевање.

**ТРЕТ ДЕН**

Охрид - појадок, пауза за одмор и дружење, ручек и поаѓање за Скопје преку Струга - панорамско разгледување посета на село Вевчани и Вевчанските извори. Потоа се оди кон Дебар –разгледување на кањонот на реката Радика и посета на Манастирот ,,Св.Георгиј Победоносец"-Рајчица. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови, до 18:00ч.

- Во оваа тродневна екскурзија планирани се активности од типот на посети на историски локалитети, културни споменици, спомен куќи, обележја, религиски објекти и панорамско разгледување на некои други локации.

**3.Одговорен наставник, други вклучени наставниците и учениците:**

Одговорен наставник: Силвана Савевска , наставник по граѓанско образование и одделенски раководител на IXа одд.

Наставници:Силвана Савевска ,наставник по граѓанско образование и одделенски раководител на IXа одд. и Јадранка Георгијева, наставник по географија и одделенски раководител на IXб одд.

**4. Времетраење:**

Екскурзијата е тридневна (три дена со две ноќевања ). Април-мај 2027, датумот дополнително ќе биде одреден во договор со агенција како и во зависност од временските услови.

**5 .Следење на реализацијата**

Одговорниот наставник се грижи околу сместувањето на учениците во автобус и во хотел, се грижи околу редот и дисциплината на учениците при посета на културно-историските споменици и локалитети, се грижи за безбедноста на учениците од поаѓање до враќање.

Наставниците ги поучувааат, надгледуваат, ги советуваат и разговараат со учениците за посетите. Во текот на екскурзијата ќе има водич кој ќе им објасни на учениците за посетените места и локации, кое е нивното значење, од кога датираат и воедно се она што би ги интересирало учениците.

Учениците внимателно следат, учат нови информации, се потсетуваат на она што го научиле на училиште , имаат задача да изработат портфолио (реферат, фотографии) од екскурзијата. Преку директно набљудување и истражување учениците ќе дојдат до потрајни и побогати знаења.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаат обврска да ги следат инструкциите од одговорниот наставник и наставниците, да внимаваат на хигиената во автобусот и на посетените места, да ги известат наставниците доколку се појави здравствен или било каков друг проблем.

**6. Локации за посета и правци на патување**

- Крушево: Спомен куќата на Тодор Проески
- Крушево: Споменик ,,Македониум"
- Битола: Хераклеа
- Охрид: Манастир ,,Св. Наум Охридски"
- Охрид: Наколно живеалиште ,,Град на вода"
- Охрид: Антички театар
- Охрид: Плаошник и Самоилова тврдина
- Охрид: Црква,,Св.Јован Богослов" - Канео
- Охрид: Црква ,,Св.Софија"
- Вевчани: Вевчански извори
- Дебар: Манастирот ,,Св.Георгиј Победоносец"-Рајчица.

**Правци на патување**

А) Тргнување: Скопје-Велес-Крушево-Битола-Охрид.

Б) Враќање: Охрид-Струга -Вевчани-Дебар-Скопје.

**7. Техничка организација**

Лиценцирана агенција која има искуство во реализирањето на ученички екскурзии, туристички автобус за линиски превоз со клима и потребна документација за превоз на деца, полн пансион во хотелот, остварување на сите наведени посети, осигурување, организирано пратител и лекар. Вкупен број на ученици е 41 во двете одделенија. Екскурзијата ќе се изведе со најмалку 30% од учениците. За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето ќе организира настава.

**8. Начин на финансирање:**

Одделенските раководители ги известуваат родителите и учениците за износот на цената, поволностите за социјално загрозени семејства обезбедени од директорот, планираните цели и активности на излетот. Самофинасирање од страна на родителите ( родителите го уплаќаат предвидениот износ на уплатница преку жиро сметка).

***Програма за организирање на настава во природа***
***во учебната 2026/27 година за учениците од петто одделение***

1. **Воспитно-образовни цели:**
   - Запознавање со природно-географските обележја на источниот дел на Република Северна Македонија,
   - Проширување и продлабочување на знаењата на учениците за културното наследство;
   - Поттикнување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
   - Развивање на љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
   - Оспособување за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнатите знаења во нови ситуации;
   - Оспособување за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина; истражување на водата како животна средина,
   - Проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења;
   - Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато;
   - Да се оспособува за активно учество во истражувања на минатото со помош на користење на различни извори;
   - Развивање интерес за природата и градење на навики за подигнување на еколошката свест:
   - Меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
   - Негување и развивање на индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
   - Применување на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање);
   - Развивање на естетски вредности, чување на природата, еколошка свест за флората и фауната и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

**2.Содржина и опис на активности**

**Распоред според кој ќе се изведува наставата**

| | ВТОР ДЕН НАСТАВА ВО ПРИРОДА | ТРЕТ ДЕН НАСТАВА ВО ПРИРОДА |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | Македонски јазик |
| 2. | Математика | Математика |
| 3. | Ликовно образование | Историја и општество |
| 4. | Ликовно образование | Музичко образование |
| 5 | Физичко и здравствено образование | Физичко и здравствено образование |

➢ Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во времето од 10 до 13.30 часот.

➢ Организирано користење на слободното време е од 17 часот до 21.30 часот со игри, натпревари, квизови и прошетки до блиската околина.

**Конкретни цели и очекувани резултати по наставни предмети:**

**Македонски јазик:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува за самостојно усно и писмено изразување на своите впечатоци и збогатување на речникот
- Да се оспособува да учествува во разговор во кој искажува доживувања, чувства и факти
- Да се оспособува самостојно да пишува текст на дадени теми
- Да се поттикнува своите емоции да ги запише во стихови
- Да се оспособува да напише извештај за определен настан
- Да се оспособува да опишува предмет, природна појава, локалитет
- Да се оспособува да пишува различни форми на писмено изразување ( текст за разгледница односно поштенска картичка)

**Математика:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува да прибира податоци
- Да се оспособува да претставува и чита податоци во табели и столбести дијаграми
- Да се оспособува да ги користи мерките за должина во претставување на оддалеченоста на посетените места ( да ги запишува, пресметува и споредува)

**Историја и општество:**

Ученикот/ученичката

- Да се запознае со природните убавини на својата татковина
- Да се запознае со градби од минатото, традиционална архитектура и сегашноста
- Да се запознае со археолошки пронаоѓалишта, локалитети, ископини како остатоци од минатото
- Да се запознае со споменици на културата (спомен куќи, музеи...)

**Ликовно образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува ликовно да ги изразува своите впечатоци
- Да се поттикнува да внесува повеќе детали при цртање од набљудување

**Музичко образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се запознае со народните песни карактеристични за источниот дел на РС Македонија,
- Да се оспособи за пеење и свирење ( на блок флејта) на песната ,,Ајде Милке да бегаме“

**Физичко и здравствено образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособи за трчање по нерамен терен, во природни услови
- Да се обучува за изведување штафетно трчање
- Да се ориентираат координирано во просторот

**Еко тема:**

Подигнување на свеста за заштита на природата, набљудување на нејзината флора и фауна, изработка на мал Хербариум.

**Конкретизација на наставните содржини**

**Македонски јазик**

1.Говорна и писмена вежба- ,, Моите впечатоци од патувањето до Дојран‘‘
2. Читање на легенди за Дојран и Дојранското Езеро и литературно творење за градот Дојран по набљудување

**Математика**

1.Собирање податоци
2.Средување и претставување на податоците

**Музичко образование**

1.Обработка на песната,, Ајде Милке да бегаме’’ со свирење (на флејта) по музички ноти.

**Ликовно образование**

1.Сликање на блиската околина

2.Изработка на ликовни творби од природни материјали

**Историја и општество**

1.Истражување на градби од минатото, традиционална архитектура, археолошки пронаоѓалишта, локалитети, споменици на културата (спомен куќи, музеи...)

**Физичко и здравствено образование**

1. Меѓуодделенски натпревар во фудбал

2.Пешачење во блиската околина, ориентирање во простор

**Еко тема:**

Подигнување на свеста за заштита на природата, набљудување на нејзината флора и фауна, изработка на мал Хербариум.

**Активниости**

**Прв ден:**

Поаѓање од училиштето во 8 часот од Скопје кон Стоби. Патот продолжува кон Дојран каде што се посетува манастирот ,,Св.Леонтиј" Водоча и манастирот „Успение на Пресвета Богородица"-Елеуса. Панорамско разгледување на Струмичко поле и Колешински водопади и пристигнување во Дојран во попладневните часови.
-Попатен краток одмор.

**Втор ден:**

Распоред на времето во текот на денот:

1. Станување 2. Лична хигиена и уредување на спалните соби; 3. Утринска гимнастика 4. Појадок 5. Настава 6. Ручек 7. Време за одмор 8. Разгледување на градот Дојран, Дојранско Езеро и посета на црквата и манастирот во Дојран и културно-историските споменици, посета на граничен премин Стар Дојран 9. Вечера 10. Културно - забавни активности - Вечер на народни игри и модерен танц-забава.11. Лична хигиена и спиење.

**Трет ден:**

Распоред на времето во текот на денот:

1. Станување 2. Лична хигиена 3.уредување на спалните соби; 4. пакување и појадок . Посета на Гевгелија, Вардарски рид, и посета на Негорски бањи. Ручек (ланч пакети).
2. Враќање во Скопје во попладневните часови ( до 17 часот).

**3.Одговорен наставник, наставници и ученици**

Одговорен наставник: Валентина В.Богоевска- одделенски наставник
Наставници: Валентина В.Богоевска одделенски раководител на Va одд. и Татјана Кондратјук – одделенски раководител на Vб одд.
Ученици од V одделение.

**4. Времетраење:**

Екскурзијата е тридневна (три дена со две ноќевања ). Април/Мај 2027 година, датумот дополнително ќе биде одреден во договор со агенција како и во зависност од временските услови.

**5.Следење на реализацијата**

Одговорниот наставник се грижи околу сместувањето на учениците во автобус и во хотел, се грижи околу редот и дисциплината на учениците при посета на културно-историските споменици и локалитети, се грижи за безбедноста на учениците од поаѓање до враќање.

Наставниците ги поучувааат, надгледуваат, ги советуваат и разговараат со учениците за посетите. Во текот на екскурзијата ќе има водич кој ќе им објасни на учениците за посетените места и локации, кое е нивното значење, од кога датираат и воедно се она што би ги интересирало учениците.

Учениците внимателно следат, учат нови информации, се потсетуваат на она што го научиле на училиште. Преку директно набљудување и истражување учениците ќе дојдат до потрајни и побогати знаења.

За време на реализација на екскурзијата, учениците имаат обврска да ги следат инструкциите од одговорниот наставник и наставниците, да внимаваат на хигиената во автобусот и на посетените места, да ги известат наставниците доколку се појави здравствен или било каков друг проблем

7. **Локации за посета и правци на патување:**

**Скопје-Стоби-Струмица-Дојран-Гевгелија- Скопје**

-Дојран: Дојранско Езеро (Разгледување на градот Дојран, посета на црквата и манастирот во Дојран како и културно- историски споменици)
-Струмица: Струмичко поле (Панорамско разгледување на Струмичко поле); Колешински водопади
-Манастирот ,,Св.Леонтиј" Водоча и Манастирот, манастир „Успение на Пресвета Богородица "-Елеуса
-Гевгелија : Вардарски рид, и Негорски бањи
-Кавадарци:Локалитет Стоби

**Правци на патување**

А) **Тргнување** Скопје- Стоби -Дојран

Б) **Враќање** Дојран-Гевгелија - Скопје

**7. Техничка организација**

Лиценцирана агенција која има искуство во реализирањето на ученички екскурзии и други слободни ученички активности, туристички автобус -технички исправен, климатизиран со потребна документација за превоз на деца, полн пансион во објектот во кој ќе бидат сместени, остварување на сите наведени посети, осигурување, организиран туристички водич и придружба на лекар.

Вкупен број на ученици во петто одделение е 55. Наставата во природа ќе се реализира со најмалку 50% од учениците.

**8. Начин на финансирање:** Одделенските раководители ги известуваат родителите и учениците за износот на цената, поволностите за социјално загрозени семејства обезбедени од директорот.Самофинасирање од страна на родителите- родителите го уплаќаат предвидениот износ на уплатница преку жиро сметка. Плаќање на рати во договор со агенцијата.

**Кодекс за однесување за време на екскурзии, излети и други вонучилишнте активности на учениците во ООУ ,,Тихомир Милошевски”**

**Член 1**

Овој кодекс  има за цел да обезбеди безбедно, културно и дисциплинирано однесување на учениците за време на организираните екскурзии, излети и други вонучилишните активности на учениците.

**Член 2**

Учиниците се должни  да ги почитуваат следните правила:

1. Задолжително, почитување на наставниците, водичите, соучениците и почитување на законите во државата: Учениците треба да ги почитуваат наставниците, водичите и да ги следат нивните упатства и правила.

2. Следење на распоредот: Учениците треба да се придржуваат кон распоредот на екскурзијата, навремено доаѓање на закажаното место за тргнување, вклучувајќи ги времето на активностите и времето за одмор.

3. Учениците треба достојно да го претставуват  своето училиште, градот: Учениците треба да се однесуваат со почитување кон локалната заедница и локалните обичаи. Не смеат да прават бучни или несоодветни активности во автобус и јавни простории.

4. Безбедност: Учениците треба да бидат внимателни и да ги почитуваат сите безбедносни правила за време на екскурзијата. Ова вклучува користење на предвидените безбедносни опреми, користење на превозни средства кои се вклучени во разновидните активности и внимавање при движењето во непознати средини. Забрането е оддалечување од групата.

5. Забрана за нарушување на јавниот ред и мир, чување на имотот и чистота: Учениците треба да ја одржуваат околината чиста и да ги користат ќесите и контејнерите за отпадоци. Возилото за превоз треба да се одржува чисто. Забрането е насилно однесување и нанесување материјална штета на имотот на превозникот, хотелот, музеите и сите други институции кои се посетуваат.

6. Користење на технологија: Ако е дозволено користењето на мобилни телефони или други уреди за комуникација, учениците треба да ги користат со умереност и да не го нарушуваат распоредот или да ја попречуваат обврската (работата) на водичите.

7. Сместување: При сместувањето во хотелските капацитети да се негува другарството, да се почитуваат редот и мирот на другите гости во хотелот. За време на престојот во хотелот треба да се чува инвентарот (секоја ненамерно или намерно направена штета се наплатува од сторителот).

**Член 3**

Врз основа на овој Кодекс, родителот/старателот на ученикот потпишува изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот. Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководител/раководителот на паралелката најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

**Член 4**

На ученикот кој за време на училишната екскурзија, излетот и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува учество на наредните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

*Прилог бр. 9.2. План за реализација на посети*

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Време на реализација | Застапени ученици | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Посета на амбуланта, пошта, железничка станица,полициска станица и др. | Да се запознае со позначајните објекти во непосредната околина | Одделенски наставници | според наставната програма од I-V одд. | од I-V одд. | Да го знае значењето на поважните објекти во непосредната околина |
| Посета на локална фабрика во непосредната околина | Да се запознае со позначајните објекти во непосредната околина | Одделенски наставници | октомври | од IV -IX одд. | Да го знае значењето на поважните објекти во непосредната околина |
| Посета на занаетчиски работилници | Да се запознае со позначајните занаети во непосредната околина | Одделенски наставници | октомври | од I-V одд. | Да го знае значењето на занаетите |
| Посета на институт за француски јазик | Да ги прошири и продлабочи стекнатите знаења | Предметен наставник | ноември мај | VI-IX одд. | Стекнување на нови знаења |
| Посета на детскиот фестивал ,,Златно Славејче” | Да се развие интерес за слушање детски песни | Одделенски наставници | ноември | од I-VI одд. | Дружење и стекнување навики за посата на детски музички фестивали |
| Посета на Планетариум | Да ги прошири стекнатите знаења за космосот (хоризонтот, планетите,соsвездијата | Предметни наставници | ноември | V-IX | Да ја знае улогата и значењето на ваков вид објект |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Посета на Влада/Собрание на Р.Македонија | Да се запознае со работата и значењето на Владата и Собранието на Р.М | Одделенски и предметни наставници | ноември | од IV- IX одд. | Го знае значењето на поважните државни институции |
| Посета на театарска претстава | Да разликуваат декор,сцена и музичка илустрација | Одделенски наставници | декември | од I-IX одд. | Навика за посета на театар |
| Новогодишна претстава | Да се запознаат со музичко сценска уметност | Одделенски наставници | декември | од I-V одд. | Да се создаде желба и интерес за посета на претстава од различен вид |
| Посета на библиотека, Саем на книга и издавачка куќа | Да ги прошири и продлабочи стекнатите знаења | Одделенски и предметни наставници | февруари/ март/ април | III-IX одд. | Навика за посета на ваков вид објекти |
| Посета на американски корнер | Да се запознае со американската култура и литература | Предметни наставници | март | VI-IX одд. | Да ги прошири знаењата од американската културас |
| Посета на занаетчиска работилница | Да препознава и опишува видови занаети | Одделенски наставници | април | од II-V одд. | Да стекне навики за почит на традицијата и културното наследство |
| Посета на верски објекти во блиската околина | Да ја почитува традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај | Одделенски и предметни наставници | април | од III- IX одд. | Ги почитува верските разлики меѓу луѓето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Посета на знаменитости низ градот Скопје | Да се запознаат со позначајните знаменитости во градот Скопје | Одделенски и предметни наставници | април/ мај | I-IX одд. | Да го запознаат градот Скопје |
| Посета на изложба за Климент Охридски во библиотека ,,Другарче“ | Да умее да набљудува, забележува и препознава уметнички дела | предметни наставници | мај | VI-IX одд. | Да истражува, експериментира со примена на ликовни елементи,ликовни материјали и техники |
| Посета на кино | Да ги прошири стекнатите знаења | Одделенски и предметни наставници | во текот на годината | Од I-IX одд. | Да стекне навика за посета на кино |
| Посета на Спомен куќата на Мајка Тереза | Да сеапознае со животот и делото на Мајка Тереза | Предметни наставници | октомври/јуни | VI-IX | Збогатување на знаењето за вредоста и улогата на Мајка Тереза во светот |

***Комисија за излети, екскурзии, настава во природа и посети: Јулијана Максимовска, Анета Божиновска, Гордана Менкиноска, Силвана Савевска, Јадранка Георгијева, Марија Л. Георѓиевска, Даниела Сарафимова***

***Прилог бр. 10. Програма за реализација на ученички натпревари***

Со цел зголемување на интересот за самодокажување и афирмирање на знаењата стекнати во текот на наставата за учениците од IV до IX одделение, училиштето организира училишни натпревари. Натпреварите ќе се организираат во месец октомври и истите ќе бидат организирани и спроведени од одговорни наставници за секој наставен предмет. Одговорните наставници самостојно ги определуваат начинот и правилата за натпреварување, како и начинот на пријавување за натпреварите за што транспарентно и навремено ги информираат учениците. Максимален број на натпревари на кој што може да учествува еден ученик е два.

Поради специфичноста на наставните предмети секој одговорен наставник за нивно спроведување самостојно ја одредува формата на натпреварите.

Учениците кои ќе покажат најдобри резултати на натпреварите на училишно ниво, потоа треба да го претставуваат училиштето и на натпревари од повисок ранг (општински, градски, државни натпревари), за кои ќе бидат менторирани од страна на наставниците одговорни за одделни наставни предмети.

| **Планирана активност** | **Целна група** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Цели** |
|---|---|---|---|---|
| Турнир во мал фудбал/голем фудбал | V-IX | IX | Мирјана Гошевска | Развивање интерес и љубов кон спортот |
| Натпревари во пинг понг | V-IX | X | Мирјана Гошевска | Развивање натпреварувачки дух, љубов и интерес кон спортот |
| Меѓуодделенски натпревари во знаење | IV-V | X | Ампова Валентина | Продлабочување и збогатување на знаењата |
| Натпревари во шах | V-IX | XI | Мирјана Гошевска | Развивање вештини, љубов кон шахот |
| Училишни натпревари по сите предмети | IV – IX | XI | предметни наставници | Продлабочување и збогатување на знаењата |
| Натпревар по англиски јазик - ELTAM | V-IX | III, IV, V | Предметен наставник по англиски јазик | Продлабочување и збогатување на знаењата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Конкурс на библиотека „Другарче “ | VI-IX | XII | Предметни наставници по македонски јазик | Развивање на љубов кон пишаниот збор |
| Противпожарен натпревар | VI-IX | X, XI | Валентина Брњарчевска | Стекнување на нови знаења во врска со безбедност и заштита од пожари |
| Општински натпревари по предмети | IV – IX | III | Сите предметни наставници | Продлабочување и збогатување на знаењата |
| Натпревар по математика “Кенгур” | III-IX | IV | Ампова Валентина | Продлабочување и збогатување на знаењата |
| Хорски и оркестарски смотри | Хор и оркестар | IV, V | Игор Митковски | Презентација на училиштето |
| Литературен конкурс „Детски лирски треперења “ | VI-IX | IV, V | Предметни наставници по македонски јазик | Развивање на љубов и негување на пишаниот збор кон пишаниот збор |
| Литературен конкурс и кинофест-Алгоритам | IV-IX | IV, V | Предметни наставници по македонски јазик | Развивање вештини, интерес и љубов кон филмската уметност |
| Литературен конкур во Меморијалниот центар на Евреите | VI-IX | IV,V | Предметни наставници по македонски јазик | Развивање на љубов и негување на пишаниот збор кон пишаниот збор |
| Регионални натпревари по предмети | IV – IX | IV, V | Сите предметни наставници | Продлабочување и збогатување на знаењата |
| Државни натпревари по предмети | IV – IX | V | предметни наставници | Продлабочување и збогатување на знаењата |
| Денови на електротехника СЕТУ ,,Михајло Пупин” – Скопје | IX | V | Предметен наставник по физика | Продлабочување и збогатување на знаењата по физика преку практична примена на физичките закони |
| Турнир во одбојка | IX, VII | Во текот на целата година | Мирјана Гошевска | Развивање интерес и љубов кон спортот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Турнир во кошарка | IX,VII | Во текот на целата година | Мирјана Гошевска | Развивање интерес и љубов кон спортот |
| Меѓународни математички натпревари и олимпијади | IV-IX | Во текот на целата година | Одделенски и предметни наставници | Стекнување нови искуства, мотивација за покажување на знаењата на меѓународно ниво и промоција на учениците |
| Литературни конкурси од Сојуз за грижа и воспитување на децата | IV-IX | Во текот на целата година | Предметни наставници по македонски јазик | Љубов на пишаниот збор |

***Одговорни наставници: Верче Маневска-Стефанова, Анастасија Стрезовска, Татјана Кондратјук, Гордана Менкиноска, Мирјана Гошевска***

***Прилог бр. 11. Програма за унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција***

Наставниците и учениците ќе соработуваат преку реализација на разни наставни и воннаставни активности. Ваквите активности, односно соработката ќе се остварува преку заеднички средби на наставниците и учениците, кои ќе се реализираат наизменично во двете партнерски училишта. Покрај запознавањето на различните етникуми во Македонија, учениците, нивните родители, и наставниците, ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје, и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајќи свој придонес и учество.

| Планирана активност | Време | Реализатор |
|---|---|---|
| Работилници<br>Образование на животни вештини | Часови на одделенска заедница<br>Континуирано | Одделенски раководители, ученици |
| Реализација на МИО содржини<br>Предметна настава | Во рамките на наставата каде може да се вклучи дискусија за меѓуетничката интеграција<br>Континуирано | Предметни наставници<br>ученици |
| Работилници за најголемите верски празници | Бајрам и Велигден | Одделенски наставници |
| Квиз „ Заедно учиме“ | април | Членови на СИТ, ученици |
| Музички точки | Патронен празник<br>април | Ученици, наставник по музичко образование |
| Конкурс Ликовен и литературен | Патронен празник<br>април | СИТ Наставници по мајчин јазик, ликовно образование, одделенски наставници |
| Дебата “ Образованието клуч кон успехот„ | мај | Членови на СИТ, ученици |

***Тим за МИО:Јулијана Максимовска, Кристина Ристеска, Валентина Богоевска, Игор Митковски, Тања Крстевска, Силвана Савевска, Ирена Мирческа***

***Прилог бр. 12. Проекти што се реализираат во основното училиште Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања***

***Прилог бр.12.1 Антикорупциска едукација на учениците***

| РБ | Активности | Соработници | Време | Очекувани исходи | Докази |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дефинирање на целна група и формирање тим за да се одреди содржината и методот на антикорупциските предавања за учениците и наставниците | Силвана Савевска наставник по граѓанско образование психолог, педагог | ноември 2026 год. | формирање тим и изработка на програма за антикорупциска едукација за ученици од VI- IX одделение. | Програма за антикорупциска едукација |
| 2. | Упатство за вградување на антикорупциски содржини за време на одделенските часови и вон училишните активности по граѓанско образование | Силвана Савевска педагог и психолог | Декември мај 2026/2027 | оспособување на наставниците за реализација на програмата за антикорупциска едукација | Промотивен материјал - постер и белешки, книги со слоганот на проектот |
| 3. | Предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности; за корупција и антикорупција-работилница за ученици | одделенски раководители од VI -IX одд.,и наставник по граѓанско образование | декември/ јануари 2026/2027 год. | стекнување знаења за корупција и антикорупција, одолевање на социјален притисок, препознавање на механизми за спречување на корупција | анкетен прашалник, дневна подготовка, фотографии, презентација , |
| 4. | Работилници за антикорупциска едукација на учениците | наставници од VI-IX одд.,педагог и психолог | јануари-март 2027 год. | зајакнување на антикорупциските механизми за борбата против корупцијата | изработки, фотографии и видео докази |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Работилница:<br>Промоција на нетолеранција кон корупцијата.<br>Демонстрација на можности за борба против корупцијата | Силвана Савевска педагог и психолог | април<br>2027 год. | развивање на културa на нетолеранција кон корупцијата | флип чарт хартија,<br>фотографии и видео докази |
| 6. | Ликовен и литературен конкурс на тема: „Корупција- ја сечеш гранката на која што седиш„ | наставници по македонски јазик и ликовно образование и<br>ученици | мај<br>2027 год. | развивање на ликовни и литературни потенцијали на учениците | ликовни и литературни творби |
| 7. | Доделување награди од конкурсите | наставници по македонски јазик , ликовно образование и граѓанско образование | мај<br>2027 год. | подобрена мотивација за учество во Програмата | дипломи и пофалници за ученици |
| 8. | Евалуација и извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупција | наставник по граѓанско образование, педагог и психолог | мај<br>2027 год | сумирање на ефектите од Програмата и предлог акционен план за подобрување и идни активности | извештај |

***Одговорен наставник: Силвана Савевска***

***Прилог бр.12.2 Отворен ден по граѓанско образование***

Цели на отворениот ден по граѓанско образование: - зајакнување на демократската клима во училиштето и промовирање на училиштето. Активностите за Отворен ден по граѓанско образование ќе се спроведат во Вонnаставни активности по граѓанско образование во кои главни носители на активностите ќе бидат учениците од 8-мо и 9-то одделение во училиштето, во соработка со другите ученици и наставниот кадар во училиштето. Активностите ќе бидат организирани и спроведени од страна на учениците кои со свои идеи ќе потикнат ученички иницијативи кои ќе придонесат за поголема вклученост на нив самите но и на другите учениците во училиштето..Со тоа учениците ќе стекнат одговорност, поголема самодоверба и важност дека се вклучени во целокупниот воспитно-образовен процес и се заслужни за позитивни промени и промоција на училиштето во заедницата.

| | Година 2026/2027 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка | | | | | | Следење | | |
| **Задача** | **Активност** | **9** | **9** | **Носител** | **Начини на спроведување (ресурси)** | **Очекувани резултати** | **Одговорни лица** | | | **Буџет** |
| Зајакнување на демократската клима во училиштето и промоција на училиштето | Реализација на Отворен ден за граѓанско образование Месец декември | подготовка | подготовка | подготовка | Отворен ден - трета недела од октомври | Училишно раководство Стручна служба Наставник по граѓанско образование и ученици од 8мо и 9-то одделение | Презентации од ученици за придобивките од отворениот ден во 2026/2027 Дискусии/дебати за теми од ГО кои би поттикнале интерес кај учениците Идентификување на аспекти во училиштето/ заедницата кои треба да се подобрат и спроведување ученичка акција за позитивна промена и промоција на училиште | Поттикнување на одговорност и иницијативност кај учениците Промовирање на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и промоција на работата, постигнувањата на учениците и наставниот кадар во училиштето. Промоција ан позитивни вредности кај учениците | Училишно раководство Стручна служба Наставник по ГО (Инструменти за следење и проценка: листи на учество, фотографии, прашалник за ефектите од активностите) | |

***Одговорен наставник: Силвана Савевска (наставник по граѓанско образование)***

***Прилог бр. 13. Програми за поддршка на учениците***

***Прилог бр. 13.1. План за подобрување на постигањата на учениците***

***Програма за следење на постигањата на учениците и за подобрување на резултатите***

| Активности | Цели | Реализација | Одговорни лица | Индикатори/докази/ Форми/методи | Следење/ Повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање тим за следење и евалуација на постигањата на учениците | Следење на постигањата на учениците во учебната | Во текот на учебната година | Членови на тимот; Стручни соработници Директор | Евиденција на наставници Евиденција на стр. соработници Евидентни листови за успехот на учениците | Записници од одделенски и наставнички совет |
| Идентификување на когнитивни способности на учениците | Идентификување на надарени ученици, ученици со пречки во развој и ученици со потешкотии во учењето | Во текот на годината | Наставници, Родители Стручни соработници, УИТ, ИТУ на ученици со ПОП | Евиденција на стр. соработници Групна индивидуална Разговор/ тестови | Извештај од спроведена активност. Наоди од психолошки тестирања. |
| Идентификување на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, значително го намалуваат училишниот успех или пројавуваат несоодветно однесување и давање на поддршка на овие ученици | Поддршка и развој на силни страни на ученици кои имаат потешкотии со учењето, несоодветно однесување и слаб училишен успех | Во текот на годината | Ученици Наставници Инклузивен тим Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор Педагог | Евиденција на стр. соработници Групна индивидуална Разговор/ тестови/ набљудување/ работа со ученици | Извештаи од спроведени активности со учениците. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Посета на часови – анализа на вклученост на учениците во активностите на часот и ефекти од применети методи врз напредок на поедини ученици | Идентификување и поддршка на ученици кои имаат потешкотии со учење, несоодветно однесување и слаб училишен успех | Во текот на годината | Директор<br>Наставници<br>Инклузивен тим<br>Стручни соработници | Записници од посета на час, евиденција на стр. соработници Набљудување/ разговори со ученици/наставници | Извештаи од посети на часови. Консултации со наставникот по посетениот час. |
| Анкета со ученици од 6 одделение ,,Предизвици при преминот од одделенска во предметна настава“ | Проценка на предизвиците со кои се соочуваат учениците при премин од одделенска во предметна настава | 10-12.2026 | Ученици<br>Наставници<br>Стручни соработници | Извештаи од спроведена анкета и од работилници, ППТ презентација | Извештај од спроведена активност. |
| Утврдување на причини за слаб успех и напредок на ученици со потешкотии во учење, советувања на учениците | Поддршка на ученици во учење и подобрување на училишниот успех | Во текот на годината | Ученици,<br>Наставници<br>Родители,<br>Стручни соработници,<br>Инклузивен тим | Записници од разговори и советувања. Индивидуална/ разговори/ дискусии | Записници од активности на стручни соработници |
| Следење на напредокот на учениците со потешкотии во учењето. | Поддршка на учениците во учењето и помош во подобрување на училишниот успех | Во текот на годината | Наставници,<br>Директор,<br>Родители,<br>Стручни соработници | Евиденција на психологот Разговор/ посета на час/анализи на успех | Записници од одделенски и наставнички совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Процена на подготвеност на идните првачиња за вклучување во образовниот процес, социјализација и напредување во училиштето | Препознавање и работа со ученици со емоционални потешкотии , проблеми во однесувањето и приспособување на средината | 05-07.2027 | Комисија за упис на ученици во прво одделение за учебна 2027/2028 година | Документи за упис на ученици/ групна/ Индивидуална/ разговор/ психометриски алатки | Извештај за психолошка процена на состојба на идните првачиња |
| Посета на часови и следење на приспособување и напредок на учениците | Увид во приспособеноста и напредокот на учениците | 09-11.2026<br>02-03.2027 | Стручни соработници. Инклузивен тим Наставници, Родители | Записници од посета на час./ Разговори/ Набљудување | Записници од разговори со наставници/родители/ специјален едукатор и рехабилитатор |
| Откривање ученици од I одд со потешкотии во напредокот, консултации со спец. едукатор и рехабилитатор родители и надлежни институции | Поддршка на учениците во учењето и помош во подобрување на училишниот успех | Во текот на годината | Стручни соработници Родители Наставници, Директор Инклузивен тим | Евиденција на психологот/ Индивидуална работа/ Разговор/ набљудување/ психометриски алатки | Записници од активности со учениците. |
| Следење на напредокот на учениците со посебни образовни потреби и индивидуална работа со учениците | Поддршка на учениците со посебни образовни потреби и помош во подобрување на постигнувањата | Во текот на годината | Наставници, Родители Стручни соработници, ученици, Инклузивен тим | Записници од посета на час/Индивидуална работа /Тестирање, Разговори/ советување, Набљудување | Записници од разговори / наоди од тестирање/ чек листи/евиденција од посета на час |
| Изработка на план за работа со надарени и талентирани ученици, индивидуална работа со надарени и талентирани ученици | Препознавање, идентификување и работа со надарени и талентирани ученици | Во текот на годината | Наставници Родители, Директор Стручни соработници Стручни активи | Записници од реазлизирани активности.Разговори/ анализи/ наоди од зададени психолошки алатки | Изработен план за работа со надарени и талентирани. Записници од работа со надарени и талентирани ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Утврдување на лични карактеристики, степен на надареност и образовни потреби и индивидуална работа со надарени/ талентирани | Идентификување и работа со надарени и талентирани ученици. Емоционален развој на учениците | Во текот на годината | Наставници Родители Директор Стручни соработници | Набљудување во тек на час, Разговори/анализи/ | Реализација на план за работа со надарени и талентирани. Записници од работа со надарени и талентирани |
| Интервенции и советодавно консултативна работа со ученици кои имаат кризни ситуации, емоционални проблеми, несоодветно однесување | Поддршка во надминување на проблемот. Поддршка на учениците за нивен хармоничен развој | Во текот на годината | Ученици, Наставници Родители, Директор, Стручни соработници Институции, | Евиденција на стручни соработници Индивидуална/ Разговор/ набљудување/ советување | Записници од активности со ученици/ родители/ наставници/ соработка со разни институции. |
| Посета на наставен час – набљудување на ученици, разговори со ученици | Прибирање податоци за личен и социјален развој на учениците | Во текот на годината | Ученици, Наставници Родители Инклузивен тим | Посета на час – чек листи /Набљудување /Разговори/Консултации/ Советување | Документација од посета на час, евиденција – стручни соработници |
| Работилници за психосоцијален развој | Поддршка на личен и емоционален раст и развој на учениците | во текот на годината | Наставници; ученици од одделенска и предметна настава Психолог | Евиденција на стручни соработници Групна работа/ Работилници | Извештаи од спроведени психолошки работилници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на ученици со ПОП во развој на самодоверба и подобрување на сликата за себе | Поддршка на личен и емоционален раст и развој на на учениците | Во текот на годината | Психолог Родители | Разговор, вежби, советување | Евиденција на стручни соработници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуална работа со ученици со ПОП (психомоторна реедукација, развој на социјални вештини и комуникација, вежби за надминување на потешкотиите во учењето: дискалкулија, диграфија и дислексија) | Подобрување на нивните психомоторни способности Подобар успех во усвојување на наставните содржини | Во текот на учебната година | Специјален едукатор и рехабилитатор | Разговор, набљудување, вежби | Евиденција на специјален едукатор и рехабилитатор |
| Поддршка во училница на ученици со ПОП | Полесно следење и вклучување во воспитно-образовниот процес | Во текот на учебната година | Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници | Посета на час – чек листи | Евиденција на специјален едукатор и рехабилитатор |

**Прилог бр. 13.2. Програма за професионална ориентација на учениците**

| **Време на реализација** | **Планирана активност** | **Реализатор** |
|---|---|---|
| IX - X | Изработка на програма на активности за професионална ориентација | Стручни соработници, наставници |
| XI | Запознавање на одделенските заедници во осмо и деветто одделение со програмата за работа на професионално ориентирање | Одделенски раководител |
| II | Изготовка на информативен флаер за родителите за важноста од професионалната ориентација | Стручни соработници |
| III | Информирање на учениците за изборот на средни училишта и струки. Организација на средби на учениците од деветто одделение со претставници од средните училишта на град Скопје. Конкурсот за запишување на ученици во средно образование | Стручни соработници |
| IV | Спроведување на анкета за учениците: „Каде сакам да го продолжам моето образование“. Обработка на податоците од анкетата | Стручни соработници |
| V | Прашалник за професионални интереси и особини на личноста, поврзани со секоја струка (RIASEC). Информирање на учениците за резултатите од прашалникот | Стручни соработници |
| VI | Информирање на учениците за начините за запишување во средните училишта | Стручни соработници |

*Прилог бр. 13.3. Програма за превенција од насилно однесување*

## ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ, БУЛИНГ И ВРСНИЧКО МАЛОЛЕТНИЧКО НАСИЛСТВО

Целта на оваа програма е создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина преку превенција на сите форми на насилство, развивање култура на почитување, толеранција, емпатија и ненасилна комуникација, како и зајакнување на партнерството помеѓу училиштето и семејството.

| Период | Активност | Носители и одговорности | Целна група | Очекувани резултати | Следење и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| Септември | Запознавање на учениците со Кодексот на однесување, куќниот ред и процедурите за заштита од насилство | Одделенски раководители – реализација на часови; Психолог и педагог – подготвување насоки и материјали; Специјален едукатор и рехабилитатор – поддршка за ученици со ПОП | I–IX одделение | Учениците ги познаваат правилата, правата и обврските | Евиденција во дневник, белешки од реализирани активности |
| Октомври | Прогласување на Октомври за „Месец на борба против булингот и врсничкото малолетничко насилство“ | Директор – координација; Стручна служба – организација; Наставници – поддршка во реализацијата | Училишна заедница | Подигната видливост на темата и мобилизирање на целата училишна заедница | Извештај за реализирани активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Октомври | Работилници „Препознај, реагирај, поддржи“ | Психолог – подготовка и реализација; Одделенски раководители – поддршка и следење; Специјален едукатор и рехабилитатор – адаптација на содржини | III–IX одделение | Учениците ги препознаваат облиците на булинг и начините на реагирање | Работни листови, анкети, извештаи |
| Октомври | Трибина „Заедно против булингот“ | Директор – отворање на настанот Психолог – стручен вовед; Педагог – модерирање; Наставници – организациска поддршка; | Родители, ученици, наставници | Зголемена информираност за ризиците и последиците од насилството | Листа на присутни, евалуациски прашалник |
| Октомври | Тематски родителски средби „Родителот и училиштето – партнери во воспитувањето“ | Одделенски раководители – реализација; Психолог и педагог – стручна поддршка; Специјален едукатор и рехабилитатор – советодавна поддршка | Родители | Зајакната соработка помеѓу родителите и училиштето | Записници од родителски средби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Октомври | Училишна медиумска и информативна кампања (постери, пораки, видеа, веб-објави) | Ученички парламент – подготовка на пораки; Наставници по македонски јазик, информатика и ликовно образование Психолог и педагог  и одговорен наставник на ученички парламент – менторство; | Ученици, родители, локална заедница | Подигната јавна свест за превенција на насилството | Број на објави, фотографии, продукти од ученици |
| Ноември | Одбележување на Меѓународниот ден на толеранцијата | Одделенски раководители; Наставници; Ученички парламент | Ученици | Развиена култура на почитување на различностите | Изложби, презентации, извештаи |
| Декември | Формирање и обука на врснички поддржувачи | Одделенски раководители – избор на ученици Наставник по граѓанско образование Стручни соработници | Ученички парламент и претставници од паралелки | Зајакнати врснички механизми за поддршка | Списоци на ученици и евиденција од обуките |
| Февруари | Едукација за сајбер насилство и безбедно користење на интернет | Психолог – работилница; Наставници по информатика – стручна поддршка; Одделенски раководители – дискусии | IV–IX одделение | Намалување на ризичното онлајн однесување | Анкети и дискусии со учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Март | Одбележување на Денот против врсничкото насилство | Ученички парламент; Одделенски раководители; Стручна служба | Сите ученици | Активно вклучување на учениците во промоција на ненасилство | Извештај и ученички продукти |
| Април | Промоција на Кутија на доверба и механизми за пријавување насилство | Ученички парламент – промоција | Ученици | Зголемена доверба и навремено пријавување на проблеми | Анализа на поднесени иницијативи и пријави |
| Мај | Евалуација на програмата и планирање препораки за следната учебна година | Психолог – анализа на податоци; Педагог – подготовка на извештај; Наставници – повратни информации | Ученици, родители, наставници | Утврдени ефекти од програмата и препораки за подобрување | Анкети, статистички показатели, годишен извештај |

**Општи индикатори за успешност на програмата**

**Зголемена информираност на учениците за облиците на насилство и начините на заштита.**
**• Подобрена комуникација и соработка меѓу учениците, наставниците и родителите.**
**• Намалување на бројот на случаи на насилно однесување и конфликти.**
**• Зголемен број ученици кои знаат каде и како да побараат помош.**
**• Зајакнато партнерство помеѓу училиштето и семејството.**
**• Подобрување на училишната клима и чувството на безбедност кај учениците.**

***Прилог бр. 13.4. Програма за унапредување и подобрување на менталното и физичкото здравје***

**Цел:**

Создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина која го поттикнува социо-емоционалниот развој, психолошката отпорност, позитивните односи и добросостојбата на учениците.

| **Период** | **Приоритетна област** | **Предлог активности / работилници** | **Целна група** | **Носители** | **Очекувани исходи** |
|---|---|---|---|---|---|
| Септември – Ноември | Јас и другите | Запознавање и градење одделенска заедница; Одделенски правила и кодекс на однесување Моите чувства; Моите силни страни; Другарство и соработка; | Ученици I–IX одделение | Одделенски раководители, психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор | Развиено чувство на припадност, препознавање и изразување емоции, позитивна одделенска клима |
| Декември – Февруари | Комуникација и справување со предизвици | Активно слушање; Асертивна комуникација; Решавање конфликти; Контрола на емоции; Безбедно користење интернет и социјални мрежи | Ученици I–IX одделение | Психолог, педагог, библиотекар, одделенски раководители | Подобрени комуникациски вештини, намалување на конфликти, одговорно дигитално однесување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Март – Април | Емпатија, инклузија и поддршка | Почитување различности; Емпатија; Хуманитарни акции; Кругови на поддршка; Одбележување значајни денови поврзани со менталното здравје и инклузијата | Ученици I–IX одделение | Психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар, Ученички парламент | Развиена емпатија, толеранција, прифаќање на различностите и социјална одговорност |
| Мај – Јуни | Личен развој и иднина | Самодоверба и самопочит; Моите успеси; Поставување цели; Кариерни интереси и професионална ориентација; Рефлексија за личниот развој | Ученици I–IX одделение | Психолог, педагог, одделенски раководители | Развиена позитивна слика за себе, препознавање на личните потенцијали и планирање на идниот развој |

***Програма за помош на ученици кои имаат емоционални потешкотии***

| Ред. Бр. | Содржини и активности | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Идентификување на учениците кои имаат емоционални потешкотии (информативни разговори,советодавни разговори, набљудување) | Педагог, психолог, одделенски наставници и раководители на паралелки | Во почетокот на учебната година |
| 2. | Соработка со родители:<br>– за полесно откривање на проблемот<br>– индивидуални средби | | Од почеток на учебната година континуирано |
| 3. | Советодавно - консултативни разговори: со ученикот, со неговите родители/старатели, со наставникот за надминување на проблемот,  психолошки работилници... | | |
| 4. | Следење дали има подобрување преку набљудување на ученикот, психолошки тестирања и ретестирања, разговори со него и неговите родители/старатели | | |
| 5. | Барање на помош (или упатување) од соодветна установа | | |

***Програма за Грижата за здравјето на учениците 2026/2027***

Училиштето има обврска да води грижа и за здравјето на учениците и во рамките на ова подрачје се организираат систематски прегледи и вакцинација за учениците, се одржуваа стручни предавања за штетноста на алкохолот, наркоманијата, штетноста од пушење; се води грижа за хигиенските услови во училиштето, спортски активности, излети во природа и сл.Како позначајни активности од оваа област би ги спомenале:

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Ресурси | Време | Очекувани ефекти и исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| Осигурување на учениците | Надомест при евентуални повреди | Училиште | Осигурителна компанија | септември | Надомест при евентуални повреди |
| Исхрана во училиштето | Квалитетна и здрава храна за учениците во училиштето | Училиште | Училишна кујна | септември | Намалување на бројот на ученици кои се хранат со нездрава и неправилна исхрана и намалување на бројот на ученици со прекумерна тежина |
| Вакцини<br>Систематски прегледи<br>Грижа за здравјето на забите и совети за орална хигиена | Заштита и превенција | Доктор | Поликлиника ,,Ѓорче Петров” | во текот на целата учебна година | Поголем број на здрави деца |
| Предавање ”Како да се заштитиме од грипот и настинките”<br>Предавање на тема ”Најчести деформитети на ‘рбетниот столб како последица од неправилно држење и седење” | Како да се заштитиме од заразни болести.<br>Мерки за превенција, заштита и навремено откривање на евентуални болести и аномалии | Стручно лице | Стручна литература, компјутер и проектор | ноември | Поголема здравствена просветеност на учениците и нивните семејства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предавања за СИДА Опасности за маладите: Дрога, алкохол и пушење | Мерки за заштита и превенција од СИДА и зависности и нивно лекување | Стручно лице | Стручна литература, компјутер и проектор | декември | Едукација на учениците за причините и последиците од болеста и зависностите |
| Одржување на хигиена во домот и училиштето | Подобрување на хигиената во домот и училиштето | Одговорни наставници од одделенска и предметна настава | Стручна литература | февруари | Подобар и поквалитетен живот |
| Превенција од насилство | Превенција и заштита од насилство | Претставници од полициска станица ,,Ѓорче Петров” | Стручна литература | март | Заштита на учениците од секаков вид насилство |
| Одбележување на светскиот ден на здравјето | Негување и чување на здравјето | Одговорни наставници од одделенска и предметна настава | Стручна литература, компјутер | април | Здрав, квалитетен и долг живот |
| Грижа на учениците со хронични болести- проблеми со дишните патишта, бронхитис, астма, алергиски реакции | Едукација на учениците за состојбите во кои тие можат да бидат | Стручно лице, одговорни наставници од одделенска и предметна | Стручна литература, компјутер и проектор | мај | Подобар и поквалитетен живот и покрај нарушено здравје |

***Одговорни наставници: Емилија Цепевска, Валентина Груојска, Јадранка Георѓијева, Дарко Крстановски, Милица Николиќ***

***Програма за здрава исхрана***

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Ресурси | Време | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| Предавање за водата и нејзиното есенцијално значење | Едукација на учениците за есенцијалната важност на водата | Ученици од VI-IX | Презентација, компјутер,лцд проектор,целна група на ученици | септември-мај | Важноста на водата за правилна функција и интегритет на сите животни процеси во телото |
| Предавање и работилница од страна на стоматолог | Запознавање и едукација на учениците со значењето од правилна грижа и зачувување на оралното здравје | Стоматолог<br>Верче Маневска-Стефанова | Презентациај, флаери, модел од усна шуплина со заби, четка за одржување на хигиена на забите, лцд проектор, целна група на ученици | септември-<br>мај | Превенција од здобивање на други болести при недоволна грижа за оралното здравје |
| Предавање за здрава исхрана овошје и зеленчук | Едукација на учениците за важноста на правилното комбинирање на храната | Верче Маневска-Стефанова | Репрезентативен материјал за здрава исхрана | септември-мај | Информирање и запознавање на учениците со тоа што е здрава храна и нејзиното значење за правилен раст и развој,подигнување на свеста за конзумирање на свежо овошје и зеленчук |

***Одговорен наставник:*** **Верче Маневска-Стефанова**

***Прилог бр. 14. План за унапредување и подобрување на оценувањето***

| **Цел** | **Задача** | **Реализатори** | **Ресурси** | **Временска рамка** | **Критериуми за успех (индикатори)** |
|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на примената на формативното оценување. | Организирање работилници и меѓусебни посети на часови. | Директор, стручна служба, наставници | Правилници, прирачници | Сеп.–Ное. | 90% наставници применуваат најмалку 2 техники. |
| Зголемување на транспарентноста. | Запознавање на учениците со критериумите за оценување за секоја тема | Наставници | Наставни програми | Окт.–Дек. | 80% ученици ги познаваат критериумите. |
| Поттикнување самооценување. | Самооценување и врсничко оценување. | Наставници | Работни листови | Ное.–Мај | 80% ученици редовно самооценуваат. |
| Континуирано следење. | Анализа на успехот. | Директор, стручна служба | Е-дневник | Во текот на годината | 3 анализи и мерки. |

**Очекувани ефекти**

- Поголема објективност и транспарентност.
- Подобро разбирање на критериумите.
- Поголема мотивираност на учениците.
- Континуирано подобрување на наставата.

***Одговорни лица: Анкица Спасова, Ирена Мирческа, Валентина Брњарчевска, Марија Л. Ѓоргиевска, Вангелка Грујоска, Александра Луковска***

***Прилолог бр. 15. План за стручни посети и следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар***

| **Активност** | **Носители** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика и планирање за посета на часови | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | Анализа на состојбата<br>Распоред на часови<br>Стручни материјали | Извештај од посетени часови<br>Прашалник за наставниците | Септември | Увид во реализација на наставата |
| Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови<br><br>Изготвување извештаи од увид во планирања на наставниците и посета на часови | Директор<br>Стручни соработници | Годишни и тематски планирања на наставниците<br>Дневни подготовки на наставниците | Инструменти за евалуација на час<br>Инструмент за увид во дневните планирања на наставниците | Во тек на годината | Подобар квалитет при реализација на часовите - Користење современи приоди во наставата |
| Евалуација | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | Прашалник за наставниците | Програми и подготовки на наставниците<br>Обработка на податоците од увид на часови пополнети инструменти | Јуни | Зголемена ефикасност на наставата |

Воспитно - образовниот процес во училиштето се следи од страна на директорот и стручната служба. Ова следење е планирано во нивните програми за работа. Со овие стандарди и критериуми се одредува динамиката и карактерот на следењето и вреднувањето.

**Следење и вреднување на планирањата од наставниците по предмети:**

| **Вид на планирање кое се следи** | **Динамика на следењето** | **Начин на следење** | **Документ за евиденција** | **Носители на следењето** |
|---|---|---|---|---|
| Глобалното и тематско планирање за задолжителната, дополнителната и додатната настава и СУА | во текот на месец септември | Увид во квалитетот на планирањата, застапеноста на сите потребни елементи во него и слично | Листа за следење на планирањата | директор<br><br>стручна служба |
| Дневните планирања за час | периодично | Увид во квалитетот на дневното планирање и застапеноста на сите потребни елементи во него | Листа за следење на дневното планирање | директор стручна служба |
| Годишната програма за работа на училиштето | по класификациони периоди | Разгледување на степенот и успешност на реализација | Записници од наставнички совет Извештаи | директор стручна служба наставници |

Неструктуираното следење и вреднување на наставата ќе се спроведува инцидентно, доколку се јави некаков проблем во паралелката, доколку се добиени информации за неквалитетно изведување на наставата и слично. Кога се следи и вреднува на ваков начин:

- мора да се најави барем еден час порано кај наставникот;
- не треба да се има предвидени очекувања од следењето;
- следењето се бележи во слободна форма;
- се бележат некои впечатливи детали од наставниот процес;
- се обидуваме да го идентификуваме проблемот (доколку постои);
- по следењето белешките се систематизираат и чуваат како извештај од неструктуирано следење на настава;
- по следењето се врши разговор со наставникот, а заклучоците од разговорот се внесуваат во извештајот.

Структуираното следење на наставата е она кое е планирано во годишните програми на директорот и педагогот. Ова следење:

- се договара најмалку ден порано со наставникот;

- однапред се знае што ќе се следи;
- следењето се бележи во однапред изработени обрасци кои се исти за сите следења;
- по следењето се разговара со наставникот или писмено му се доставува извештајот од следењето;

При структуираното следење на наставата се следи: однесувањето на наставникот и учениците, наставната динамика, реализацијата на целите; користењето на нагледни средства; примена на методи; соодветноста на содржината и наставните форми.

2. Следење на педагошката евиденција и документација

Следењето на педагошката евиденција и документација е со цел увид, контрола и преглед на начинот на кој се потполнува од страна на вработените во училиштето. Следењето во врши директорот на училиштето во соработка со педагогот и психологот.

**Видови документи кои се следат и динамика на следење:**

| **Вид на планирање кое се следи** | **Динамика на следењето** | **Начин на следење** | **Документ за евиденција** | **Носители на следењето** |
|---|---|---|---|---|
| Главната книга на учениците | 1. на почетокот од учебната година - крајот на септември<br>2. на крајот од учебната година | 1. проверка на внесените податоци за новите ученици<br>2. проверка на внесените податоци од успехот на учениците | Хронолошки листи за следење и регистрирање на недостатоци | директор<br>стручни соработници |
| електронски дневник | Пред секој класификационен период;<br>октомври, декември, април и јуни | Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех и друго | Хронолошки листи за следење и регистрирање на недостатоци | директор<br>тим за проверка на е-дневник |
| Свидетелствата | на крајот од учебната година | Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех и друго | / | директор<br>тим за проверка на свидетелства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Преведниците (запишани и отпишани ученици) | во текот на целата учебна година (по потреба) | Проверка на внесените податоци за учениците | Евидентен лист за запишани и отпишани ученици | директор стручни соработници секретар |

***Подрачје 15.1 План за самоевалуација на училиштето***

| **Активност** | **Носители** | **Временска рамка** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|
| Формирање на тим за самоевалуација | Раководство, наставници | Февруари | Формиран тим кој ќе работи на самоевалуацијата |
| Дефинирање на приоритети | Тим за самоевалуација | Февруари | Јасно дефинирани области за фокусирање |
| Изработка на анкети и прашалници | Тим за самоевалуација | Февруари | Подготвени алатки за собирање податоци |
| Собирање на податоци (анкети, интервјуа, посматрања) | Тим за самоевалуација | Март | Прибрани релевантни податоци |
| Анализа на податоците | Тим за самоевалуација | Април | Добиени информации за состојбата и квалитетот |
| Идентификување на силните и слабите страни | Тим за самоевалуација | Април | Јасна слика за силните и слабите аспекти |
| Подготвување на извештај за самоевалуација | Тим за самоевалуација | Мај | Завршен извештај со релевантни препораки |
| Презентирање на резултатите пред наставничкиот совет и родителите | Тим за самоевалуација, раководство | Мај | Информирани наставници и родители за наодите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка на акциски план за подобрување | Раководство, тим за самоевалуација | Јуни | Поставени насоки за подобрување |

***Прилог бр. 16. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди (Програмата за лична и колективна заштита и безбедност)***

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот за планирање | 09.2026 | Тим за заштита и спасување | Стручна литература, скица | Консултации | Успешна реализација и размена на искуства |
| Тестирање на ѕвоно, аларм за евакуација | 10.2026 | Тим за заштита и спасување | Училишно ѕвоно, систем за набљудување | Демонстрација | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарна непог. |
| Координација на вработените за активностите на тимовите во случаи на елементарна непогода | 11.2026 | Тим за заштита и спасување | Материјал за презентација<br>План за заштита и спасување<br>Правилник | Консултации | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош | 12.2026 | Тим за заштита и спасување | Средства за прва помош (санитетски материјал) | Симулација | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош | 02.2027 | Тим за заштита и спасување<br>Ученици | Средства за прва помош екипа за медицинска помош | Практична вежба | Експедитивност и ефикасност на тимот за прва помош во случај на елеметарна непогода |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вежбовна активност и евакуација-во редовна настава и во продолжен престој | 03.2027 | Тим за планирање вработени и ученици наставници | Средства за прва помош екипа за медицинска помош | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Евалуација на спроведените активности | 05.2027 | Тим за заштита и спасување | Програма за заштита и спасување при елемент. непогоди | Консултации, стручни активи, записници | Реализирање на програмата и активностите за заштита и спасување |

***Одговорни наставници:Јулијана Максимовска, Мирјана Гошевска, Игор Митковски, и тимови***

***Прилог 16.1. Програма за обучување за самозаштита ООУ „Тихомир Милошевски“ 2026/2027***
***Цели на програмата:***

- ***Учениците да стекнат основни знаења за безбедност и самозаштита.***
- ***Да развијат вештини за правилно реагирање во различни ризични и опасни ситуации.***
- ***Да научат како да превенираат ризици и да придонесуваат за сопствена и заедничка заштита.***
- ***Да развијат одговорност за сопствената безбедност и безбедноста на другите.***
- ***Да се стекнат со основни практични вештини (како прва помош и постапување при несреќи или катастрофи)***
- ***Да научат да соработуваат со надлежните служби и користат ресурси за заштита.***

| | Месец | Одделение Целна група | Активност / Тема | Цели | Очекувани исходи | Спроведувачи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | јуни 2026 | Вработени во училиштето | Подготовка и планирање на програмата | Изготвување на програма за самозаштита<br>Подигнување на свеста за ризици и мерки | Изготвен план за реализација<br>Зголемена информираност | Директор, наставнички совет |
| 2. | Септември – Октомври 2026 | I–IX | Теоретски часови:<br>- „Што е заштита и самозаштита?“ (ОЖВ) | Учениците да го разберат поимот заштита и самозаштита, да препознаат кои институцаии и служби се грижат за безбедноста, да научат како правилно да реагираат во опасни ситуации и да развијат одговорност и способност за лично и групно однесување при несреќи. | - учениците да објаснат што е заштита и самозаштита<br>Да ги наведат најважните служби за заштита<br>Да опише како се постапува при земјотрес, пожар, поплава, да развие свест дека смиреноста и знаењето во опасност спасуваат животи. | Одделенски раководители |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Ноември 2026 | V–IX | Теоретски часови: Катастрофи, Лична безбедност, Прва помош „ Да се заштитиме во опасност“<br><br>„Да бидеме подготвени при природни катастрофи“ Работилница за прва помош | Да развијат пошироки знаења и основни вештини при различни видови опасност, да покажат соработка, храброст и присебост во симулираните вежби. Правилно однесување при природни катастрофи. Да се заштитат себеси и другите, да знаат како да повикаат помош. | - Разликуваат катастрофи,<br>- наведуваат правила за безбедно движење,<br>- покажуваат постапки за прва помош<br>Да набројат најмалку 3 вида опасности,<br>Да ги издвојат основните правила на заштита при непогоди,<br>Да покажат правилно однесување при евакуација во училиште,<br>Да демонстираат соработка со своите соученици.<br>Учениците да препознаат најчести природни актастрофи и нивните последици, да применат едноставни правила за самозаштита и да покажат како да се однесуваат при евакуација.<br>Да повикаат помош од надлежните служби и да соработуваат меѓусебно | Јадранка Георгијева |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Декември 2026 | Сите одделенија | Практични вежби за евакуација и итни ситуации | Да се применат теоретските знаења во пракса | Учениците дисциплинирано учествуваат во евакуација | Тим за евакуација |
| 6. | Јануари - Февруари 2027 | V–VIII | Обука за опасни материјали „Знаци на хемиски промени“ | Да направат разлика помеѓу хемиски и физички промени и препознаат ризици реакциите од кислород и опасните гасови | Учениците ги разликуваат опасните супстанци | Верче Маневска-Стефанова |
| 7. | Април 2027 | ученици од VIII и IX одделение | Примена на знаењата од физика во заштитата и превенцијата од елементарни непогоди | Учениците да ги разберат физичките појави што предизвикуваат природни непогоди и да стекнат знаења и вештини за правилно и безбедно постапување во различни ситуации | Да ги објаснат основните физички причини за појава на земјотреси, грмотевици, пожари и поплави; да ги поврзат физичките појави со секојдневниот живот; да препознаат потенцијални опасности при елементарни непогоди; да применуваат мерки за заштита и безбедно однесување; да развијат одговорност и свест за личната и колективната безбедност. | Александра Луковска |
| 8. | Февруари – Март 2027 | VII - IX | Теоретски часови: Прва психолошка помош во | Да развијат психолошка стабилност и лидерство | Учениците применуваат техники за смирување, преземаат улога на поддршка | Ирена Мирческа психолог |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | кризна ситуација | | | |
| 9. | Март 2027 | Сите ученици и вработени | Симулациска вежба Практични вежби за евакуација и итни ситуации | Развивање на способности за соодветно реагирање преку учество во практични активности симулации и вежби за постапување во ризични ситуации | Развивање вештини и соодветно реагирање при природни непогоди | Тим за евакуација |
| 10. | Март 2027 | VII - IX | Натпревари и квизови за самозаштита од пожар | Да се зацврстат знаењата преку натпревар | Учениците покажуваат знаења и вештини | Валентина Брњарчевска педагог |
| 11. | Март – Април 2027 | VII–IX | Посети на пожарна единица | Запознавање со институцијата | Учениците гледаат практична работа на службите | Наставници, институции |
| 12. | Април - Мај 2027 | VI- IX | Едукативна работилница за учениците на тема:<br><br>Несреќи предизикани при излевање на опасни материјали и други материи: „Еколошки катастрофи“ | Препознавање на причините, карактеристиките и можните последици од различни катастрофи | Усвоени знаења за видови еколошки катастрофи и соодветна заштита при истите | Анета Божиновска |
| 13. | Мај 2027 | Сите вработени | Завршна евалуација и рекапитулација | Да се оцени успешноста на програмата | Подготвен извештај, анкетни листови, препораки | Директор, наставнички совет, тим за самозаштита |

***Тим за обучување за самозаштита : Јадранка Георгијева, Анета Божиновска, Верче М. Стефанова, Александра Луковска, Ирена Мирческа, Валентина Брњарчевска, Вангелка Грујоска***

***Прилог 16.2 ПРОГРАМа ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ НА УЧЕНИЦИ СО И БЕЗ ПОПРЕЧЕНОСТ, ПРОГРАМа ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА АЛКОХОЛ И ТУТУН, ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГИ И ДРУГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ, УЧЕСТВО ВО ИГРИ НА СРЕЌА И МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА***

**А. Програма за заштита на ученици од насилство, злоупотреба и запуштање**

| **Активност** | **Цел** | **Одговорен** | **Временска рамка** | **Доказ / Индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Работилници: „Препознај насилство – побарај помош“ | Подигање свест и развивање емпатија | Психолог / наставник Љубица Тримоска | Октомври | Презентација на ученички парламент |
| Видео и постер-кампања „Безбедно на интернет“ | Превенција од сајбер насилство | Ученички парламент / клуб | Ноември | Видео или постер |
| Видео спот: „Наместо тепачка – разговор“ | Развивање на вештини за ненасилна комуникација | Наставник, психолог, ученици | Март | Едукативно видео пораки |
| Советодавна работа со ризични ученици | Поддршка и интервенција | Психолог/Педагог | Континуирано | Соодветна документација |

***Одговорен наставник: Љубица Тримоска, Ирена Мирческа***

***Б. Програма за спречување дискриминација***

| **Активност** | **Цел** | **Одговорен** | **Временска рамка** | **Доказ / Индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Работилница „Сите сме различни, но еднакви“ | Развивање на толеранција и емпатија | Специјален едукатор и рехабилитатор Вангелка Гријоска / инклузивен тим | 3.12.2026 | Список за присуство, ученички постер |
| Меѓународен ден на лицата со аутизам | Прифаќање на различностите | Тим за инклузија и вклучен националности | 02.04.2027 | Фотографии-документација |
| Дебата: „Како реагираме на говор на омраза?“ | Јакнење на критичко мислење | Психолог/специјален едукатор и рехабилитатор, одговорен наставник и ученички парламент | Март | Записник |
| Советодавна работа со ученици | Поддршка и интервенција | Психолог/Педагог | Контунуирано | Соодветна докуемнтација |

***Одговорен: Вангелка Грујоска, специјален едукатор и рехабилитатор***

**В. Програма за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други супстанци**

| Активност | Цел | Одговорен | Временска рамка | Доказ / Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Едукативен час Пушењето и болестите на ресиративниот систем | Подигање свест за штетност | Наставник по Биологија Анета Божиновска | Ноември | Плакат |
| Работилница: „Отпор на врснички притисок“ | Развивање на самоконтрола | Психолог, ученички парламент | Јануари | Самопроцена од учениците |
| Спортски настан „Без цигари и алкохол“ | Алтернатива на ризично однесување | Наставници по ФЗО | Април/Патронат | Фотографии извештај |
| Кампања „Избери здраво“ | Промоција на здрави навики | Ученички клуб/ ученици од изборениот предмет Унапредување на здравје | Целата година | Изработени материјали |

**Одговорен наставник: Анета Божиновска**

***Г. Програма за спречување учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција***

| Активност | Цел | Одговорен | Временска рамка | Доказ / Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Интерактивна лекција: „Игри на среќа – ризици и последици“ | Превенција на ризично однесување | Наставник по граѓанско образование Силвана Савевска | Ноември | Извештај |
| Промотивен материјал : „Изборот е мој“ | Развивање личен интегритет | Ученици | Февруари | Видео спот |
| Пеер активизам | Креирање ученички тимови - врснички советници | Ученици/ наставник по граѓанско образование | Април | Евиденција на активности |
| Советување за ученици со проблематично однесување | Интервенција и следење | Психолог / педагог | Континуирано | Соодветна документација |

***Одговорен наставник: Силвана Савевска***

***Прилог бр. 17. Програми за подобрување на училишната клима***
***Прилог бр. 17.1. План за подобрување на дисциплината***

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето | Контрола на движењето и посетата на надворешни лица -посетители на училиштето | Директор<br>Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебна година | Безбедно одвивање на наставниот процес |
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор<br>Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебната година | Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на одделенските заедници и Училишниот парламент | Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето | Одд. раководители<br>Одделенски заедници<br>Училишен парламент | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците | Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на соучениците | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените |

**Критериум за успех** – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците
**Инструменти** – писмена евиденција од дежурства на наставниците , евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници
**Индикатор за успешност** – намален број советувања на ученици и родители
**Одговорен за следење** – директор, одделенски раководители, стручни соработници

**Повратна информација** – подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата -почитување на правилата на однесување во училиштето -намален број на изречени педагошки мерки за учениците - намален број на повикани родители на советување -одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиште

***Прилог бр. 17.2. План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето***

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори/ ресурси** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Уредување и одржување на училниците | Во текот на целата учебна година | Одделенски раководители и ученици | Изработки од учениците, готови плакати, други наставни средства и помагала | Разговор, практична работа | Креативно уредена училница и пријатна атмосфера за работа |
| Уредување на училишниот хол и ходниците | Континуирано во текот на цела учебна година | Наставници и ученици | Изработки од учениците, дипломи, пофалници | Разговор, практична работа | Претставување на работата на наставниците и учениците и развивање на креативност и естетски вредности |
| Уредување и одржување на училишниот двор | Според планираните активности | Техничка служба, наставници, ученици, родители и вработени | Алат за работа и садници | Разговор, практична работа | Естетско уреден и функционален училиштен двор |
| Еко уредување на училишниот простор | Континуирано | Наставници и ученици | Еколошки материјали, човечки ресурси | Разговор, практична работа | Развивање на еколошката свест |

***Одговорни наставници: Богоевска Валентина, Татјана Кондратјук, Анастасија Стрезоска, Гордана Менкиноска, Филип Цинцароски***

***План за реализација на активностите за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето***

| Време на реализација | Активност | Реализатор |
|---|---|---|
| Септември | ●Уредување на училишниот хол по повод 1 Септември, првиот училишен ден<br>●Уредување на пано по повод 8 Септември, Ден на независноста на РС Македонија | Тим на наставници за естетско и функционално уредување<br><br>Одделенски и предметни наставници пред својата училница/ кабинет |
| Октомври | ● Уредување на училишниот хол-есен<br>● Уредување на пано по повод Детска недела<br>●Изложба на ликовни и литературни творби по повод 11 Октомври, Ден на Востанието на РС Македонија | |
| Ноември | ●Уредување на пано по повод 13 Ноември, Ден на ослободување на Скопје (ликовни/литературни изработки и фотографи)<br>●Уредување на училишен хол-зима | |
| Декември | ● Уредување на пано по повод 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост<br>➢ Уредување на пано по повод 8 Декември, Ден на Св.Климент Охридски<br>●Уредување на пано по повод Новогодишните и Божиќните празници | |
| Март | ●Уредување на пано по повод 8 Март, Денот на жената<br>●Уредување на пано по повод Ден на пролетта и екологијата<br>Уредување на пано по повод 21 Март – Меѓународен ден на лицата со Даунов синдром | |
| Април | ●Уредување на училишниот хол по повод 1 Април, Ден на шегата и смеата<br>Уредување на пано по повод 2 Април – Светски ден на лицата со Аутизам<br>●Уредување на училишниот хол по повод Велигденските празници<br>●Уредување на пано по повод 22 Април, Ден на планетата Земја | |
| Мај | ●Уредување на пано по повод 1 Мај, Ден на трудот<br>●Уредување на пано по повод 24 Мај, Ден на Сесловенските просветители Св. „Кирил и Методиј“ | |
| Јуни | ● Уредување на училишниот хол со дипломи, пофалници и благодарници по повод постигнатите успеси на учениците и наставниците - ментори во текот на учебната година | |

***Одговорни наставници: Богоевска Валентина, Татјана Кондратјук, Анастасија Стрезоска, Гордана Менкиноска, Филип Цинцароски***

***Прилог бр. 18. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар Акциски план за професионален развој на ООУ "Тихомир Милошевски" учебната 2026/2027 година***

Сите наставници, стручните соработници и директорот ќе учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции кои во оваа програма не можеме да ги планираме бидејќи не се најавени.

Согласно личните планови за професионален развој секој наставник ќе учествува и реализира одредени форми за професионален развој и ќе го евидентира истото.

Се планираат и екстерни обуки, понудени од провајдери за кои може училиштето и/или наставниците да покријат трошоци, а се потребни со детектираните приоритети.

Се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.
За сопствено лично усовршување наставниците и стручните соработници прават личен план за професионален развој заради зајакнување на сопствените професионални компетенции, а врз основа на сопствена самоевалуација, резултатите од интегралната евалуација и од согледувањата од посетите од страна на директорот и советниците од БРО.

Личните планови за наредната учебна година се предаваат најдоцна до август до тимот за професионален развој, а извештаите за истите до јуни. Тимот за професионален развој врши увид во истите и ја согледува реализацијата на истиот. Врз основа на новите лични планови тимот за професионален развој ги определува приоритетите за работа и ги планира во планот за професионален развој на ниво на училиште.

Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ**

**1. Цел**

Континуирано унапредување на компетенциите на наставниците и стручните соработници преку стручно усовршување, размена на добри практики и примена на современи методи на работа.

| Цели | Активност | Временска рамка (месеци) | Носител | Начин на реализација | Ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Развој на професионални компетенции и унапредување на дигиталните компетенции | Работилници и обуки за ИКТ и AI алатки Самоевалуација и професионален развој | континуирано | Тим за професионален развој | спроведување прашалник за самопроцена на наставниците за личните компетенции Анкета за потребни обуки од листата на акредитирани обуки од БРО и МОН | Национални документи, дигитални платформи, стручна литература и ИКТ опрема | Наставниците ги унапредуваат професионалните и дигиталните компетенции и ги применуваат во наставата. Се подобрува квалитетот на наставниот процес преку ефективна употреба на дигитални алатки и современи методи |
| Знаење наспроти вештини | Имплементација на применливо знаење и стекнати вештини на отворени часови со дискусија | Цела учебна година | Стручни активи | Состаници, индивидуални средби, дебата | Учебници, презентации, историски извори, примери од локалната заедница | Секој наставник реализира отворени часови |
| Воспитната улога на училиштето во | Да се зајакнат компетенциите на наставниците за | Ноември | Национални документи и | Стручна служба Наставник-советник Наставници | Наставниците применуваат воспитни | Наставниците ги применуваат соодветни воспитни стратегии во |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| време на социјални мрежи и вештачка интелигенција | препознавање на воспитните предизвици што ги носат социјалните мрежи и вештачката интелигенција | | меѓународни ресурси | | стратегии за развивање одговорно, безбедно и етичко користење на социјални мрежи и вештачка интелигенција | работата со учениците. Тие поттикнуваат одговорно, безбедно и етичко користење на дигиталните технологии и развиваат дигитална писменост кај учениците. |

***Тим за професионален развој:Јулијана Максимовска, Анкица Спасова, Ирена Мирческа, Вангелка Грујоска, Марија Л. Ѓоргиевска, Верче М. Стефанова, Мире Младеновски***

**Очекувани ефекти**

Подобрени професионални компетенции.

Поголема примена на современи наставни методи.

Подобрена соработка и размена на искуства.

Поголема примена на дигитални технологии во наставата

***Прилог бр. 19. Програма за соработка на основното училиште со родителите / старателите***

Соработката со родителите /старателите е континуирана. Наставниците одржуваат индивидуални средби со родителите по потреба , како и редовни родителски средби со цел подобрување на училишниот успех, однесувањето и редовноста на учениците.
Во учебната 2026 /2027 година, заради остварување на заеднички интереси на родителите на учениците и училиштето и оваа учебна година е предвидена и ќе се реализира соработка меѓу родителите и училиштето по следнава програма:

| **Планирана активност** | **Цели** | **Реализатор** | **Ресурси** | **Време** | **Очекувани ефекти и исходи** |
|---|---|---|---|---|---|
| Приредба по повод прием на првачињата во училиштето | Запознавање на учениците со наставниците и училиштето | Директор, наставници, ученици | Програма за приредба | септември | Да се запознаат со наставниците од прво одделение и нивно адаптирање во училиштето |
| Родителски средби на ниво на паралелки | Запознавање на родителите со воспитно-образовната работа во училиштето | Наставници, родители | Годишна програма, понуди за исхрана, списоци за присутност на родители, записници од дневници | септември | Да се запознаат со предметите кои ќе се изучуваат,продолжен престој и избор на родители за Совет на родители |
| Приемни денови I-IX одд. | Информирење на родителите за успехот на учениците | Наставници I-IX одд., родители | Дневници,ученички портфолија | септември | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците |
| Анкетирање на ученици за избор на слободни ученички активности | Запознавање на учениците со понудените слободни ученички активности | Наставници, ученици | Програми за слободни ученички активности,анкетен лист | септември | Секој ученик да се определи за воннаставна ученичка активност која ќе ја посетува |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Прием на првачиња во Детска организација | Вклучување на учениците во Детска организација | Ученициод прво до петто одд,. наставници | Детски пасоши, беџови, заклетва | октомври | Да станат членови во Детската организација и да ја почитуваат заклетвата |
| Родителски средби на ниво на паралелки I-IX одд. | Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од првото тримесечие | Одделенски раководители, родители | Дневници,евидентни листи,записници од дневници, списоци за присутност на родители | ноември | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците |
| Средба со родители вклучени во разни активности | Договор со родители за учество во Новогодишен хепенинг | Родители, наставници | Изработки од ученици и родители | декември | Да изготват креативни рачни изработки и со тоа да се соберат парични средства за потребите во училиштето |
| Полугодишен извештај | Запознавање со успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие | Наставници, родители, Совет на родители | Дневници,извешта | јануари | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие |
| Средби со родители чии деца посетуваат додатна, дополнителна и слободни ученички активности | Запознавање на родителите со постигнувањата напредувањата и афинитетите на учениците | Наставници, Ученици,стручна служба | Програми за додатна, дополнителна и слободни ученички Активности, портфолија на учениците | февруари март | Да се запознаат со постигнувањата напредувањата и афинитетите на учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Родителски средби на ниво на паралелки I-IX одд. | Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од третото тримесечие | Одделенски раководители, родители | Дневници, евидентни листи, список на присутни родители,записници од дневници | април | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците |
| Средба со родители вклучени во разни активности | Договор со родители за учество во Велигденски хепенинг | Родители, наставници | Изработки од ученици и родители | април | Да изготват креативни рачни изработки и со тоа да се соберат парични средства за потребите во училиштето |
| Родителска средба за деветтоодделенци | Запознавање со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација | Родители, одделенски раководители на деветто одделение, ученици | Флаери од средни училишта,анкетни листови,конкурси објавени во дневен печат,список на присутни родители | мај | Да се запознаат со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација |
| Упис на првачиња за следната учебна година | Информирање на родителите за емоционалната, интелектуалната и физичката подготвеност на нивните деца за во училиште | Родители, стручна служба | Набљудување на идните првачиња | мај | Да се запознаат со емоционалната,интелектуалната и физичката подготвеност на нивните деца за во училиште |
| Родителски средби на ниво на паралелки IX одд. | Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од на крајот од учебната година | Одделенски раководители, родители | Дневници,ученички портфолија | јуни | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Средби со директорот и стручната служба во училиштето | Разрешување на индивидуални проблеми | Директор, стручна служба | Педагошка документација и евиденција | континуирано | Разрешување на сите проблеми |

***Одговорни наставници: Валентина Грујоска, Александар Бошков,Валентина Богоевска, Душица Кировска,Кристина Ристовска***

***Прилог бр. 20. Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница***

***Локална заедница***

| **Планирана активност** | **Цели** | **Реализатор** | **Ресурси** | **Време** | **Очекувани ефекти и исходи** |
|---|---|---|---|---|---|
| Средби на литературни и ликовни дружини | Соработка и размена на искуства,мислења и знаења | Членови на секции и наставници | Лични творби по избор и според барања | според потребите | Соработка, дружење |
| Одбележување на денот на Општината и учество на манифестацијата Културно Лето на општина Ѓорче Петров | Одбележување и прославување на денот на Општината иучество на манифестацијата Културно Лето на општина Ѓорче Петров | Членови на секции и наставници | Литературни творби и ликовни изработки | 19-22 септември | Соработка, дружење |
| Соработка на стручен план меѓу училиштата | Размена на знаења и мислења | Наставници, директори | Стручна литература, искуства | ноември-март | Подобрување на работата на училиштата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одбележување на 14 Ноември Денот на ослободување на Ѓорче Петров | Одбележување на празникот | Директор, наставници, Општина | Програми за приредба | ноември | Присуство и придонес во културната манифестација по повод празникот |
| Учество на разни спортски манифестации и натпревари | Натпревар меѓу училишта | Ученици, наставници | Спортски реквизити, игралишта | континуирано | Освојување на награди и дружење меѓу учениците од училиштата на ниво на општината |
| Музички средби | Соработка и размена на искуства,знаења | Ученици, наставници | По избор | според потребите | Соработка, дружење |
| Соработка со претпријатија и установи на ниво на општината „Ѓорче Петров“ | Интегрирање на локалните ресурси | Директор, наставници | Програми и проекти | континуирано | Подобрување на работата во училиштето |
| Училиштето и локалната средина | Имплементирање на училиштето во работата на локалната средина | Училиштето, локалната средина | Годишни програми на наставниците | по потреба | Взаемна соработка на училиштето со локалната средина |
| Манифестации организирани од општината „Ѓорче Петров“ по потреба | Афирмирање на училиштето и унапредување на културната традиција | Директор, наставници, општина | Програми од општината | континуирано | Негување и издигнување на културно ниво |
| Информирање на Градоначалникот и одговорните во општината за | Вклучување на општината и другите организации | Директор, претседател на училишен одбор | Програми, документи | март | Финансиска и друга помош |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Денот на училиштето | | | | | |
| Едукативни запознавања на учениците со структурите на Општината | Запознавање на учениците со структурите на Општината | Ученици, наставници, вработени во Општината | Програми | континуирано | Да се запознаат со структурите на општината |
| Презентирање на резултатите на училиштето остварени во текот на наставната година | Потврдување на јавност во работењето | Директор, одговорни во Општината | Извештаи, Записници, документи | мај | Афирмирање на училиштето |
| Одбележување на патрониот празник на општината „Ѓорче Петров“ | Оддавање почит пред споменикот на Патронот | Директор, наставници | Програма на општината | јуни | Успешна прослава |

***Одговорни наставници: Јелена Василковска, Славица Поповска, Моника Илијевска, Вера Костовска, Анастасија Стрезоска***

***Прилог бр. 22. Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)***

**Член 1**

Одредбите, правилата, задачите и упатствата што се предвидени со овој Правилник се задолжителни за сите вработени, учениците, родителите и посетителите на Училиштето. Кон почитувањето на овој Правилник должни се да се придржуваат сите наведени субјекти со цел да се овозможи непречено одвивање на целокупната воспитно - образовна работа, подигнување на работната дисциплина кај учениците и вработените, а со тоа и подигнување на авторитетот на Училиштето во средината во која живее и работи.

**1. ОДРЕДБИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ**

**Член 2**

Учениците...

- се должни навреме и редовно да доаѓаат на настава
- се должни да се грижат за училишниот простор и имот
- се должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина
- треба да бидат совесни, одговорни, со должно почитување кон сите
- треба да доаѓаат уредни
- на часовите треба внимателно да слушаат и навреме и целосно да ги извршуваат училишните обврски
- треба да придонесуваат за одржување работна атмосфера
- се должни редовно да носат училишен прибор, учебници и тетратки
- се должни да соработуваат со наставниците, стручните соработници и другите субјекти во училиштето
- се должни да покажат почитување и толеранција кон соучениците и наставниците
- се должни да помагаат на помалку успешните ученици
- не смеат недолично да се однесуваат
- не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна
- на часовите не е дозволено да се џвакаат мастики и да се лепат на клупите и столчињата
- не смеат да викаат и трчаат по ходниците
- не смеат да приговараат на опомените на дежурните наставници и другите вработени во училиштето
- по ѕвонењето на ѕвончето учениците веднаш треба да влезат во училницата
- повозрасните ученици не смеат да ги навредуваат и да се однесуваат насилно кон помалите и послабите ученици

- пристојно и трпеливо треба да бидат во училницата пред започнувањето на часот
- не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето
- доколку било кој ученик насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, училницата или училишниот двор,мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску
- кога наставникот зборува, ученикот не смее да го прекинува
- треба да им се обраќаат со ВИЕ на возрасните
- треба да користат молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација
- треба да поздравуваат со добро утро, добар ден и догледање
- не смеат да користат вулгарни зборови кога комуницираат
- се должни да ги почитуваат правилата кои ги договориле со наставникот
- не смеат да носат предмети со кои би можеле да ги повредат другите ученици и вработени;
- треба да покажуваат толеранција со учениците во комуникацијата
- секое незадоволство треба да го искажат со одбрани и пристојни зборови
- се должни да си ги чуваат своите предмети и не смеат да посегнат по туѓите
- не смеат да ги потценуваат способнсотите на своите соученици
- повозрасните ученици се должни да се однесуваат коректно кон помалите
- се должни да ги почитуваат разликите;
- се должни редовно да ги информираат своите родители за случувањата во училиштето
- задолжително треба на родителите да им ги пренесуваат информациите по барање на наставникот и/или стручниот соработник

**Член 3**
Ако наставникот задоцни на часот пет минути, дежурниот ученик го известува за тоа директорот или стручните соработници.
Ако наставникот не дојде, а замена нема, известеното лице одлучува дали учениците ќе останат во училницата или ќе излезат во дворот на училиштето.

**Член 4**
На учениците им е забрането да пушат или да консумираат алкохолни пијалоци.
На учениците им е забрането да внесуваат предмети што не се поврзани со наставата(мобилни телефони, накит и слични вредни работи). Доколку ученикот носи мобилен телефон, истиот треба да го остави во  шкаф поставен на влезот на училиштето. Доколку го употребува за време на наставата без дозвола од  наставникот, тој има право да му го одземе и истиот го доставува кај директорот на училиштето од каде може да го земе само родителот од ученикот. По завршувањето на часовите си го зема од

определеното место.
Се забранува внесување на опасни, запалливи и експлозивни средства со кои се загрозува безбедноста на учениците, вработените во училиштето.

**Член 5**
Учениците не смеат неоправдано да отсуствуваат од часови. Отсуствувањето од одреден час го одобрува предметниот наставник, а отсуствувањето во текот на целиот ден го одобрува одделенскиот раководител. Подолгите отсуства ги одобрува директорот.

**Член 6**
Самоволното напуштање на часот, пред и за време на настава од страна на ученикот се смета за прекршок и за тоа покрај неоправдан изостанок се изрекува и соодветна педагошка мерка.

**Член 7**
Забрането е секаков вид на насилство меѓу учениците, доколку се случува насилство врз нив или пак се набљудувачи нивна должност да го пријават кај одделенскиот раководител, стручните соработници или пак кај кој било вработен од училиштето кај што тие се чувствуваат најсигурни.

**Член 8**
Следуваат видовите на насилство кои можат да се појават помеѓу учениците, а се строго забранети:

- Физичко насилство - удирање чврги, штипење, гребење, кубење, гризење, валкање, шутирање, сопнување, шамарање, удирање, газење, кинење на облеката затворање, плукање, одземање и уништување на сопственост, тепање, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици укажана помошод лекар, напад сопалка, нож, оружје кои може да имаат фатален исход, предизвикување на изгореници забрана нахрана и спиење, изложување нанискi температури, уништување на предмети.
- Емоционално/ психичко насилство - исмевање, омаловажување, озборување, навредување,ословување сопогрдни имиња, пцуење, имитирање, прозивање уценување, закани, неправедно казнување, забрана за комуницирање, етикетирање, исклучување, отфрлање, манипулирање застрашување соуцена, рекетирање, ограничување надвижење, наведување накористење на психоактивни супстанции (легални или нелегални), вклучување восекти, занемарување.
- Социјално насилство - дофрлање, потсмевање, игнорирање, сплеткарење, отфрлање, игнорирање, невклучување, неприфаќање, манипулирање, експлоатација, исклучување од групата врз дискриминаторска основа, навреди и вознемирување, сериозни закани за животот, терор на групанад поединец/група, дискриминација,организирање на затворени групи (кланови), навреди и вознемирување на дискриминаторска основа.
- Сексуално насилство/ злоупотреба - дофрлање, пцуење, негативни коментари, гестикулации со сексуална алузија, сексуално допирање, соблекување.

- Кибер насилство - повремени вознемирувачки повици на телефон, вознемирувачки СМС,ММС пораки, вознемирувачки пораки на социјалните мрежи злоупотреба на форуми и четувања, дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност, снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани.

Секое насилство подетално е опишано и категоризирано според табелите 1, 2 и 3 дадени во Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување, а според тежината и такви мерки ќе бидат превземени за разрешување на случајот.

**Член 9**

Учениците ќе бидат информирани за сите видови насилство и мерките кои се превземаат доколку се идентификува првично од своите одделенски раководдители и наставници, а потоа во текот на цела учебна година континуирано преку активности ќе се работи за одржување на безбеден и сигурен образовен процес.

Информирањето на учениците ќе биде на соодветен начин, приспособен на нивната возраст.

При упис на ученици, училиштето е должно да ги информира родителот/старателот и ученикот на разбирлив начин соодветен за возраста и зрелоста, за содржината на упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување.

**Член 10**

Училиштето има обврска да спроведе постапката за пријавување и заштита на ученик - жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Училиштето ја почитува приватноста на учениците при спроведувањето на упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување.

При спроведувањето на мерките на заштита на мерките на заштита на ученик жртва и мерките за промена на однесувањето на учениците сторители ќе се разговара во приватни простории. При одлучувањето и спроведувањето на овие мерки ќе се вклучат само неопходните лица, во согласност со Упатството

Учениците ќе бидат информирани кои се другите лица со кои ќе биде споделена информацијата, нивната улога и обврски во понатамошните постапки мерки и активности.

Секое насилство се евидентира во посебно за тоа даден формулар.

Во училиштето е определено лице за контакт за пријавување на насилство - психолог и заменик – наставник.

Доколку насилството се повторува или се случува потешка форма на насилство може да се повикаат претставници од други институции како полиција, Центар за социјални работи, здравствени установи, согласно околностите на случување на насилството

Целта на интервенцијата е, пред сѐ, да се запре насилството и злоупотребата, да му се обезбеди сигурност на секој ученик , да се намали ризикот од повторување на насилството и да се ублажат и отстранат последиците од него.

Интервенцијата го опфаќа следново:

- Усогласена и доследна примена на утврдените постапки и процедури во ситуации на насилство;
- Соработка со релевантните институции и служби;
- Континуирано евидентирање на случаите на насилство, следење и вреднување на видовите и зачестеноста на насилството по пат на истражување, забележување и проверка;
- Давање поддршка научениците кои трпат насилство;
- Работа со учениците кои вршат насилство;
- Зајакнување на учениците кои се набљудувачи на насилството и насоки за конструктивно реагирање;
- Советодавна работа со родителите на учениците кои трпат насилство и на децата кои вршат насилство

**Член 11**

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението.

Доколку се работи за насилство се применуваат и следниве мерки за заштита на жртвата од насилство:

- преместување на сторителот во друга парарелка,
- физичко оддалечување од жртвата,
- забрана на сторителот да и се приближува на жртвата, доколку посетуваат вонучилишни активности, екскурзии или училишни клубови,
- преместуавање на сторителот во друго училиште со цел да се прекине преживувањето на траумата и да се започне на интеграција на жртвата (за спроведување на оваа мерка училиштето соработува со Локалната самоуправа и Министерството за образование и наука).

## 2. ОДРЕДБИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

**Член 12**

Наставниците на работа доаѓаат најмалку 15 минути пред почнувањето на наставата, а дежурните наставници 20 минути пред започнувањето на наставата.

Дежурните наставници го организираат дисциплинираното влегување на учениците во училиштето, нивното однесување за време на одморите и се грижат да не доаѓа до оштетување на објектот или инвентарот во училиштето се до завршувањето на наставата.

Дежурниот наставник е должен:

- пред почетокот на наставата да го провери присуството на наставниците и доколку има евентуално отсутни наставници го запознава директорот на училиштето за да се превземат мерки за организирање замена.
- да ја кординира работата во однос на одржувањето на часовите и другите активности во училиштето. Наставниците се должни на време да го започнуваат наставниот час, да не го напуштаат предвреме часот и за секое напуштање или не доаѓање на час на време да го известуваат директорот на училиштето.

Користењето слободен ден наставникот го најавува, односно поднесува барање до директорот на училиштето. Наставниците мора да внимаваат за својот авторитет пред учениците, родителите и средината во која работи училиштето и во тој поглед да ги почитуваат законските прописи и нормативните акти на училиштето.
Задолжително се придржуваат на распоредот за дежурства, а исто така се должни да се грижат и за нагледните средства и техничките помагала.
Наставникот на секој час води сметка за состојбата на компјутерите во училницата во која влегува, за што е должен да ги провери пред почетокот на часот.
Дневниот одмор наставниците ќе го користат за време на големите одмори.
Дежурствата од наставниците се запишани во неделниот распоред на часови.
Секоја промена на распоредот, меѓусебни замени на часовите меѓу наставниците или промена на училница претходно треба да се најави кај директорот на училиштето

**Член 13**
Секој наставник е должен да биде присутен во училиштето во периодот определен за прием на родители, а истиот е истакнат на огласната табла во училиштето.

**Член 14**

Наставниците/стручните соработници мора да внимаваат за својот авторитет пред учениците, родителите и средината во која работи училиштето и во тој поглед да ги почитуваат законските прописи и нормативните акти на училиштето
Наставникот/стручниот соработник:

- Секогаш треба да е пример со својот изглед и своето однесување, да претставува позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесува во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- Не смее да ја користи сопствената позиција за да обезбеди лични привилегии;
- Должен е професионално да се однесува и да има недискриминаторски однос кон учениците;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки:
- Должен е редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;

- Треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навремено да го повикува родителот за постигањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Должен е да го упатува родителот на помош од компетентни лица во ситуации кога за тоа има потреба;
- Потребно е да го почитува секој свој колега, да соработува, да разменува мислења и искуства врзани за работата. Соработката треба да се темели врз несебично споделување, знаења, искуства и добри практики. Помош кон колегите и приправниците почитувајќи го нивниот авторитет и личност. Односот кон колегите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;
- Треба да реагира во случај кога колегите ги кршат стандардите за професионално однесување и етичките принципи на професијата и не злоупотребува информации за професионалната работа и за приватниот живот на колегите;
- Должен е одговорно се однесува кон ресурсите на училиштето;
- Треба да не прифаќа сугестии, притисоци од колеги, надредени или други лица што бараат однесување што е спротивно на професионалните и етичките норми;
- Должен е да се ангажира во работата на стручниот актив;
- Должен е редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Должен е да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во училницата/училиштето;
- Треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени

**Член 15**

Секој наставник е должен да биде присутен во училиштето во периодот определен за прием на родители, а истиот е истакнат на огласната табла во училиштето.

Наставникот/стручниот соработник соработува со родителите на учениците така што:

- ги вклучува во донесувањето на одлуки поврзани со грижата за нивните деца и нивното учење;
- им дава навремени и детални информации за состојбата на нивните деца освен во случај кога тоа не е во најдобар интерес на детето;
- во работата со учениците ги зема предвид информациите кои родителите му ги дале за состојбата на нинвите деца;
- ги разбира и излегува пресрет на потребите на семејствата на потребите на семејствата од ранливи категории во рамките на својата професија;

Наставникот/стручниот соработник кон родителите се однесува етички и со почит така што:

- во комуникацијата со нив задржува професионална дистанца;

- со нив се однесува со разбирање, почит, непристрасно и правично;
- ги сослушува и почитува нивните гледишта;
- создава взаемна доверба;
- ја почитува приватноста и доверливоста на информациите за учениците и нивните родители/старатели/семејства.

**Член 16**

Наставникот/стручниот соработник создава можности сите ученици да учат и напредуваат така што:

- Добро ги познава своите ученици, ги почитува нивните индивидуални разлики и способности и обезбедува квалитетна воспитнообразовна работа, прилагодена на нивните потреби;
- Ги мотивира и им помага на учениците да ги развиваат своите способности, вештини и таленти;
- Ги поттикнува учениците да размислуваат за сопствените вредности и да ги развиваат истите;
- Прифаќа одговорност за постигнувањата и напредокот на учениците.

Кон учениците се однесува со грижа и почит така што:

- Покажува грижа за безбедноста и за физичката, пихичката и социо-емоционалната добросостојба на учениците;
- Создава взаемна доверба со учениците и ги заштитува од заплашување, срам, понижување, атак врз нивната автономија или било каков друг вид на насилство;
- Со учениците се однесува со разбирање, почит, непристрасно и правично и ја почитува приватноста и доверливоста на информациите за учениците и ги користи само во најдобриот интерес на ученикот и во согласност со законските барања.

Наставникот/стручниот соработник со учениците се однесува непристрасно и професионално така што:

- Рамноправно ги третира сите ученици и неселективно им дава поддршка во рамките на професионалните компетенции;
- Ги сослушува и почитува гледиштата на учениците;
- Транспарентно и непристрасно донесува одлуки што се во најдобар интерес на учениците;
- Во комуникацијата со учениците во сите ситуации задржува професионална дистанца;
- Релациите со учениците не ги користи за остварување на лични цели и придобивки.

**Член 17**

- Сите наставници и стручни соработници треба да бидат вклучени во делот на превенција на насилство во училиштето
- Наставникот/стручниот соработник треба биде вклучен во превземање дејства за заштита, пријавување насилство, започнување постапка за заштита, сведочење во текот на постапката или на друг начин учество во постапка за заштита од насилство, дискриминација или друга повреда на правата на учениците;
- Доколку наставникот/стручниот соработник кој спроведува мерки и активности за заштита од насилство има судир на интереси

должен е да го изјави тоа и да се изземе од тимот;

- Секој наставник/стручен соработник е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство врз ученик и да дејствува во секое време кога ученик ќе побара било каква помош од него или ќе се пожали на било која форма на насилство;
- Наставникот/стручниот соработник внимава на знаците кои можат да се појават кај учениците, а се поврзани со насилство: на физички, физиолошки и емоционален план, како и во однесувањето на учениците на училиште и дома;
- Наставниците/стручните соработници се должни веднаш да го прекинат насилството, но доколку проценат дека не можат сами веднаш треба да повикаат полиција. За истото треба да го информираат контакт лицето назначено од училиштето и родителот, освен кога информирањето на родителот не е во најдобар интерес на ученикот;
- Одделенските раководители и раководителите на пралелките се должни најмалку еднаш годишно и секогаш кога има потреба на часот на одделенска заедница да разработуваат содржини, да спроведуваат работилници, интерактивни вежби и дискусии на теми поврзани со спречување и заштита од насилство согласно потребите на паралелката;
- Наставниците/стручните соработници во рамките на воннаставните активности се должни да организираат активности за спречување и заштита од насилство.

**Член 18**

Наставниците/стручните соработници треба непристрасно да ги почитуваат одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси

- Наставникот/стручниот соработник е должен да ги пријави сознанијата при прекршувањето на Законот до Државната комисија за спречување на корупција;
- Наставникот/стручниот соработник треба да се воздржи од дејствување под влијание на примена корист од било каков вид или ветување за примање на корист.

**3.ОДРЕДБИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ**

**Член 19**

Секретарот на училиштето е должен своите работи и работни задачи да ги обавува секојдневно во континуитет.
Напуштањето на работното место мора да биде со знаење на директорот на Училиштето.

**Член 20**

Без потреба никој нема право да се задржува во просториите на администрацијата.

**Член 21**

Директорот:

- Мора да внимава на својот авторитет пред учениците, вработените, родителите и средината во која работи училиштето и во тој поглед да ги почитуваат законските прописи и нормативните акти на училиштето.
- Секогаш треба да е пример со својот изглед и своето однесување, да претставува позитивен модел во училиштето и заедницата, етички и морално се однесуваат во јавниот простор и при сите видови комуникација во училиштето, надвор од него и преку социјалните медиуми;
- не смее да ја користи сопствената позиција за да обезбеди лични привилегии;
- Во својата работа најпрво треба да се води од најдобриот интерес на детето/ученикот.
- Должен е професионално да се однесува и да има недискриминаторски однос кон учениците;
- Потребно е да ги почитува сите вработени подеднакво, да соработува, да разменува мислења и искуства поврзани со работата.
- Односот кон колегите треба да биде професионален, недискриминаторски и невознемирувачки почитувајќи ја приватноста и доверливоста на информациите, освен во случај истите да се во судир со законот;
- Треба да реагира во случај кога колегите ги кршат стандардите за професионално однесување и етичките принципи на професијата и не злоупотребува информации за професионалната работа и за приватниот живот на колегите;
- Должен е одговорно се однесува кон ресурсите на училиштето;
- Да не прифаќа сугестии, притисоци од колеги, надредени или други лица што бараат однесување што е спротивно на професионалните и етичките норми;
- Треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во училиштето;
- Треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени.

**Член 22**

Директорот треба да биде вклучен во делот на превенција и интервенција на насилство во училиштето:

- Да дава поддршка и го овозможи процесот на превенција и интервенција на насилство во училиштето;
- Да биде вклучен во превземање дејства за заштита, пријавување насилство, започнување постапка за заштита, сведочење во текот на постапката или на друг начин учество во постапка за заштита од насилство, дискриминација или друга повреда на правата;
- Доколку директорот кој спроведува мерки и активности за заштита од насилство има судир на интереси должен е да го изјави тоа и да се изземе од тимот;
- Директорот е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство врз ученик и да дејствува во секое време кога ученик ќе побара било каква помош од него или ќе се пожали на било која форма на насилство.

**Член 23**

Директорот треба непристрасно да ги почитува одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси

- Директорот е должен да ги пријави сознанијата при прекршувањето на Законот до Државната комисија за спречување на корупција;
- Директорот треба да се воздржи од дејствување под влијание на примена корист од било каков вид или ветување за примање на корист.

## 4. ОДРЕДБИ ЗА ПОМОШНИТЕ РАБОТНИЦИ

**Член 24**

Помошните работници и хаус-мајсторот должни се да го одржуваат училиштето, дворот и инвентарот во целосна исправност и подготвеност за непречено одвивање на наставно воспитната работа во училиштето

**Член 25**

Хигиеничарите се должни да ги исчистат просториите пред отпочнувањето на наставата како истата би се одвивала во нормални хигиенски услови.

За време на одржувањето на наставата се должни после секој одмор да ги чистат ходниците, скалите и тоалетите, а задолжително после големиот одмор да се празнат и корпите за отпадоци од секоја училница како и да се чисти училишниот двор.

Во своето работно време хаус мајсторот е должен секојдневно да врши проверка на инвентарот и секоја штета да ја отклони. Ако штетата не е во состојба да ја отклони е должен на време да ги запознае директорот и секретарот на училиштето.
Градинарот е должен да се грижи за зелените површини во училиштето (косење на тревата и друго хортикултурно уредување на дворовите).

## 5. ОДРЕДБИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ И ПОСЕТИТЕЛИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО

**Член 26**

Во училиштето се забранува влегување на лица кои не се вработени и кои не учат во училиштето, без претходна најава кај дежурните ученици или дежурниот наставник, кој ќе ги упати за нивната посета.

**Член 27**

Родителите:

- Се должни да го почитуваат куќниот ред на училиштето
- Се должни редовно да се информираат за постигнатиот успех, редовноста и поведението на нивното дете
- Се должни редовно да ги исполнуваат обврските што ги имаат кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуства од часови на учениците, консултации со наставниците и сл.)

- Треба задолжително да присуствува на родителските средби во училиштето
- треба да знаат дека нивните постапки се пример за однесувањето на нивните деца
- во училиштето треба да влегуваат во пристојна облека
- се должни да се најават на електронски дневник

**Член 28**

Родител на ученик може да дојде кај наставник само во оној термин кој е даден како приемен ден на тој наставник. Приемните денови на секој од наставниците се истакнати на огласната табла на училиштето.

**Член 29**

Родителот има право во секое време телефонски да се јави во училиштето доколку сака да добие некаква информација или нешто да најави.

**Член 30**

Родителите/старателите на жртвата и на сторителот се вклучуват во изработката на планот за заштита на ученикот – жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на најдобриот интерес на детето. Доколку родителите/старателите се несоработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштетое должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку родителите/старателите се однесуваат насилнички или училиштето проценува дека може да дојде до насилство или штета кон вработен во училиштето, други ученици или родители/старатели на друг ученик, освен Центарот за Социјална работа ќе се повика и полиција. Зависно од околностите на случајот може да се извести и Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Народен правобранител и да се побара правна помош од Министерството за правда или Здруженија на граѓани

**Член 31**

Се забранува родителите да разрешуваат одделни состојби со учениците, како и меѓусебни расправии родител – родител и нивно инволвирање во организацијата на работата и внатрешната работа на училиштето. Родителите се должни на коректен однос кон вработените и учениците во училиштето.

**Член 32**

Родител на ученик може да дојде кај наставник само во оној термин кој е даден како приемен ден на тој наставник.

**Член 33**

Приемните денови на секој од наставниците се истакнати на огласната табла на училиштето.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 34**

Секој вработен има право на користење на два слободени дена, со претходна најава, а сите други отсуства ќе бидат регулирани согласно со Закон и Колективен договор.

**Член 35**

Училиштето е должно да организира и обезбеди исхрана на учениците, а вработените во целост да ги исполнуваат задачите што ќе произлегуваат од организирањето на исхраната.

**Член 36**

Од училиштето не смее да се изнесуваат предмети или друг материјал без одобрение на директорот.

**Член 37**

Се забранува внесување и консумирање на алкохол во просториите на училиштето.

**Член 38**

По завршувањето на работното време во училиштето, се заклучуваат просториите и училишните влезни врати.

**Член 39**

Кон одредбите на овој Правилник на Училиштето должни се да се придржуваат учениците и вработените, а секое непочитување на истиот ќе повлекува соодветни дисциплински мерки и материјално казнени мерки.

**Член 40**

Вработените во училиштето се должни меѓусебно да се почитуваат, толерираат и да одржуваат добри меѓучовечки односи во колективот. Истото важи и кон учениците и родителите на учениците и другите посетители во Училиштето.

**Член 41**

Со овој Правилник се запознати сите вработени, а со делот на учениците информирањето ќе го направат одделенските раководители на одделенските часови. Родителите ќе бидат известени на родителските средби.

**Член 42**

Измени и дополнување на Правилникот можат да се прават по барање на вработените, учениците или Директорот и Училишниот одбор на училиштето.

**Член 43**

Овој Правилник стапува во сила со неговото донесување од страна на Наставничкиот совет на училиштето.

***Прилог бр. 23. Програма за следење и евалувација на годишната програма за работа***

<table>
<tr><th>Подрачја за следење</th><th>Начин и време на следење</th><th>Одговорно/ни лице/а</th><th>Кој треба да биде информиран за следењето</th></tr>
<tr><td>Планирање, настава и учење:<br>1.1 Планирања на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето 1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари</td><td>Увид во работата на наставниците<br>-увид во постигањата на учениците<br>- протоколи за следење на часови<br>- дискусии<br>- прашалници<br>-записници<br>- извештаи<br><br>Континуирано</td><td rowspan="2">Комисија за следење и евалуација на Годишната програма за работа</td><td>Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина</td></tr>
<tr><td>Постигања на учениците:<br>2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата</td><td>Следење на календарот на оценување; увид и следење на објективноста и транспарентноста на оценувањето; споредбени анализи на постигањата,<br>напредокот, успехот, редовноста и поведението на учениците по предмети,<br>одделенија и на ниво на училиштето. Записници од одделенски и наставнички</td><td>Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | совети, извештаи<br>На крајот на класификациските периоди. Континуирано и по потреба. | | |
| Училишна клима и односи во училиштето<br>3.1 Училишна клима<br>3.2 Еднаквост и правичност<br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br>3.4 Севкупна грижа за учениците | Следење на односите меѓу сите структури во училиштето, почитување на етичките кодекси.<br>Увид и поддршка во реализација на акциите, проектите, хуманитарните акции и Хепенинзи<br>Континуирано | | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина |
| Управување, раководење и креирање политики:<br>4.1 Управување и раководење со училиштето<br>.2 Цели и креирање на училишната политика | увид во записници од состаноци, реализација на одлуките на органите на управување, самоевалуација на менаџерскиот тим и анкети за професионално задоволство на кадарот<br>Се анализира ефикасноста во донесувањето одлуки и транспарентноста на процесите<br>компаративна анализа меѓу зацртаните стратешки цели (од Развојната и Годишната програма) и реално постигнатите резултати<br>Се следи степенот на инклузивност при креирањето на политиките (дали се вклучени сите засегнати страни) и усогласеноста со законските регулативи (биро за развој на образованието, министерство).<br>Континуирано | | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, Совет на општина |